**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# ТЕМАТСКОТО УРЕДУВАЊЕ ВО ВИЗАНТИЈА ДО 1025 ГОДИНА

**(МАГИСТЕРСКА ТЕЗА)**

**Ментор:** **Кандидат:**

**Проф. Д-р Александар Атанасовски** **Габриела Симонова**

# ВОВЕД

Тематското уредување како воено-административен систем на византиската држава се појавува во VII в., заменувајќи ја на тој начин старата провинциска поделба на Империјата. Провинцискиот систем не исчезнал веднаш и сосема, туку егзистирал паралелно со системот на темите, постепено стопувајќи се во него. Тематското уредување го добило својот назив по највисоката воено-административна единица-тема. Паралелно со темите постоеле и други воено-административни единици т.н. нижи единици на тематското уредување во кои се одиграл истиот процес на спојување на воената и цивилната власт во рацете на воениот старешина. Воведувањето на тематската организација претставува процес, а аналогно на тоа постојат и повеќе развојни фази во нејзината изградба.

Интересот во науката за проучувањето на оваа проблематика се јавува на преминот од XIX во XX в., кога всушност и започнува систематското проучување на византиската историја, воопшто.

Меѓу првите византинолози кои почнале да се интересираат за административното уредување на Византиската империја, бил Шарл Дил. Тој своите сознанија ги презентирал во неговите дела: Études sur l’administration Byzantine dans l’exarchat de Ravenne (568-751), Paris 1888.; L’origine du régime des thèmes dans l’Empire byzantine, Études Byzantines (1905) 276-292.

Овие први научни сознанија ги проширил и надоградил Хајнрих Гелцер, кој во Лајпциг (1899) ја објавил својата расправа за постанокот на тематското уредување (Die Genesis dez byzantinischen Themenverfassung).

Во Русија за оваа проблематика пишувал Ф. И. Успенски, кој резултатите од своите истражувања ги објавил во статијата (Военное устройство византийской империи, Известия Русск. Археол. Инст. в Константинополе, 1900, 154-207).

Во Англија, пак, Џон Бјури бил еден од првите византинолози кој му дал правец на истражувањето на византиското управно уредување, објавувајќи ги своите резултати во делото (The Imperial Administrative System in the Ninth Century, London 1911).

Овие првични резултати во проучувањето на тематското уредување, значајно ги проширил и надоградил Г. Острогорски, кој објавил неколку свои статии од оваа област. Така тој во 1952 г. ја објавил статијата: Постанак тема Хелада и Пелопонез, ЗРВИ 1 (1952) 64-75. Исто така биле објавени уште три статии кои се однесуваат на оваа тема и тоа: Sur la date de la composition du Livre des Themes et sur l'epoque de la constitution des premiers themes d'Asie Mineure, Byzantion 23 (1953) 31-66. Времето на настанувањето на тематското уредување (Berichte zum XI. Internationalen Byzantinisten – Kongress, München 1958, Korreferate, 1-8) и L'exerchat de Ravenne et l'origine des themes byzantins, VII Corso di cultura sull'arte ravennate e bizantina, Ravenna, 1960, Fasc. I, 99-110.

За темите пишувал и А. Пертузи, кој објавил две статии за ова прашање и тоа: Nuova ipotesi sull'origine dei "temi" byzantini, Aevum 28 (1954) 126-150.; La formation des themes Byzantines, Berichte zum XI Intern. Byzantinisten Kongress 1, München, 1958.

На просторите на поранешна Југославија, најголемо внимание на ова прашање посветил Јадран Ферлуга, кој објавил неколку статии од кои ги набројуваме следните: Ниже војно-административне јединице тематског уређења, ЗРВИ 2 (1953); О неким аспектима изградње тематског уређења на Балканском полуострву, Зб. Филозофског факултета 8/1, Београд 1964.; Sur la date de la creation du theme de Dyrrachium, Actes du XII congre's international D'etudes byzantynes, Ochrid (10-16 sep.) vol II, Beograd 1964.

Ги наведовме авторите, кои меѓу првите почнале да се занимаваат со оваа проблематика, заедно со нивните најзначајни дела во кои што ги презентирале своите резултати од проучувањето на тематското уредување; и можеме да заклучиме дека е направен видлив напредок во истражувањето на овој дел од византиската историја.

Тематското уредување досега главно било проучувано парцијално т.е. биле проучувани одделни прашања од оваа проблематика и резултатите пред сé, биле презентирани во помали трудови-статии. Тематската организација била проучувана исто така и како еден дел од интегралната византиската историја, притоа сознанијата биле презентирани во пообопштена форма.

Кај нас во Р. Македонија, досега оваа проблематика не била третирана во историографијата, како што е впрочем тоа и со многу други прашања од византиската историја.

Македонија (географски и политички), како дел од византиската држава била интегрирана во тематскиот систем, оттаму и нашиот интерес за проучување на оваа проблематика. Со оглед на тоа што не постои пообемен и посистематизиран труд на оваа тема, сметавме дека истражувањето на овој проблем претставува нужност.

Изразена во поопшта форма, нашата тематска определба ја сместуваме во две меѓусебно поврзани целини: временска и просторна.

Временски, нашата тема ја лоцираме во рамките од VII до почетокот на XI век. Овој временски распон ја вклучува во себе појавата на тематското уредување, неговата постепена изградба ( која подразбира преминување од една развојна фаза во друга) сé до неговата целосна изградба и унификација.

Просторно пак, нашиот интерес се задржува на малоазискиот дел од Византија, каде што се појавува за првпат тематскиот систем и на европското подрачје од Византија т.е. на Балканот. Најголем дел од нашето истражување го посветуваме на балканските теми, поради тоа што Македонија (географски и политички) е интегрирана во нив.

Со оглед на тоа што, научната методологија подразбира аналитичност и сеопфатност при истражувањето како проблемот би се согледал сестрано и објективно, потребно е да ја допрецизираме нашата тема. Првенствено, ја скицираме општествено-политичката ситуација во Византија, непосредно пред појавата на тематската организација т. е. ги согледуваме предусловите кои довеле до појава на новото уредување. Бидејќи, изградбата на тематското уредување е утврдена како процес, кој вклучува неколку развојни фази, подразбира следење како на интензитетот така и на нивниот временски распон. Освен на тоа, соодветно внимание посветуваме и на внатрешното уредување на темите, меѓусебната условеност на тематскиот систем со категоријата- слободното селанство, а укажуваме и на значењето на овој систем, кој егзистирал со својот полн капацитет до почетокот на XI век.

**ГЛАВА ПРВА**

## I. ПРЕДУСЛОВИ ЗА ПОЈАВАТА НА ТЕМАТСКОТО УРЕДУВАЊЕ

### 1. Воено - административниот систем во Византија до Ираклиј

Воено-административниот систем во Византија за време владеењето на Константин I Велики (324-337)[1] претставува продолжение и дополнување на системот кој го вовел Диоклицијан (284-305), поради тоа овој систем најчесто во науката е познат како Диоклицијаново-Константинов систем.

Диоклицијан ја поделил територијата на Царството на 12 диецези, а пред крајот на IV век нивниот број се зголемил на 14. Диецезите потоа се делеле на провинции. Била направена и реформа во војската. Пред Диоклицијан, легиите биле распоредени во одделни провинции и толку многу биле врзани со распореденото место што во случај на потреба било многу тешко да бидат префрлени на некоја друга граница. Немало мобилни војски, ниту појаки воени резерви внатре во Царството: постоела само, преторијанската гарда во Рим. Од времето на Диоклицијан војската била поделена во две основни категории: во погранични групи (limitanei), кои постојано се наоѓале на определена гранична зона и на мобилни единици, кои според потребите можеле да се префрлаат од една на друга граница (comitatenses)[2].

---

[1] Владеењето на Константин I во науката е прифатено како почеток на византиската историја, бидејќи тогаш настануваат крупни промени, како што се христијанизацијата на Царството и основањето на новата престолнина на Исток. Острогорски, ја дефинира Византија како “христијанизирано кон хелинистичкиот Исток свртено Римско царство”. Сп: Острогорски Г., Периодизација византијске историје, Из византијске историје и просопографије, Сабрана дела књ.3, Београд 1970, 10-11, 14 и таму наведената литература.

[2] Острогорски Г., Историја на Византија, прев. Б. Цветковски-Ж. Андреевски, Скопје 1992, 48, 58-59; Машкин Н. А., Историја на стариот Рим, прев. Б. Цветковски-Ж. Андреевски, Скопје 1995, 558-559; Византийская армия IV-XIII веков, 6. Византийская держава. < http:// byzantion.ru / >

Задржувајќи ја административната поделба на Царството на диецези и провинции, Константин го поделил Царството на четири префектури- Исток, Илирија, Италија и Галија. Секоја префектура опфаќала неколку диецези, а секоја диецеза поголем број на провинции. Рим и Цариград биле изземени од надлежноста на префектите на преториите и биле потчинети на своите градски префекти, кои по преториските префекти имале највисок ранг меѓу државните чиновници. Константин ја довршил и започнатата воена реформа на Диоклицијан со тоа што новата подвижна војска exercitus comitatensis, која би требало да служи и како воена резерва против надворешни непријателски напади и како потпора на царската власт против внатрешни преврати, значително ја надминува својата првобитна улога на гардиски одред. На преторијанската гарда Диоклицијан во голема мера ѝ ја намалил активноста заради нејзиното самоволие и склоност да издигнува и симнува цареви, за да Константин по битката кај Милвискиот мост конечно ја ликвидира. Додека пак, пограничната војска од своја страна добива специјален карактер. Имено, војниците-граничари, стационирани на лимесот и наречени limitanei, како награда за својата служба добивале земјишни поседи[3]. Според тоа тие претставувале некој вид на селска милиција, која живеела од приходите на своите имоти и ги бранела државните граници од непријателски напади[4].

Особено значајна карактеристика на Диоклицијановиот и Константиновиот управен систем претставува принципот на одвојување на воената и цивилната власт. Цивилната управа на провинциите се наоѓала исклучиво во рацете на нејзиниот намесник, а воената власт ја имал дуксот, кој стоел на чело на војската на една или повеќе провинции. Овој принцип бил спроведен грижливо во целата провинциска управа[5].

---

3 Оваа практика на давање земја, на пограничните одреди со обврска за служење воена служба била воведена уште од времето на Александар Север (222-235), но во времето на Константин добива поголемо значење. Византийская армия IV-XIII веков,6. Византийская держава.< http:// byzantion.ru / >

4 Острогорски Г., Историја на Византија, 59; Машкин Н. А., Историја на стариот Рим, 568-569.

5 Острогорски Г., Историја на Византија, 49-50; Машкин Н. А., Историја на стариот Рим, 569.

Значајно е да се напомене дека за време на целиот доцноримски односно рановизантиски период, како што уште се нарекува временскиот распон од Константин I до Ираклиј, се задржал овој воено-административен систем со извесни мали отстапувања. Тој период е окарактеризиран со варваризирање на римско-византиската војска. Највредниот елемент во царската војска го сочинуваат варварите, посебно германските племиња[6]. Бројот на странските наемници со текот на времето расте, а почнувајќи од IV век угледните варвари се пробивале и во офицерскиот кадар[7].

Сите овие мерки што ги спровеле Диоклицијан и Константин, а кои се базираат на строго разграничување на цивилната и воената, централната и провинциската управа; очигледно имале за цел да се избегне било каква поголема концентрација на власта во рацете на едно лице и со тоа да се зацврсти авторитетот на царот кој стоел на чело на целокупниот државен апарат како врска меѓу одделни управни гранки.

Извесни мали отклонувања од Диоклицијаново-Константиновото уредување се направени во Јустинијановиот период (527-565). Тие отстапувања се состојат во спојувањето на воената и цивилната власт во извесни области и тоа така што предност на одредени места им е дадена на претставниците на цивилната управа, а на други места на воената власт[8]. Меѓутоа со овие пригодни мерки, кои останале ограничени само на некои покраини, не настанува нова државна организација, ниту пак тоа значи дека бил укинат системот што го воспоставиле Диоклицијан и Константин. Потврдата за тоа ја наоѓаме во повторното освојување на Италија каде царот побрзал да го воспостави традиционалното уредување,

[6] За германските племиња и нивното вклучување во византиската армија како федерати, види: Bury J. B., A History of the Later Roman Empire from the death of Theodosius I to the death of Justinian, vol. I, New York (фототипно издание, според изданието од 1958), 96-101.

[7] Острогорски Г., Историја на Византија, 60.

[8] Bury J. B., A History of the Later Roman Empire from the death of Theodosius I to the death of Justinian, vol. II, New York (фототипно издание, според изданието од 1958), 339.

запазувајќи го принципот на јасното одвојување на цивилната управа од воената власт[9].

Кризата предизвикана со наглото опаѓање на Јустинијановото царство и нападите на Лангобардите, сé изменила. Лонгобардската наезда која се срушила над Италија веќе во 568 г. и која во следните години го преплавила најголемиот дел од полуостровот, ги уништила старите провинции и довела до прегрупирање на нивните остатоци околу градовите кои станале природни центри и прибежишта на царската управа. И бидејќи сé било подредено на највисоките потреби на одбраната, воената власт во таа ситуација, се повеќе добивала водечка положба за сметка на цивилната управа. Така лонгобардската опасност создала промена во односот меѓу цивилната и воената управа во Италија, како што тоа го направила опасноста на Маврите во Северна Африка и подоцна опасноста на Персијците на Истокот. За да го обезбеди Царството од она што му преостанало од Јустинијановите сили, Маврикиј (582-602), ги создал воените намесништва - егзархати во Равена[10] и Картагина[11] и ја официјализирал со една формална реорганизација промената која ја создале настаните. Наоѓајќи се на чело на целокупната цивилна и воена управа, егзархот станал врховен поглавар во византиска Италија и Северна Африка. Со провинциите претворени во војводства, управувале воени офицери - дукси, кои зависеле непосредно од егзархот. Цивилната управа не била сосема укината. Цивилните власти сé уште постоеле во провинциите , но тие всушност преминале во втор план, и

---

[9] Острогорски Г., Равенски егзархат и постанак византијских тема, Из византијске историје и просопографије, Сабрана дела књ. 3, Београд 1970, 131; Истиот, Историја на Византија, 98-99.

[10] Прв пат равенскиот егзарх се споменува во 584 г. сп. Diehl Ch., Études sur l’administration Byzantine dans l’exarchat de Ravenne (568-751), Paris 1888, 17.; Острогорски Г. Историја на Византија,107

[11] Картагинскиот егзарх првпат се споменува во 591, сп. Diehl Ch., L´Afrique Byzantine, Paris 1896, 478.; Острогорски Г. Историја на Византија,107.

самиот префект на Италија, иако ја задржал титулата, се повеќе паѓал во сенка на сеопфатната власт на егзархот[12].

Формирањето на егзархатите било условено од потребата за донесување на брзи решенија во однос на надворешната политика. Самите тие се ноѓале далеку од центарот на Царството и нивните началници не можеле да добиваат брзи инструкции од централната власт, поради тоа било неопходно на егзарсите да им се отстапат широки овластувања за да можат да дејствуваат посамостојно кога би се јавела потреба за тоа[13].

Егзархатот во Картагина се одржал до 697 г. кога паднал под арабјанска власт, а Равенскиот егзархат во 751 г. паднал во рацете на Лангобардите. Со основањето на егзархатите во Равена и Картагина почнала епохата на милитаризирање на византиската управа. Организацијата на егзархатите послужила како пример за подоцнежното уредување на темите. Во егзархатите, како што ќе видиме подоцна и во темите војниците образувале посебна категорија, а воената служба била врзана за поседување на земја. Организацијата на егзархатите покажува извесна сличност со темите, но карактеристично е дека врската меѓу воената служба и земјопоседот не се воспоставува на ист начин во Италија и во Византија. Во Италија поседниците станале војници, а во Византија војниците земјишни поседници[14].

Иако овие реформи, настанати по силата на нужноста, биле ограничени на извесни делови од Царството, сепак претставуваат еден вид на премин од рановизантискиот период кон средновизантискиот, кој од своја страна пак, се карактеризира со нов военоадминистративен систем.

---

[12] Hussey J. M., Le monde de Byzance, Paris 1958, 26; Bréhier L., Les institutions de L´Empire byzantin, Paris 1970, 99-101; Острогорски Г., Равенски егзархат, 131-132; Истиот, Историја на Византија, 106-107; Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, Београд 2000, 441. Льомерл П., История на Византия, София 2002, 62.

[13] Мутафчиев П., Лекции по история на Византия, т.1, София 1995, 338-339.

[14] Острогорски Г., Равенски егзархат, 139-140.

## 2. Општествено-политичката ситуација во Византија на крајот од VI и почетокот на VII век

Периодот од крајот на VI и почетокот на VII век е окарактеризиран во византиската историја како многу хаотичен и тежок период, поради општата општественополитичка ситуација која била наметната тогаш. Настаните кои се одиграле во овој период придонеле да се дојде до пресврт во целокупната управа на Византија и да се отвори ново поглавје во византиската историја.

Падот на Јустинијановата реставрација имала кобни последици за византиската држава, нејзините воени сили биле исцрпени, а вложениот труд се срушил како кула од карти. Единствените територии од Јустинијановите освојувања кои за извесно време биле зачувани се воените намесништва: Равенскиот егзархат, образуван на преостанатиот византиски посед во Италија и Картагинскиот егзархат кој го опфаќал северно-африканскиот брег.

На Исток Византија била зафатена во војна со Персија, а на Балканот владеела сосема хаотична ситуација. Немирната состојаба во која се наоѓал Балканскиот Полуостров по честите навлегувања на Словените, била засилена уште повеќе откога, Аварите создавајќи ја својата голема сила загосподариле со Панонија. Византија оттогаш се наоѓала под постојан и сé посилен притисок на Аварите и ним потчинетите Словени во средно Поддунавје[15].

Од почетокот на 80-те години на VI век, како што известува Јован Ефески, Словените почнале трајно и се помасовно да се населуваат на византиско тло. "Во третата година по смртта на императорот [Јустин II (565-578) б. а] и стапувањето на победникот [Тибериј (578-582) б. а] изврши напад проклетиот народ на Словените. Тие заседнаа на [византиската земја б. а] како господари, како на своја без страв. И ете во

[15] Острогорски Г., Историја на Византија, 107-108. За Аварите и нивното доаѓање во Панонската низина, спореди: Ковачевић Ј., Аварски каганат, Београд 1977, 26-40.

четири години и до сега поради тоа што императорот е зафатен во војна со Персија и ги испраќа сите свои војски на Исток-поради таа причина тие се распрснаа по земјата, заседнаа на неа и се раширија на неа сега, додека бог им допушта”[16]. Ваквото известување на Јован Ефески го потврдуваат и современите изворни податоци од Чудата на Св. Димитрија Солунски, кој соопштува за словенските напади на Солун.

Огорчени борби околу премините на Сава и Дунав започнале и Аварите, тие во 582 г.  го освоиле Сирмиум, кога населението било исцрпено од двегодишната опсада заповедникот на градот по царска наредба го предал градот и склопил мир со Аварите. Но, во 584 г. одново избила аваро-византиска војна, заради барање на хаганот за зголемување на данокот што го добивал од Византија од 80 000 на 100 000 номизми. По добиениот отказ, Аварите навлегле јужно од Дунав и го завзеле привремено Сингидинум кој повеќе пати поминувал од раце во раце. Во истата година паднале и Виминациум и Августа. Урнувајќи го византискиот одбранбен систем, Аварите и Словените почнале непрекинато да се шират по Балканскиот полуостров[17].

Во 584 г. за Словените населени во непосредната околина на Солун, овој втор по големина град во Царството станал мета на нивниот прв, во серијата од неколку напади, кои ги извеле над него. Градот бил опсаден од пет илјадна војска, која го претставувала “одбраниот цвет на целиот словенски народ”[18]. Нападот завршил без некој поголем успех за Словените.

Освен поединечно Словените го напаѓале Солун и здружено со Аварите. Така во 586 г. била изведена првата заедничка акција. Хаганот

---

[16] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава. т. I, Скопје 1981, 22-23.

[17] Ковачевић, Ј. Аварски каганат, 54; Острогорски Г., Историја на Византија, 108; Мутафчиев, П. Лекции по История на Византия т.1, 268-269;  Антолјак С., Доаѓањето на Словените на Балканот, Средновековна Македонија, т. 1, 110.

[18] Византијски извори за историју народа Југославије, т. I, Београд, 1955, 175-176; Документи, т. I, 24. Сп. и:  Антолјак С., Доаѓањето, 110; Аџиевски К., Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје 1994, 12-13.

“го повикал кај себе од Склавиниите сето верно ѕверско племе, зашто целиот овој народ го имал под своја власт и додавајќи кон нив и некои други варвари им наредил на сите да заминат во поход против од бога заштитениот Солун”[19]. И оваа седумдневна опсада завршила безуспешно, кога седмиот ден, варварите неочекувано се повлекле “оставајќи ги шаторите, заедно со опремата”[20]. Овој добро утврден приморски град и понатаму останал цел на опсади од страна на Словените во 614-616 г. и во 618 г. здружено со Аварите, а не ја пропуштиле ниту приликата во 630 г. кога градот бил погоден од силен земјотрес да се обидат да влезат во него, но повторно безуспешно[21].

Од големите надворешнополитички настани на рановизантискиот период ниеден немал ни приближно толкаво значење за Византиското царство како што е навлегувањето на Словените на Балканот. Сите варварски упаѓања што Царството дотогаш ги доживеало имале минлив карактер. Дури и големата преселба на германските племиња, која толку длабоко ја потресла Империјата, на крајот ја заобиколила Византија. Словените напротив останале на Балканот за сите времиња и станале еден од најважните фактори на византиската историја.

Освојувачките војни на Запад за време на Јустинијан и постојаните борби со Персија за време на неговите наследници ги парализирале силите на Византија на Балканскиот полуостров. Дури по победоносното завршување на персиската војна, откако Византија склучила мир со Хозрој II во 591 г. била во состојба да превземе поголема офанзива против Словените во Поддунавјето[22].

Така во 592 г. започнала војната со која се решавала судбината на Балканскиот полуостров. Во почетокот Византијците имале успех, повеќе пати преминувале преку Дунав и однесувале победи против Словените и Аварите. Но, тоа немало поголемо дејство врз многубројните Словени.

[19] Византиски извори, т. I, 176-184; Документи, т. I, 25; Сп. и: Антољак С., Доаѓањето, 110-111; Аџиевски К., Пелагонија, 13.

[20] Документи, т. I, 28.

[21] Византиски извори, т. I, 186-194, 194-196, 197-198; Документи т. I, 29-33. Сп. и: Аџиевски К., Пелагонија, 14, 22-24.

[22] Острогорски Г., Историја на Византија, 109.

Борбата се продолжила, а водењето војна во одалеченото Поддунавје било тешко и заморно, па борбеноста на византиската војска почнала да попушта. Во војската дисциплината мошне опаднала и често доаѓало до отворени манифестации на незадоволство, дотолку повеќе што владата принудена да штеди, често им ја задржувала платата на војниците. Така во 602 г. кога војската добила наредба повторно да презимува од онаа страна на Дунав избувнала побуна. Побунетите војници го издигнале на штит и го прогласиле за цар Фока, подофицер од полуварварско потекло и напуштајќи ги своите позиции тргнале на Цариград. Тогаш и во самата престолнина пламнало востание. Маврикиј бил соборен, а Фока со согласност на сенатот бил крунисан за цар[23].

Паѓањето на византиската војска на Дунав означило крај на десетгодишната безполезна војна, со што била запечатена судбината на Балканскиот полуостров и тој конечно им бил препуштен на Словените.

Смената на византиската влада не донела ништо ново во државата за подобрување на ситуацијата, туку напротив таа излегла сосема од контрола. Византија за време на Фокиното владеење (602-610) ја живеела својата осумгодишна агонија во која дошло до распаѓање на стариот политички и општествен систем.

По убиството на Маврикиј и неговите синови, убиени пред негови очи, почнале масовни убиства. Теророт најмногу ги погодувал претставниците на повисоките слоеви. На владиниот терор аристократијата одговарала со повеќе заговори кои редовно завршувале со нови погубувања[24].

И однадвор Царството го снашла катастрофа, која долго била спречувана во претходните децении. Како на Балканот така и на Исток дошло до целосно кршење на византиските одбранбени сили. Персијците ја обновиле војната со Византија, персиското владетел Хозрој II истапил овојпат како одмаздител на Маврикиј. Во 605 г. била освоена силната тврдина Дара и византиската погранична одбрана била скршена.

---

[23] Острогорски Г., Историја на Византија, 109-110; Мутафчиев, П. Лекции, т.1, 276-277.

[24] Острогорски Г., Историја на Византија, 111; Мутафчиев, П. Лекции, т.1, 280-281.

Персиската војска почнала брзо да напредува, навлегла во М. Азија и ја запоседнала Цезареа, додека еден персиски одред се пробил дури до Халкедон, од спротивната страна на самата престолнина[25].

На Балканот во меѓувреме се ширела и натаму словенско-аварската надојденица. Не помогнало многу ниту тоа што Фока во 604 г. им го зголемил данокот на Аварите.

Масовното доселување на Словените во почетокот на VII век довело до пропаст на византиската власт на Балканскиот полуостров. Византиската воена и управна власт била парализирана на територијата на целиот Балкан од Дунав до крајниот југ на Грција. Византија ги задржала своите позиции само во неколку приморски градови како преостанати упоришта на византиската власт[26]. Во овој период Балканскиот полуостров се претворил во низа Склавинии: така самите византиски извори ги нарекуваат областите завземени од Словените. Терминот Склавинија бил централен поим во историјата на тогашниот Балкан и тој најсоодветно ја одразува општата ситуција на овој дел од византиската територија во периодот од VII до IX век, кога всушност и престанува да се споменува во изворите. Склавиниите се области кои им припаѓале на Словените и кои фактички се наоѓале вон досегот на византиската власт, но сé уште немаат сопствена државна организација[27].

Царството кое се наоѓало на работ на својата пропаст било зачувано со силите на периферијата. Имено, картагинскиот егзарх се дигнал против Фокината влада и бидејќи му се придружил и Египет, испратил во Цариград флота под команда на својот истоимен син. Ираклиј помладиот, секаде каде што застанувала неговата флота, наидувал на воодоушевен прием кај населението. На 3 октомври 610 г. неговите бродови се појавиле

---

[25] Манандян Я.А., Маршруты прсидских походов императора Ираклия, Византийский временник (3), 1950, 133; Острогорски Г., Историја на Византија, 113; Мутафчиев, П. Лекции, т.1, 281-182

[26] Острогорски Г., Византија и Јужни Словени, Византија и Словени, Сабрана дела књ. 4, Београд 1970, 9-10.

[27] Исто, 10. За Склавиниите, види: Антолјак С., Нашите Склавинии, Средновековна Македонија, т.1,Скопје 1985, 121-126; истиот, Македонските Склавинии, Средновековна Македонија, т. 1, 127-151.

пред ѕидините на Цариград и откако ѝ ставил крај на Фокината влада на 5 октомври ја примал царската круна[28].

Фока се обидел да побара прибежиште во дворската црква, но по заповед на Ираклиј бил извлечен оттаму и убиен. Цариградската толпа, откако го влечела неговиот труп извесно време низ улиците, најпосле го изгорела на еден од престолничките плоштади[29].

Со доаѓањето на Ираклиј (610-641) на цариградскиот престол, започнува нова епоха во византиската историја, дури со него почнува историјата на средновековното источно царство, во вистинска смисла на зборот.

[28] Острогорски Г., Историја на Византија, 113-114.

[29] Мутафчиев П., Лекции, 284.

## ГЛАВА ВТОРА

## II. ТЕМАТСКОТО УРЕДУВАЊЕ ВО VII ВЕК

### 1. Ираклиевите походи на Персија и појавата на тематската организација

По стапувањето на Ираклиј на цариградскиот престол, бурата што се надвиснала над Византија и натаму не стивнувала. Додека Балканот бил преплавуван од словенските племиња, во предна Азија се ширела персиската инвазија.

Византијците успеале да ги натераат Персијците на повлекување од Цезареа во 611 г., но обидот за противофанзива во Ерменија и Сирија пропаднал. Царската војска во 613 г. доживеала тежок пораз кај Антиохија и по тоа насекаде започнало брзото напредување на Персијците. Пробивајќи се на југ тие го завзеле Дамаск. На север влегле во Киликија и ја освоиле значајната тврдина Тарс. Истовремено Византијците биле потиснати и од Ерменија. Во 614 г. персискиот војсководач Шахрбараз го опсадил Ерусалим. Градот по тринеделна опсада бил разурнат, а жителите убиени или преселени во Персија. Посебно тежок морален удар доживеале христијаните, кога светата реликвија - Дрвениот Крст на кој според преданието бил распнат Христос, паднал во рацете на Персијците и бил однесен во Ктезифон. Од 615 г. почнале нови навлегувања во Мала Азија, а еден персиски одред предводен од вториот војсководач на Хозрој, Шахин повторно се пробил до Халкедон. Во 619 г. Шахрбараз откако ја завладеал Александрија, го освоил и Египет, најголемата византиска житница[30].

Непријателите ѝ се приближувале на византиската престолнина од две страни: од исток Персијците, од северозапад Аварите и Словените.

[30] Манандян Я.А., Маршруты прсидских походов, 134; Острогорски Г., Историја на Византија, 125, 126; Мутафчиев П., Лекции, 286; Успенски Ф., Историја Византијског Царства т. 1, 459.

При состанокот со аварскиот хаган во Хераклеа 617 г. за малку што не паднал и самиот цар како жртва на атентат[31]. Имено во оваа година, според Теофан: "Аварите превзеле поход против Тракија. Ираклиј испратил кај нив пратеници и побарал мир. Бидејќи хаганот се согласил да склучи мир, императорот заедно со сите копјеносци и со многу и големи дарови излегол од Долгиот Ѕид да го пресретне хаганот, кој му ветил дека ќе склучат мировен договор меѓу себе. Меѓутоа, варваринот откако го нарушил договорот и ветувањето, се впуштил одеднаш со оружје против императорот. Исплашен од неочекуваниот преврат на работите, императорот побегнал и се вратил во престолнината"[32].

По неуспешниот обид за мир со Аварите, Ираклиј во 619/20 г. повторно "испратил пратеници кај хаганот на Аварите, го укорил за извршените беззаконија и му предложил мир. Тој (Ираклиј б.а.) имал намера да војува, впрочем со Персија и затоа сакал да има мир со хаганот. А, хаганот засрамен од миролубието на императорот, признал дека се кае и ветил да го почитува мирот. И откако склучиле договор, пратениците се вратиле со мир"[33]. Ираклиј за овој мир морал да даде заложници како гаранција дека ќе ги исполни обврските кои ги превзел. Меѓу заложинците биле неговиот незаконит син Јован Аталарих и внукот Стефан, син на царевата сестра Марија. Освен тоа бил зголемен и годишниот данок кој им го плаќал на Аварите[34].

Откако ги средил работите со Аварите, Ираклиј можел воените одреди да ги префрли од Европа во М. Азија и да го започне

[31] Хронологијата на овој настан не е прецизно утврдена бидејќи два извора даваат две различни години, имено Теофан го датира овој настан во 619 г., Theophanis Chronographia, I, ed. C. de Boor, Leipzig 1883, 301, а Велигденската хроника во 623 г., Византијски извори т.1, 144-145 бел. 4. Ние овде ја прифаќаме хронологијата на Острогорски Г., Историја на Византија, 125. Овој настан се доведува во врска со аварско-словенската опсада на Солун која се одиграла во 618 г. Документи, т.1, 32.; Византијски извири, т. I, 194-196. Сп. и: Квачевић Ј., Аварски каганат, 63.

[32] Theophanis Chronographia, I, 301. 26-33, 302.1; Тъпкова-Заимова В.,-Пенджекова Р., Византия: през погледа на съвременниците ѝ, Пловдив 2002, 79.

[33] Theophanis Chronographia, I, 302. 15-21; Византијски извори, т. I, 155 бел. 15.; Тъпкова-Заимова В.,-Пенджекова Р., Византия: през погледа на съвременниците ѝ, 79.

[34] Успенски Ф., Историја Византијског царства т. 1, Београд 2000, 461, 462.

одлучувачкиот поход на Персија. За престојната борба со неверниците, црквата своите блага ѝ ги ставила на располагање на осиромашената држава. Војната започнала во атмосфера на верски занес каков што поранешното време не познавало. Ова е првата типично средновековна војна, која потсетува на подоцнежните крстоносни походи[35].

Царот сам застанал на чело на војската, оставајќи им на патријархот Сергиј и патрицијот Вон, за време на неговото отсуство да управуваат со престолнината во името на неговиот малолетен син[36]. Така “во 622 г., на 4 април, откако го прославил Велигден, во понеделник навечер, Ираклиј тргнал во воен поход против Персијците”[37]. Откако се помолил значи, во црквата Св. Софија и откако ја земал во раце Неракотворната икона на Спасителот, која му служела како воено знаме, Ираклиј го отпочнал походот, качувајќи се на брод кој бил подготвен за пловидба[38].

Тргнувајќи од Константинопол, Ираклиј по морски пат пристигнал во пристаништето Пила, не се работи за Пила во Киликија, туку за Пила во Битинија[39]. Овој во изворите често споменуван пристанишен град на заливот Астакос, југозападно од Никомедија бил, како што покажува Книгата за церемониите, вообичаено место за истоварување на

[35] Runciman L., La civilisation Byzantine, Paris 1952, 217; Острогорски Г., Историја на Византија, 130; Мутафчиев П., Лекции, 288;

[36] Theophanis Chronographia, I, 303.3-6; Тъпкова-Заимова В.,-Пенджекова Р., Византия: през погледа на съвременниците ѝ, 79; Diehl Ch.,-Marçais G., Le monde oriental de 395 a 1081, Paris 1936, 146.

[37] Theophanis Chronographia, I, 302.32-34.

[38] Успенски сосема оправдано забележува дека императорот од Константинопол во поход тргнал најверојатно со мал број на војници и тоа од составот на гардиските единици и императорската свита, бидејќи вистинското собирање на војската и организирање на воени единици дури потоа престоело. Поради отсуство на изворни податоци за бројот на војската која тргнала од престолнината, оваа претпоставка се темели врз основа на настаните кои следеле, односно регрутацијата и обучувањето на војската во малоазиските области. Но, тука ја земаме во предвид и опасноста која ја демнела престолнината од персискиот одред кој се приближил на Халкедон, така што морало да има доволен број на војници кои ќе го обезбедуваат градот. Сп: Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 462

[39] Манандян Я.А., Маршруты прсидских походов, 134; Острогорски Г., Време постанка тематског уређења, Сабрана дела књ. 3, Београд 1970, 123.

византиските цареви при нивните походи на Исток[40]. Од Пила, Ираклиј се упатил во "областа на темите", собрал војска во логорот и почнал да ја обучува во воената служба по нов систем, вежбајќи ја во гимнастика и воени вештини[41].

Терминот τῶν θεμάθων χώρας т.е. областа на темите, првпат се споменува во изворите токму во Теофановата Хронографија под 622 г. и го означува почетокот во изградбата на тематската организација, односно нејзината појава, бидејќи не случјно вели Теофан дека Ираклиј почнал да ја обучува војската по нов систем[42]. Овој израз се сретнува во Теофановата хроника само на ова место првпат[43], кога се споменуваат темите врзани за извесна територија. Најстарата област на темите се наоѓала на подрачјето на подоцнежната тема Опсикион. Во тоа време сé уште не го носела тоа име туку неодредено се означувала како, област на темите. Се разбира дека воените одреди веќе и порано морале да бидат означувани како теми т.е. уште пред да дојде до нивно трајно населување во провинциите на Царството, за да може да се појави и поимот за подрачје на темите. Затоа не треба да нé изненадува што воените одреди во Теофановата Хроника во

---

[40] Constantini Porphyrogeneti, De cerimoniis aule byzantinae I, ed. Reiskius, Bonnae 1829, 474, 492 (понатаму во текстот De cerimoniis); Острогорски Г., Време постанка, 123.

[41] ἐντεῦθεν δέ ἐπὶ τάς τῶν θεμάθων χώρας ἀφικόμενος συνέλεγε τά στρατόπεδα καὶ προσείθει αὐτοῖς νέαν στρατέίαν. τούτους δέ γυμνάζειν ἤρξατο καί τά πολεμικά ἔργα ἐξεπαίδευσεν. Theophanis Chronographia, I, 303. 10-13.

[42] Долго време во историографијата се сметало дека тематското уредување било воведено многу подоцна и дека Теофан во својата Хронографија вметнал географски термин од своето време. Сп. Baynes N. H., The Emperor Heraclius and the Military theme system, Engl. Hist. Rev. 67, 1952, 380. Меѓутоа, никој не успеал, како што забележува Острогорски, во Теофановата хроника да укаже на еден единствен пример кој би потврдил дека овој хроничар вовел во својата историја терминологија од своето време.

[43] Oikonomides N., во својата статија Les premieres mentions des themes dans la Chronique Theophanes, ЗРВИ 16, 1975, 4. ја расчистил дилемата по однос на тоа дека тематското уредување не постоело пред Ираклиј како што се мислело порано. Имено терминот θεμασι, кој се споменува кај Теофан под 611/12 г. е употребен во извештај за настан кој реално се случил во 626/27 г. и не претставува прво споменување на темите, затоа не можеме да се повикуваме на овој пасус за одредување на појавата на темите.

611/12 г. се означуваат како теми[44]. Но, набрзо потоа се јавуваат одделни тематски окрузи под подоцна вообичаени називи, за што ќе стане збор понатаму.

Значи зборот-тема првобитно значел воен одред, а веќе од 622 г., овој термин се врзува за определена територија, што би значело дека воените одреди биле населувани на извесни територии, кои што пак, од своја страна означени како теми претставуваат определена воено-административна единица[45].

Дека техничкиот термин-тема првобитно служел како назив за воен одред, а потоа се пренел на областа, која ја населувал тој одред, говори и фактот што сите теми (воено-административни единици), кои настанале во првиот период од изградувањето на новото уредување, ги добиле имињата според воените единици. Така на пример името на темата Опсикија доага од латинскиот збор obsequium што значи гарда, придружба. И името на темата Анатоликон доста ни кажува. Оваа тема не се наоѓа на источните граници на византиската територија, туку го опфаќа југозападниот дел на М. Азија. Според тоа, нејзиното име означува територија на која биле сместени одредите повлечени од источните области. Темата Арменијакон се наоѓала далеку кон исток, но при сето тоа, таа била мошне оддалечена од самата Арменија. Треба да се забележи и обликот: “тема на Арменијакон”, “тема на Анатоликон”, “тема на Тракезион” итн., очигледно е дека во овој случај терминот тема не се однесува на област, туку на оние кои ја населуваат. Како што се гледа имињата на првите теми не се врзани за територијата што ја опфаќаат, туку потекнуваат сосема очигледно од оние воени единици кои на нив биле сместени во време на создавањето на новото воено-управно уредување. Подоцнежните теми, спротивно носат повеќето чисто географски називи:

[44] Острогорски Г., Време постанка, 124.

[45] Bréhier L., Les institution, 288; Runsiman S., La civilisation, 146; Hussey J. M. Le Monde, 28; Острогорски Г., Историја на Византија, 127; Истиот, Равенски егзархат, 133; Лъомерл П. История на Византия, 70-71.

Пафлагонија, Кападокија, Севастеја и многу други во М. Азија, како и скоро сите теми на Балканот, почнувајќи од Тракија[46].

По извесен престој во областа во која било применето тематското уредување т.е. Битинија, Ираклиј отишол во Кападокија, каде што императорската војска имала неколку успешни судири со војската на Шахрбараз. Првата последица на ова движење била тоа што персискиот војсководач Шахрбараз, кој стоел под Халкедон, се нашол во опасност да биде отсечен од врска со Персија, заради што бил принуден да се повлече во онаа провинција која сега ја завземал Ираклиј. Овде во зимата дошло до битка која завршила со пораз на Персијците и го имала за последица ослободувањето на М. Азија. Зимата 623 г. византиската војска ја минала во Ерменија и на Понт, а самиот Ираклиј по море се вратил во Константинопол за да го натера аварскиот хаган да се држи до ветениот мир. По Велигден 623 г. одново тргнал во Ерменија. Ираклиј нашол средства за војна таму каде што никој претходно не ни помислувал да ги бара, во Задкавказјето и во кршевитата Ерменија, кои биле избрани како база за офанзива во срцето на Персија. По своите резултати, тоа бил таков војнички потфат за каков што Византиското Царство дотогаш не занело[47].

Како почетна точка на Ираклиј овојпат му послужила Лазика или Колхида каде се поврзал со кавкаски борбени племиња, со кои ја зајакнал својата војска која броела 120 000 луѓе. Овде преку Ерменија влегол во Персиското Царство и тоа во Атрапатен, јужно од р. Аракс и почнал да ги загрозува централните поседи на Персија[48]. Ираклиј го завзел Ганзак главниот град на провинцијата Атрапатен, откако Хозрој се повлекол во Месопотамија. Одејќи по трагата на Хозрој, Византијците го нападнале градот Фиварм, каде го уништиле главното светилиште на обожавателите на огнот и огромната статуа на Хозрој[49].

---

[46] Bréhier L., Les institution, 288; Острогорски Г., Равенски егзархат, 137, 138.

[47] Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 463.

[48] Манандян Я. А., Маршруты прсидских походов, 134; Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 464.

[49] Манандян Я. А., Маршруты прсидских походов, 138; Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 464.

Гонејќи го персискиот цар, Ираклиј завзел многу градови и ја опустошил земјата. Кога настапила зима се повлекол на север во кавкаската област, претходно прогласил тродневен пост, го отворил Евангелието и ја прочител поуката според која постапил. Главниот мотив за свртувањето на север било обезбедувањето од можните напади на кавкаските народи и за таа цел Ираклиј стапил во преговори со грузиски и соседни мали кнезови (Лази, Абазги). Но, ниту Персијците не стоеле со скрстени раце, тие се обидувале против Ираклиј да ги побунат кавкаските племиња. Против Ираклиј биле опремени три армии под водство на троица персиски војсководачи Шахраплакан, Шахрбараз и Шахин, чија задача била да го затворат во кавкаските планини и да не му дозволат повторно да влезе во персиските области. Споменатите околности го приморале Ираклиј, кој немал доверба во сојузниците, бидејќи се колебале меѓу Персијците и Византијците, да тргне од кавкаска Албанија (на брегот на Касписко море) на југ и сам да ги нападне Персијците. Воените дејствија кои се одвивале во Ерменија имале одлучувачки карактер. Поразите кои им ги нанел Ираклиј на Персијците кај Тигранокорет и кај Салван на езероро Ван, не само што ја отстранил застрашувачката опасност, туку создал можност одново да започне офанзивни дејствија против Хозрој. Таква била ситуацијата во есента и зимата 624 г.[50]

Во пролетта следната година (625) Ираклиј ги пренел воените дејствија во Месопотамија на границата меѓу двете Царства. Во пролетта и летото истата година воените настани се одвивале дел во Ерменија и Месопотамија, а дел и во византиските области. Ираклиј ги освоил градовите Мартиропол и Амида[51] кои некогаш ѝ припаѓале на Византија, па потоа на Персија. За да го пресече походот на персискиот восководач Шахрбараз кон М. Азија тој тргнал на исток, влегол во битка со Персијците на Еуфрат и го натерал Шахрбараз да се повлече. Во текот на 625 г. Ираклиј не ги напуштил границите на Византија и во зимата одново

---

[50] Манандян Я. А., Маршруты прсидских походов, 139, 141, 143; Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 465.

[51] Theophanis Chronographia, I, 312. 28-29.

ја стационирал војската во подножјето на кавкаските планини, веројатно во истата онаа Лазика каде презимил во почетокот на персискиот поход[52].

Борбата меѓу Сасинидска Персија и Византија продолжила со особена жестокост во 626 г.

Персискиот цар смислил смел потфат, за да му го сврти вниманието на Ираклиј од Исток. Имено, тој се обидел во Европа да му создаде такви проблеми кои би го приморале да ја напушти Ерменија и Персија и сите средства да ги ангажира за спасување на престолнината и европските поседи. За таа цел требал да послужи сојузот со аварскиот хаган и координираниот напад на Константинопол предвиден за летото 626 г., од Азија и Европа. Армијата на Шахрбараз напаѓала од Халкедон, а Шахин требало да војува против Ираклиј и да не му дозволи да му пружи помош на Константинопол. Оваа задача ја извршил посебен одред на чие чело бил поставен Теодор, царевиот брат, кој во најкритичните моменти се нашол во близина на престолнината. Во текот на тие настани Ираклиј бил зафатен со организацијата на вториот поход против Персија, формирал нова армија и се насочил како што вели Теофан, во Лазика[53].

Пред да го започне вториот поход, Ираклиј барал нови сојузници и ги нашол во лицето на Хазарите, кои живееле северно од Кавказ. Со нив склучил договор за сојузништво[54], кој овие номади ги обврзувал да ги нападнат персиските области и од друга страна, држејќи ги под своја власт кавкаските планински премини да ѝ обезбедува на Византија заштита од северна страна. До средба меѓу хазарскиот хаган и византискиот цар дошло кај Тифилис. Сојузот со Хазарите му обезбедил можност на Ираклиј за понатамошниот воен поход против Персија и пополнување на воените сили, ослабени заради издвојување на одреди, кои биле упатени против Шахин и Шахрбараз[55].

---

[52] Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 465.

[53] Theophanis Chronographia, I, 315. 15.

[54] Исто, 315.16.

[55] Острогорски Г., Византијско царство и околни свет у VII веку, Из византијске историје и просопографије, Сабрана дела књ. 3, Београд 1970, 57, 58; Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 466.

Во зимата 625/26 г. азиската страна на Босфорот и Мраморно море се наоѓала под власт на Персијците, бидејќи Шахрбараз ги завзел Халкедон и Хрисопол и ги опустошил крајбрежните области. Но, тој не претставувал опасност за Константинопол, заради тоа што немал воени бродови. Токму заради тоа на Персијците им била потребна сојузничка сила од европска страна, со која ќе извршат истовремен напад од исток и од запад на престолнината[56].

Каганот со запален оган го известил азиското крајбрежје за своето доаѓање и им го испратил на регентите заробениот Византиец, патрикијот Атанасиј, заради преговори и воедно за извидување на состојбата во градот. Каганот барал да му се предадат сите богатства за да се повлече, но бил одбиен. Во очи на 29 јуни, каганот се приближил на опколениот град со своите главни сили, чиј значаен дел го чинеле Словени од Балканскиот Полуостров[57].

Патрицијот Вон во аварскиот логор испратил пратеништво со понуда за плаќање данок, но хаганот дрско инсистирал на барањето, сите жители на Константинопол да излезат од градот и на Аварите да им ги препуштат своите богатства[58]. Освен тоа, хаганот се фалел дека може да го загрози градот истовремено и од копно и од море. За тоа планирал да ги искористи Словените, кои живееле на брегот на Средоземно море и на островите, бидејќи веќе имале поморски знаење и биле искусни морнари[59]. Во исто време кога пристигнало византиското пратеништво, во аварскиот логор дошле и персиските пратеници. Византијците го заробиле персиското пратенишво кое се обидувало со словенски чамци-моноксили да премине

---

[56] Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 466.

[57] Во поглед на етничкиот состав на војската која учествувала во опсадата на Цариград освен Авари во изворите се наведуваат и Словени како главни сојузници (Велигденска хроника, Никифор, Виз. извори, т.1, 146, 240). Писида наведува и Бугари (Виз. извори, т. I, 156). Теофан покрај Авари наведува Бугари, Словени и Гепиди. (Theophanis Chronographia, I, 315. 9-10). Додека пак, Теодор Синкел, освен Авари и Словени разликува и други диви племиња (Виз. извори т. I, 163). Од наведеното може да се заклучи дека хагановата војска имала доста шаренолик етнички состав.

[58] Византијски извори, т. I, 148.

[59] Исто, 165.

од европскиот во азискиот дел и ги потопиле словенските моноксили[60]. Наближувала есен, а недостигот од намирници во опустошениот крај, го принудил хаганот да привршува со воениот поход.

Одлучната битка требала да биде на море. На Аварите искуството им покажало дека завземањето на големите поморски градови без обезбедена флота мора да претрпи неуспех. Заради тоа била соберена флота од моноксили или пак тие биле правени на лице место. Посадата од моноксили ја сочинувале, како што дознаваме од Писида, словенски племиња и Бугри[61]. Било договорено Аварите од надворешниот бедем на Влахерни, кој се викал Птер да дадат занак со оган, за Словените да тргнат во истовремен напад на градот. Магистерот Вон сковал воена замка, давајќи слични предвремени сигнали, затоа Словените од р. Барбис, која се влева во Златниот Рог кај мостот Св. Климент, тргнале предвремено во напад. Јуришот бил вперен кон Влахерни, но доживеал катастрофален пораз. Моноксилите биле изгорени со “грчки оган”, а преживеаните војници се правеле мртви или се криеле под преврtените моноксили[62]. Опсадата траела вкупно 10 дена, била започната на 29 јули и завршила со последниот напад на 7 август. Аварскиот пораз го натерал Шахрбараз да се повлече од Халкедон[63].

Византија ослободувањето од несреќата го прославила во духот на типичното средновековје, со пеење молебен на Богородица, на чија што помош било припишано спасувањето на градот[64]. Самите Византијци тој настан го зачувале во постојан спомен со прогласувањето на 7 август за религиозен и национален празник. На тој ден по повод осободувањето на

[60] Исто, 148.

[61] Исто, 156.

[62] Исто, 149.

[63] Barišić, F., La siège de Constantinopol par les Avares et les Slaves en 626, Byzantion, 24, 1954, 386; Ковачевић Ј., Аварски каганат, 65-66; Успенски Ф., Историја византијског царства т.1, 469.

[64] Византијски извори т. I, 172, 167.

градот од несреќата, секоја година се држеле проповеди или пак се читало од Синаксарите во црквите[65].

По ваквата разврска на настаните, Ираклиј неморал веќе да се грижи за судбината на престолнината и можел да продолжи со остварувањето на понатамошните планови. Непосредна цел на походот од 627 г. била нанесување удар на самиот Хозрој  во неговата земја. Главните битки се одвивале на подрачјето на Тигар и Еуфрат, близу древните градови Нинива и Вавилон. Ираклиј откако ја поминал р. Заба, притока на Тигар се улогорил близу до гр. Нинива[66]. Тука на 2 декември 627 г. дошло до битка меѓу Ираклиј и персискиот војсководач Разад[67]. Ираклиј учествувал во првите борбени редови, бил ранет неговиот коњ, добил и исекотини по лицето, но извојувал победа и дошол до голем воен плен. Во битката загинал Разад[68].

Прославувајќи го празникот Рождество Христово (25 декември 627 г.) во еден од дворците на Хозрој, Ираклиј добил извешај дека Хозрој  се наоѓал во Дастагерд, но наскоро потоа стигнал нов извештај дека Хозрој се оддалечил во Ктезифон.

Префрлајќи се преку р. Торн, војската на Ираклиј ги освоила во првиот дел од јануари 628 г., дворците Беклал и Бебдарх и резиденцијата на Хозрој, Дастагерд во кој покрај останатите богатства заплениле 300 римски знаменитости запленети од Персијците во разни времиња. Откако го ограбил  и разурнал  Дастагерд, на 7 јануари 628 г., Ираклиј тргнал понатаму на југ кон Ктезифон, кој се наоѓал на растојание од Дастагерд 105-110 км. Излегувајќи од Дастагерд, Ираклиј поминал 3 дена пат и се населил на 12 милји од реката или каналот Нахра-ван. Но, откако Ираклиј дознал дека мостовите се срушени и преминот преку Нахра-ван е невоможен бил принуден да го прекине напредувањето  и да се врати назад. На 8 март, Ираклиј тргнал со својата војска во Атропенски Ганзак и

---

[65] Barišić, F., La siège de Constantinopol 372; Успенски Ф., Историја византијског царства т.1, 469; Diehl Ch.-Marçais G., Le monde oriental, 148.

[66] Theophanis Chronographia, 318. 1-2.

[67] Исто, 318. 7.

[68] Манандян Я. А., Маршруты прсидских походов, 152-153; Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1, 472.

пристигнал таму на 11 март. Уште пред пристигнувањето во Ганзак, императорот имал податоци за крвавиот преврат во Персија. За време на одморот на Ираклиј во Ганзак стигнало официјално пратеништво на царот Кавад, кое го известило за казната на Хозроj (29 февруари 628 г.)[69] и за прогласувањето на Кавад Широј "за цар над царевите" и стапило со него во преговори за мир. Потоа на 8 април 628 г. Ираклиј тргнал од Ганзак во Ерменија[70]. По склучувањето на мирот со Персија бил вратен одземениот Крст од Ерусалим и Ираклиј лично заминал во 629 г. во Светиот град и со свечена церемонија одново го поставил Светиот крст на Голгота[71].

Со Ираклиевите походи во Персија, црковното предание поврзува два празника, кои се́ до денес ги слави Источната црква: првиот - Акатист на Богородица "на војводката, нашиот поборник" и вториот - Воздвижение на Пресветиот Крст - Крстовден[72].

Војната со Персија, Ираклиј успешно ја завршил, враќајќи ги сите претходно завземени византиски територии од страна на Персијците, благодарение на добро спроведените реформи во војската, но и на неговите вешти дипломатски заложби.

---

[69] По се́ изгледа дека превратот бил плод на византиската дипломатија, инаку тешко би се објаснило Ираклиевото ненадејно прекинување на походот, кој всушност бил насочен токму против самиот Хозроj.

[70] Манандян Я. А., Маршруты прсидских походов, 154.

[71] Diehl Ch.,-Marçais G., Le monde oriental, 150; Frolow, A., La Vraie Croix et les expèdision d'Hèraklius en Perse, R. E. B. 11, 1953, 88. Мутафчиев П., Лекции, 293; Льомерл П., История на Византия, 66. Острогорски Г., (Историја на Византија, 134), овој настан го датирал во 630 г.

[72] Мутафчиев П., Лекции, 290, 293; Успенски Ф., Историја византијског царства, т.1 476.

## 2. Првите теми во Мала Азија и на Балканот

Постојат, навистина, мал број на изворни податоци кои говорат за почетната фаза од изградбата на тематската организација, но сепак и тие малку ни помагаат да создадеме една, колку толку, јасна слика за овој период од византиската историја.

Првиот и најстар податок, кој се однесува на појавата на тематското уредување, како што веќе рековме претходно, го дава Теофан под 622 г. Зборувајќи за областа на темите, Теофан дава до знаење дека одредите (теми) биле веќе сместени во некои окрузи и дека од тој период темите претставувале територијални единици, а не само воени одреди[73]. Овој податок, исто така говори дека тематското уредување се појавува во Ираклиевиот период и дека тоа ѝ предходи на големата офанзива против Персија. Дека тоа е навистина така, зборува и фактот што тематската организација се појавува во Мала Азија, која била напаѓана и опустошувана од Персијците, но не била реално и трајно завземена. Додека пак, поголемиот дел од Балканот во тоа време, преплавен од мноштво словенски племиња бил вон византиска контрола. Ако го додадеме тука и исходот од Иракиевите походи на Персија ќе ни стане сосема јасно дека воено-административните реформи морале да бидат спроведени пред походите, за да може да се постигне таков успех.

[73] Во науката долго време владеело мислењето дека во темите треба да се разликувваат два аспекта - воен т.е тема како седиште на дивизија и цивилен т.е. административен округ на населението од градовите и селата и дека тие два елемента јасно се диференцирале до VIII в., кога веќе се стопуваат еден во друг, односно темата - дивизија се распаѓа во темата - округ. Сп: Успенски Ф., Историја византијског царства т.1, 548. Меѓутоа, Острогорски Г., (О датуму састављања списа о темама и времену стварања првих тема у Малој Азији, Из византијске историје и просопографије, Сабрана дела, књ.3, Београд, 1970, 108), многу уверливо покажува дека спојувањето на овие два елемента се случува со самиот зародиш на тематското уредување, односно, штом одредите биле сместени во некои окрузи, тие во исто време претставуваат територијални единици. Според тоа, реорганизацијата во VII в. нема само воен карактер, туку и воен и административен, истовремено.

Константин Порфирогенит во делото “За темите”[74], зборувајќи за темата Анатолика, првата тема на Истокот, дава некои општи напомени за потеклото на темите и вели дека, темите биле формирани, кога безбожните Агарени (Арабјани б.а.) почнале да го загрозуваат и распарчуваат Царството[75]. Ова е уште еден изворен податок кој потврдува дека тематското уредување се појавило за време владеењето на Ираклиј, но тука секако мислиме на почетната фаза, бидејќи изградбата на тематската организација е долготраен процес. За да ја засили претходната информација, Константин Порфирогенит, понатаму вели дека поделбата на Царството на теми, не постоела ниту за време на Јустинијан I, ниту за време на Маврикиј[76].

Веќе од 626 г. во изворите почнуваат да се споменуваат и конкретните имиња на првите теми, како и имињата на нивните функционери. Така во Велигденските хроники под 626 г. се споменува комес на Опсикион[77]. Додека пак, кај Теофан под 627 г., се наведува турмарх на Арменијакон[78].

Официјално пак, првпат темите се споменуваат во едно писмо на Јустинијан II до папата Конон од 687 г. во кое како најстари се наведуваат темите: Опсикион, Анатоликон, Тракија, Арменијакон и Кивиреота[79].

Според изворните податоци, можеме да утврдиме дека во почетната фаза од изградбата на тематската организација била опфатена само Мала Азија, која тогаш била поделена на темите: Арменијакон, Опсикион, Анатоликон и поморската тема на Карависијанците, која била создадена

[74] Настанувањето на овој спис Рамбо А., го датирал во временските рамки од 934 до 944, а Острогорски Г., со сигурност, смета дека списот настанал во почетокот на тој десетгодишен период. Сп. Острогорски Г., О датуму, 102.

[75] Constantino Porfirogenito, De thematibus, ed. A. Pertusi, (Studi e Testi, 160), Città del Vatikano 1952, c. I, 48-50. ( понатаму De thematibus )

[76] De thematibus, c. I, 50-51.

[77] Chronicon Paschale, ed. L. Dindrof, Bonnae, 1832, 715. 20.

[78] Theophanis Chronographia I, 325. 3. Дека темата Арменијакон настанала за време на Ираклиј, потврдува и Константин Порфирогенит (De thematibus, c. II, 3-4.) кој вели дека името Арменијакон прв пат се појавува за време на Ираклиевото владеење.

[79] Mansi J. D., Sacrorum conciliorum nova et amplissima collectio, Florentiae 1769, XI col. 737. (Понатаму Mansi, Conciliorum)

во врска со неопходноста од изградување флота за борба против Арабјаните.

Ерменијакон ја опфаќала планинската област на Ерменија, се спуштала на југ кон планината Тавр (Taurus), а на север се простирала доста широко по југоисточното крајбрежје на Црно Море. Нејзиниот стратег, кај Теофан првпат се споменува под 667 г.[80] Главниот град на оваа тема бил, Цезареа[81]. Западно од Арменијакон, се наоѓала темата Опсикион, која ги опфаќала старите области на Пафлагонија, Битинија и областите околу древна Троја и достигнувала до Егејско Море, Хелеспонт, Мраморно Море и Босфорот. На чело на оваа тема стоел комес, кој ја носел титулата протопатрикиос[82]. Метропола на темата Опсикион бил градот Никеја[83]. Јужно од темата Опсикион се наоѓала темата Анатоликон, која што започнувала од егејското крајбрежје со градовите Ефес, Смирна и Пергамон и се простирала на исток, опфаќајќи ги старите провинции Лидија, Карија, Фригија, поголемиот дел од Кападокија и кај Киликија се граничела со арабјанските владенија[84]. Резиденција на нејзиниот стратег бил градот Аморион[85]. Темата Анатоликон, била една од најзаначајните теми во Византиското царство, нејзиниот стратег секогаш го завземал првото место меѓу стратезите во византиските

[80] Theophanis Chronographia I, 348. 29; Во врска со настанувањето на оваа тема, W. Kaegi, врз основа на податоците што ги дава еден арабјански извор од IX век, смета дека таа настанала тринаесет или четиринаесет години пред првото споменување на нејзиниот стратег кај Теофан. Имено тој арабјански извор под 653/654 г. говори за патриciј на Арменијака (batrik Armaniyâkus) врз основа на што Кеги заклучил дека тука станува збор за стратегот на темата Арменијакон, кој носел титула патрициј. Сп: Kaegi W., Al-Balâdhury and Armeniak Theme, Byzantion 38 (1968), 275.

[81] De thematibus, c. II

[82] Theophanis Chronographia I, 380.29-30.

[83] De thematibus, c. IV

[84] Оваа тема, кај Теофан првпат се споменува под 669 г. Theophanis Chronographia I, 352. 14-23. Нејзиното настанување е поврзано со арабјанската инвазија на византиските територии. Нејзиниот стратег кај Теофан е споменат, повторно под 695 г. Theophanis Chronographia I, 368. 18. Датумите под кои се споменуваат темите кај Теофан во науката се прифатени како terminus ante quem.

[85] De thematibus, c. I

списоци на достоинственци[86]. На југ од таа тема се простирала, темата на Каравкисијанците, која што претставувала тесен појас по јужното крајбрежје на Мала Азија, опфаќала исто така и острови од Егејско Море. Стратегот на оваа тема резидирал во градот Самос [87].

Во понатамошните фази од изградбата на тематската организација овие големи малоазиски теми [88] биле делени на други помали, за што ќе стане збор понатаму. Појавата и организацијата на тие теми била тесно поврзана со борбите против Персија во Мала Азија. По пропаста на Персија, овие теми биле основната бариера во борбата со новата сила од Истокот - Арабјаните.

На Балканскиот полуостров ниедна тема сé уште не била создадена во првата половина на VII в., веројатно затоа што овде византиската власт била потполно дезорганизирана со доаѓањето на Словените. Освен во неколку приморски градови, византиската власт речиси и да не постоела на Балканот. Имено, во VII век. византиската власт на Балканот била ограничена на Цариград со околината (дел од Тракија), Солун, Лариса во Тесалија, Никопол во Епир, Атина со Атика и Евбеја, Коринт и Монемвасија на Пелопонез, на југ од Пелопонез - Корона и Модона. Во Ахаја, Патрас и островите Кефалонија и Закинт[89]. Дури во последните децении на VII в. се појавуваат првите теми на овој дел од византиската територија, бидејќи византиската власт повторно почнала да се зацврстува.

[86] Le listes de préséance des IX et X siécles, introduction, texte, traduction et commentaire par N. Oikonomidès, Paris 1972, 47. 14, 101. 4, 245. 20, 263. 22. (Понатаму во текстот Le listes de préséance).

[87] Изгледа дека во почетокот називот на оваа поморска тема не бил утврден, бидејќи се споменува под различни имиња, како што се: тема на Карависијанците или τό θέμα τῶν πλωϊζομένων. Сп. De thematibus, 149. На чело на оваа тема стоел стратег, кој Теофан го споменува под 698 г.( Theophanis Chronographia I, 370. 8-9 )

[88] За територијалниот опфат на првите малоазиски теми сп. и: Мутафчиев П., Лекции, 339-340, Ангелов Д. История на Византия, т.1 София 1959, 234-235.

[89] Живковић Т. Јужни Словени под византијском влашћу (600-1025), Београд 2002, 199-200.

Првата тема, која била создадена на Балканот, била темата Тракија. Според Константин Порфирогенит, оваа тема била создадена за време на владеењето на Константин IV (668-685) и тоа во време кога Бугарите го преминале Дунав, [90] значи околу 680 г. Стратегот на темата Тракија прв пат официјално се споменува во писмото на Јустинијан II до папата Конон од 17 февруари 687 г. [91] Според тоа настанувањето на оваа тема може да се датира во периодот од 680 до 687 г.[92] Нејзиниот најважен град веројатно бил, Аркадиопол[93].

Втората тема, која била создадена на европско тло е темата Хелада. Нејзиниот стратег првпат се споменува под 695 г., имено кон крајот на таа година стратегот на Хелада, Леонтиј го симнал од престолот царот Јустинијан II, за да го завземе неговото место[94]. Оваа година се зема како terminus ante quem, бидејќи оваа тема би можела да биде формирана и пред овој настан. Острогорски Г. го датира нејзиното настанување во периодот од 687 г., кога сé уште не е споменатa во писмото на Јустинијан II, со што овој датум го зема како terminus post quem, до 695 г.[95]

---

[90] ¢f̉ oá de tÕ qeom…sthon tw̃n Boulg£rwn Ÿqnoj ™peraièqh e„j tÕn –Istron potamÕn, tÕte ka^ aÙtÕj basileÚj °nagk£sqh di£ t¦j ™pidrom¦j tw̃n Skuqw̃n ka^ aÙtw̃n tw̃n Boulg£rwn e„j qšmatoj t£xin ¢gageĩn aÙtÕ ka^ strategÕn ™n aÙtû ceirotonÁsai. ™gšneto dš ¹ tw̃n b£rbarwn pera…wsij ™p… tÕn –Istron potamÕn e„j t£ tšlh tÁj basile…aj Kwnstant…nou toà Pwgwn£tou…, De thematibus, c. I, 25-31. Извори за българската история IX - Гръцки извори за българската история V, София 1964, 193. (Понатаму во текстот ИБИ-ГИБИ); Тъпкова-Заимова В.,-Пенджекова Р., Византия: през погледа на съвременниците ѝ, 362. За доаѓањето на Бугарите види Theophanis Chronographia I, A. M. 6171, 356. 18 и сл.; Византиски извори, т.1, 224-225, 241. Божилов И.,- Гюзелев В., История, т. 1, 86-88.

[91] Mansi, Conciliorum, XI col. 737.

[92] Острогорски Г. Постанак тема Хелада и Пелопонез, Из византијске историје и просопографије, Сабрана дела, књ.3, Београд, 1970, 142; Коледаров, П. Името Македония в историческата география, София, 1985, 52-53. Ние сметаме дека темата Тракија со сигурност е формирана непосредно по преминот на Бугарите на Дунав, бидејќи на Византиската престолнина ѝ била потребана поцврста заштита од опасноста, која се наближувала.

[93] Оболенски Д., Византијски комонвелт. Београд 1991, 94.

[94] Theophanis Chronographia I, 368. 20-21; Оболенски Д,, Византијски комонвелт, 94.

[95] Острогорски Г. Постанак тема, 142-143.

Во поново време Живковић Т., изнел мислење дека “настанувањето на темата Хелада треба да се помести пред 680 г.”[96] и со тоа, таа да се смета за прва тема формирана на просторот на бившата префектура Илирик. Имено, Живковић Т., својата теза ја базира на податокот изнесен во Чудата на Св. Димитрија Солунски, во врска со Куверовата преселба од Поддунавје во Македонија[97]. Кувер, кој стоел на чело на една посебна етничка група, која ги зачувала обичаите вклучително и христијанската вера, сковал завера против градот Солун. Тој имал намера преку еден свој војвода по име Мавр, кој бил вешт во сé и кој го познавал и ромејскиот и словенскиот јазик, да го освои Солун. За таа цел Мавр требал да влезе во градот и да му помогне на Кувер одвнатре да го освои Солун. Но оваа негова намера ја осуетил стратегот Сисиниј[98]. “Овој мошне славен стратег Сисиниј, сакајќи докрај да ја исполни (царевата) наредба, исловил од подрачјата на Хелада и пристигнал до островот Скијатеја ...”[99]. Живковић Т., смета дека овој стратег, Сисиниј доаѓа од темата Хелада. Меѓутоа, тука се отвораат редица прашања на кои тешко би можеле да дадеме соодветни одговори, а да се темелат на изворни податоци. Во Чудата се вели дека овој стратег исловил од μερῶν (областите, подрачјата) на Хелада, а не од темата Хелада. Ако Хелада тогаш, навистина била тема, зошто авторот не

[96] Живковић Т. Јужни Словени, 221 бел. 643.

[97] Овој настан различно е датиран во историографијата: Баришић Ф., Виз. из. т.1 го датира во периодот 680-685 г.; Gregoire H., L’origine et le nom des Croates et des Serbes, Byzantion 17 (1945) 111, мисли дека писателот на Чудата смета 60 години од големата словенско-аварска провала во Илирик 578-585, па така Куверовата преселба ја датира во периодот 638-645; Lemerle P., Les plus anciens recueils des miracles de Saint Démétrius, II, Paris 1979, 161, ја датира преселбата на Кувер во периодот 678-685 г. Живковић Т. Јужни Словени, 220 бел. 640, ја датира од 678-679 г. Со оглед на тоа што во Чудата сé уште не се споменати Аспаруховите Бугари, можно е оваа преселба да се одвивала непосредно пред доаѓањето на Бугарите, значи пред 680 г. и планираниот напад на Солун од страна на Кувер да бил
поврзан токму со доаѓањето на Бугарите, за да ја искористи зафатеноста на Византија против нив.

[98] Византиски извори, т. I, 212, 214.

[99] ἔξεισιν ἀπο τῶν τῆς Ἑλλάδος μερῶν, καί καταλαμβάνει τής Σκιαθίαν νῆσον …Византиски извори т.1, 214 бел. 63.

би го искористил терминот-тема, кој знаеме дека се употребува уште од 622 г. за воено-административните единици? Освен тоа, ако постоела темата Хелада пред 687 г. зошто не е наведена во писмото на Јустинијан II, кое претставува официјален документ и во кое се наведени покрај картагинскиот и равенскиот егзарх и сите постоечки теми до тогаш т.е. четирите малоазиски теми, а како единствен воен командант на Балканот се споменува стратегот на темата Тракија[100]. Овој стратег, кој го споменуваат Чудата веројатно бил стратегот на темата Тракија. Тој требал да му биде потпора на Мавр од море. Затоа Сисиниј на своите бродови ги превезол Мавр и неговите Карамесијанци во Цариград[101], веројатно од каде што тргнал овој стратег таму и се вратил т.е. од темата Тракија. Значи, аргументацијата на Живковић Т., за темата Хелада како прва формирана тема на Балканот, не можеме да ја прифатиме како доволно уверлива, затоа што нема доволна поткрепа во изворите. Не можеме да се потпреме на само еден извор, кој не дава сосема уверливи податоци, а да ги занемариме оние кои изрично говорат за темата Хелада. Сепак, постои простор за понатамошно истражување на овој проблем и за попрецизно датирање на настанувањето на оваа тема, доколку би се дошло до нови изворни податоци, особено ако тие доаѓаат од областа на сигилографијата.

Што се однесува до територијалниот опфат на темата Хелада во науката се изнесени повеќе мислења. Така англискиот учен Џ. Бјури, изнел мислење дека покрај средна Грција, која во овој период била означувана со името Хелада, во составот на темата Хелада влегувал Пелопонез, а веројатно и Епир, сметајќи ги овие области за турми на темата Хелада, подредени на нејзиниот стратег[102]. Францускиот учен Ш. Дил пак, сметал дека темата Хелада, не само што ги опфаќала Пелопонез и средна Грција туку и остатокот од стариот Илирик на брегот на

[100] Mansi, Conciliorum, XI col. 737.

[101] Византиски извори, т. I, 215.

[102] Bury, J. B., A History of the later roman empire from Arcadius to Irine (395-800), vol. II, London 1889, 35.

Јонското Море[103]. Некои истражувачи сметале дека во територијалниот опфат на темата влегувале и Јонските острови, па дури и островот Крит.

Овие недоволно аргументирани претпоставки ги корегирал Острогорски. Тој утврдил преку соодветна поткрепа во изворите дека под темата Хелада треба да се подразбира средна Грција, а не целата територија на современа Грција и дека таа го опфаќала нејзиниот источен дел[104]. Покрај тоа, Острогорски докажува врз основа на уверливи изворни податоци дека процесот на изградба на тематската организација на Балканот се одвивал на поинаков начин, од оној во Мала Азија. Односно, новите тематски единици на Балканот се создавале тогаш кога Византија успевала повторно да ги освои своите позиции, изгубени по словенската преселба[105]. Во прилог на таквата теза говори и фактот што втората фаза од изградбата на тематското уредување на Балканот продолжила дури во крајот на VIII век.

[103] Diehl, Ch., L’origine du règime des thèmes dans l’Empire byzantin, Etudes bizantines, Paris 1905, 284.

[104] Острогорски Г. Постанак тема, 145, 146, 148, 149.

[105] Исто, 147-148.

## 3. Влијанието на тематското уредување врз стопанскиот развој на Византија

Воведувањето на тематското уредување во византиската држава не само што е долготраен, туку е и сеопфатен процес. Промените, кои што ги предизвикало неговото изградувње, се одразиле во повеќето од сферите во византиското општество, задирајќи во неговите основни структури, како што се: воената организација, администрацијата, стопанството и економијата.

На преминот од VI во VII век, настанале крупни промени во Источноримското царство, наложени од општата надворешна и внатрешна општествено-политичка констелација, коишто довеле до потполна трансформација на општеството, преобразувајќи го од античко во средновековно.

Во овој дел од нашиот труд се задржуваме на промените, кои ја зафатиле стопанската сфера и укажуваме на начинот на којшто тематското уредување влијаело врз нејзиниот развој.

Ако во предходните векови големопоседништвото се наоѓало во постојан и незадржлив пораст, а селанството сé повеќе се претворало во категорија од зависни колони, тогаш во VII век темелот на Царствто, неговата основна стопанска и воена сила ја сочинува ситниот земјопосед на слободниот селанец и стратиотот на новата тематска војска[106].

Поради континуирани надворешни напади на византиска територија и поради сé почестите внатрешни потреси кои ги доживувала византиската држава, голем дел од големопоседничките имоти претрпеле штети, а населението поради честите војни значително се проретчило. Од таа причина големи површини земја останувале необработени и запуштени. Со приливот на Словените на Балканот и со колонизаторските мерки,[107]

---

[106] Острогорски Г., Византијска сеоска општина, Привреда и друштво у византијском царству, Сабрана дела књ. 2, Београд, 1969, 102.

[107] За трите големи преселувања на Словени во М. Азија, кои ги споменува Теофан види: Theophanis Chronographia I, 348. 16-20; 364. 11-15; 432. 27-29; Византијски извори т. I, 223, 226-227, 231; Документи т. I, 40-41. Дека голем број Словени биле преселени во М.

кои ги спроведувале византиските цареви бил надминат во извесен степен недостатокот од работна сила[108]. Тоа значи дека силите кои му недостигале на Царството дошле однадвор, односно новата категорија на независни селани и стратиоти настанала во заначителен дел од приливот на свежи сили, пред сé со силите на словенската имиграција[109].

Новите односи кои настанале во византиското село во раниот среден век се одразени во Земјоделскиот законик[110], извор од крајот на VII и почетокот на VIII век. Во земјоделскиот законик се имаат во предвид, пред сé новите населби настанати со колонизацијата на опустошените земји, бидејќи се добива впечаток дека селските населби се наоѓаат во шумски предели. Често се споменува за крчење на шуми, обработка на ливади (ледини) како и за напади на диви ѕверови на селските стада. Селаните чии правни односи се регулираат со Земјоделскиот законик се независни земјопоседници. Тие не му се подложни на никој, даноците ги плаќаат непосредно на државата и нивното слободно движење со ништо не е ограничено.

Индивидуалниот имот на селанецот во овој период почнал да преовладува. Селаните се сметаат за господари (κύριοι) на својот движен и

---

Азија потврдува еден оловен печат на Словените од Витинија, кој го публикувал Панченко, Памятник Славян в Вифинии VII века, ИРАИК, 8 (1902) 1-48. Острогорски го датира во 694-5 г., а не како што предложил Панченко во 650 г. За датацијата види Виз. извори т. I, 245 бел. 1. За веќе преселени Словени во М. Азија зборува и еден изворен податок од X век во Списот За Церемониите каде се споменуваат - Склависијани. Виз. Извори, т. 2, Београд 1959, 77. Б. Ферјанчиќ, смета дека овие Склависијани се потомци на оние Словени кои византиските цареви ги наеселиле во текот на VII и VIII век во областите на М. Азија. Сп: Виз. извори,т. II, 77 бел. 286.

108 За влијанието на Словените врз општествената преобразба на Византија, види: Острогорски Г., Утицај Словена на друштвени преображај Византије, Византија и Словени, Сабрана дела књ. 4, Београд 1970, 45-59.

109 Острогорски Г., Византијска селска општина, 103.

110 Земјоделскиот закон е издаден и преведен на бугарски во: Подбрани извори за историята на Византия, под ред. на Д. Ангелов, София 1956, 87-93; Спореди го и најновото и најопшино издание: Византийский земледельческий закон. Текст, исследование, комментарий подготвили Е. Э. Липшиц, И. П., Медведев, Е. К., Пиотровская, под ред. И. П. Медведев, Ленинград 1984. Околу проблематиката на неговата датација види: Острогорски Г., Историја на Византија, 120-121 бел. 17.

недвижен имот, а воедно тие се и членови на селската општина (ἡ τοῦ χωρίου κοινότης )[111].

Од своја страна пак, селската општина претставувала една фискална единица за која бил определуван еден општ данок, кој потоа бил распоредуван меѓу поединците. Членовите на селската општина сноселе заедничка одговорност за плаќање на данокот (ἀλληλεγγύως). Имено, ако еден селанец осиромашел или го напуштел својот имот, тогаш друг, по правило неговиот сосед морал да плаќа данок за него и така се стекнувал со правото да го користи неговиот имот[112]. На овој начин државата се обезбедувала од губење на предвидениот данок.

Што се однесува пак, до воената организација во рановизантискиот период, нејзината основа ја сочинувале странските наемници за кои државата издвојувала големи парични средства, додека во средновизантиската епоха базата ја сочинувал домашниот војник-селанец. Имено, војникот-селанец добивал имот од страна на државата, кој му служел како извор за егзистенција, а за сметка на тоа бил должен на повик од власта, да се јави во определен воен одред со сопствено оружје и со еден коњ[113].

Во економски и социјален поглед немало никакви разлики меѓу независните селани кои плаќале даноци и војниците-селани (стратиоти), кои биле обврзани да служат во војска. Во економски поглед војничките имоти (стратиотските имоти)[114] биле потполно исти како и селските, а во социјален поглед и војниците и независните селани припаѓале на иста

[111] Острогорски Г., Византијска селска општина, 104; Ангелов Д., История на Византия, т. 1, 214-220.

[112] Острогорски Г., Аграрне прилике у византијском царству у средњем веку, Привреда и друштво у Византијском царству, Сабрана дела књ. 2, Београд 1969, 70. За алиленгионот, види: Острогорски Г., Византијски порески систем у старом и средњем веку. Привреда и друштво у Византијском царству, Сабрана дела, књ. 2, Београд 1969, 127-131.

[113] La vie de S. Philarète, ed. M. H. Fourmy et M. Leroy, Byzantion 9 (1934), 126; Острогорски Г., Пронија. Прилог историји феудализма у Византији и јужнословенским земаљама. О византијском феудализму, Сабрана дела књ.1, Београд, 1969, 134; Истиот, Историја на Византија, 129-130.

[114] За институтот на стратиотите подетално зборуваме во псебна глава.

категорија. Тие често биле распоредувани во исти административни и фискални оддели, а царските закони ги третирале како една единствена категорија[115].

Овој систем на стратиотски-војнички имоти, мошне го растеретил државниот буџет и го решил тешкиот проблем кој настанал со големата преселба на народите, кога Царството се нашло во положба да не може да регрутира војска од каде што порано регрутирало.

Стратиотскиот имот со кој располагал војникот-селанец и сам го обработувал, по неговата смрт, го наследувал најстариот син, а заедно со имотот ги наследувал и воените обврски. Останатите потомци го зголемувале бројот на независните селани кои можеле да се ангажираат и искористат за крчење на необработеното земјиште. На тој начин слободното селанство се развивало паралелно со војниците населени на земјата и како што стратиотите биле главната основа на византиската моќ, така независните селани како даночни плаќачи биле сржта на економската и финансиската сила на Византија[116].

Преку поврзувањето на воената служба со земјопоседот византиската влада успеала да го зајакне и прошири ситниот посед, кој ѝ обезбедувал финансиска и воена сигурност. Од тие причнини централната власт имала интерес да го заштити малиот земјопосед, издавајќи за таа цел неколку законски одредби-новели[117].

Во овој период, големи промени претрпел и византискиот град. Имено, византиските градови во VII век претставуваат до извесен степен продолжување и доразвивање на градовите од IV-VI век, меѓутоа паралелно со тоа во нивната социјална структура и администрација настапиле важни измени, кои се должеле на рушењето на робовладетелските форми и постепено формирање на феудалната база.

[115] Острогорски Г., Аграрне прилике, 65.

[116] Исто, 65.

[117] Види: Новела на Роман Лакапин за протимизисот, Новела на Роман Лакапин против динатите, Новела на Константин VII Порфирогенит против динатите, Новела на Константин VII Порфирогенит за стратиотите, Новела на Никифор Фока за стратиотите, Новела на Василиј II против динатите, Подбрани извори, 147-150, 147-150, 155-158, 158-162; 168; 169-174.

Основниот дел од населението го чинеле слободните луѓе, а бројот на робовите бил сосема мал[118].

Може да се каже дека, византиските градови во раниот среден век не биле во потполно опаѓање, како што се мислело порано, но не може да се каже дека ја зачувале непроменета организацијата на античкиот полис, бидејќи градскиот живот во извесен степен почнал да опаѓа веќе во доцноримскиот период. Имено, руралризацијата на градовите била општа појава во средниот век, која што не ја одминала ниту Византија. Дури и во најголемите градови еден дел од населението се занимавало со обработка на земја и со одгледување на винова лоза. Чудата на Св. Димитрија Солунски споменуваат дека за време на еден словенско-аварски напад на Солун (586 г.) многу жители се наоѓале вон градските ѕидини, бидејќи отишле на своите полиња да работат[119].

Во VII в. настапиле важни промени и во самата градска администрација. Позанто е дека во рановизантиската епоха редица градови се користеле со значително месно самоуправување, независно од тоа дали централанта власт спроведувала контрола врз нив преку соодветни органи. Тие имале свои совети (куриалии) кои се грижеле за месните работи и во кои на чело стоеле градски првенци. Голема улога во животот на градот играл и епископот, речиси сите поважни градови биле центри на епископски седишта. Граѓаните располагале со своја милиција и создавале воени одреди[120], кои им служеле за заштита, главно од нападите на варварските племиња[121].

---

[118] Ангелов Д., История на Византия, т.1, 227.

[119] Византијски извори, т. I, 179; Документи, т. I, 27; Липшиц Е. Э., Город и деревня в Византии в VI - первой половине IX в., Город и деревня в Византии в IX-XII вв. (колективный доклад советских ученых) Rapports du XII congres international des Etudes Byzantines, Ochride 1691, Belgrad-Ochrid 1961, 9 и 20; Острогорски Г., Византијски градови у раном средњем веку, Из византијске историје и просопографије, Сабрана дела књ. 3, Београд 1970, 88.

[120] Особен белег на градската автономија ѝ давале димите (партиите) кои преку своите манифестации на незадоволства во значајна мера претставувале коректор на централната власт. Меѓутоа, со сѐ поизразената централизација на византиската држава, тие губат на значење. За димите, за нивната организација и функција во византиското

Од средината на VII век самоуправувањето на градовите во Царството започнало непрестојно да опаѓа[122]. Тоа се должело во најголем дел на спроведените воени и административни реформи т.е. на изградувањето на тематската организација и институтот на стратиотите. Како резултат на тие реформи бил создаден значителен централизам и целата власт во новообразуваните теми била доверена во рацете на тематскиот управител и неговите непосредни соработници. Најзначајните градови на византиските провинции во VII в. стануваат седишта на стратезите и центри на цивилната и воената управа на тие провинции[123]. Бил создаден нов воен, финансиски и судски апарат чии што нишки воделе директно кон дворецот и престолнината, којшто пак од своја страна почнал да ја гуши и така ослабената градска автономија. Градската самоуправа била уништена најпрвин во оние области, кои биле опфатени силно од системот на темите, додека во другите територии, каде што тематската организација не била воведена веднаш, градовите ја зачувале својата внатрешна самостојност. Последиците од овој процес можат да се следат во периферните области на Царството, од една стана во Херсон, а од друга во Далмација, каде што царската власт ја заменувала постепено локалната градска власт со воведувањето на тематското уредување[124].

---

општество види поопширно кај: Караянопулос И. Е., Политическа теория на Византинците, София 1992, 69-70; Острогорски Г., Историја на Византија, 89-91 и таму наведената литература.

[121] Ангелов Д., История на Византия, т.1, 231.

[122] За опаѓањето на античкиот полис и за промените во внатрешниот развој на Византискиот град, види: Курбатов Г. Л., Основные проблемы внутрешннего развития византийского города в IV-VII вв. Ленинград 1971.

[123] Исто, 200.

[124] Ангелов Д., История на Византия, т.1, 232; Острогорски Г., Византијски градови, 88.

## ГЛАВА ТРЕТА

## III. ТЕМАТСКОТО УРЕДУВАЊЕ ВО VIII И IX ВЕК

### 1. Поделбата на големите малоазиски теми

Втората покрупна фаза, од изградбата на тематското уредување во малоазиските области, се карактеризира со делење на територијално големите теми на помали.

Најсеверната тема, Опсикион во периодот од втората половина на VIII век до крајот на првата половина од IX век била разделена на четири дела. Западниот дел го сочинувала темата со старото име Опсикион, а источниот дел го опфаќала новоформираната тема Букеларион. Поделбата на првобитната тема Опсикион ја извршил царот Константин V (741-775). Стратегот на темата Букеларион, која го добила името според старите Букелари[125] населени на неа, се споменува првпат во Теофановата хроника под 767 г.[126] Нејзиниот стратег резидирал во градот Анкира[127]. Подоцна од темата Букеларион биле издвоени нејзините североисточни делови и од нив била формирана, веројатно кон крајот на првата половина од IX век, темата Пафлагонија заради јакнење на византиските позиции на Понт. Прв пат официјално како тема на чие чело стоел стратег, Пафлагонија се споменува во Тактиконот на Успенски[128]. Инаку пред да

---

[125] Во рановизантискиот период, Букеларите биле лична гарда т.е. приватна војска на војсководците. Во времето на Јустинијан I, сите високи офицери имале по една вооружена придружба, заколната на верност. Името Букелари потекнува од латинскиот збор Bucellav, што го означувал називот за најфиниот леб, направен од пченица, кој го јаделе богатите, а оваа војска им служела токму ним. Сп.Византийский военно-исторический словарь интернет, <http://xlegio.ru/pubs/byzant_voco/suida-nova.htm> ; Банеску Н., Историја на Јустинијан I, Скопје 2003, 22.

[126] Theophanis Chronographia I, 440. 28.

[127] De thematibus, 133-135.

[128] Les listes de préséance, 49. 7. Острогорски, настанувањето на овој тактикон го датира во периодот 845-856. Сп. Острогорски Г., Тактикон Успенског и Тактикон Бенешевића. О времену њиховог постанка. ЗРВИ , књ. 2, Београд 1953, 40-48; а според

стане тема, веројатно оваа област била организирана како нижа воено-административна единица - катепанат[129], бидејќи на нејзино чело стои, како што е засведочено во изворите, катепан. Тој имал релативна самостојност и претежно поморски задачи. Катепанот на Пафлагонија се споменува во врска со походот против Херсонците (околу 834 г.). Имено, царот тогаш му наредил на Петрона, катепанот на Пафлагонија да тргне на Крим со своите хеланди-бродови на воената морнарица[130]. Во списот "За церемониите", пак Пафлагонија се наведува заедно со клисуарх и стратег[131]. Ферлуга е на мислење дека Пафлагонија некаде до пред крајот на првата половина од IX век била еден дел клисура[132], а друг дел катепанат. Клисурата во внатрешноста веројатно имала задача за одбрана од непријателот од копно, а катепанатот долж брегот имал задача да врши поморска контрола на Понт. Подоцна кога Пафлагонија била подигната во ранг на тема, клисурата престанала да постои, смета Ферлуга, а

најновата датација на Икономидес, тактиконот настанал во 842/843 г. Сп. Oikonomidés N., Les listes de préséance, 45-47.

[129] Како критериум за одредување на карактерот на нижите воено-административни единици, Ферлуга го зема, пред сé карактерот на власта на нивниот управник и неговата релативна управна самостојност. Сп. Ферлуга Ј., Ниже војно-административне јединице тематског уређења. ЗРВИ. књ. 2, Београд 1953, 65.

[130] Константин Багрянородный, Об Управлении империей, текст, превод, комментарий, под ред. Г. Г. Литаврина и А. П. Новосельцева, Москва 1989, cap. 42. 30-32. (понатаму Об Управлении империей)

[131] De cerimoniis, 788. 11.

[132] Клисурите се територијално мали области, раководени од клисуарх, со изразито војнички карактер. Тие редовно се јавуваат во пограничните ридести предели. Самиот назив клисура се развил од чисто географскиот поим: kleisoàra - клисура, теснец, тешко проодно седло. И со време почнал сé повеќе да добива значење на природно и вештачки утврден ридест премин со кој му се затворал патот на непријателот, така што на крајот, географскиот термин добил значење на погранична област и како таков влегол во терминологијата на тематската организација. По својата положба на границите на државата и по намената да бидат стража од непријателски напади, клисурите во управна смисла биле самостојни воено-управни единици. Од тие причини степенот на концентрација на воената и цивилната власт во рацете на нивниот управник-клисуарх достигнал свој врв. Сп. Ферлуга Ј., Ниже, 76-77.

катепанатот уште некое време постоел во рамките на темата[133]. Поради скудноста на изворите не можеме со сигурност да ја прифатиме хипотезата дека Пафлагонија била поделена на клисура и катепанат, иако постои таков пример со темата Селевкија, за која ќе говориме подолу, сепак изворните податоци упатуваат на заклучокот дека пред да стане тема, Пафлагонија била организирана како нижа воено-административна единица на тематското уредување. Во ранг на тема Пафлагонија, најверојатно била издигната за време владеењето на Теофил (823-843), бидејќи византиската политика во црноморските области се активирала токму во негово време. Острогорски смета дека Пафлагонија станала тема меѓу 819 и 834 г.[134] Меѓутоа, оваа претпоставка не ни изгледа доволно уверлива, бидејќи под 834 г. сé уште се споменува катепан, а не стратег на Пафлагонија[135]. Од таа причина ние сметаме дека, за преминувањето на Пафлагонија во ранг на тема како terminus post quem треба да се земе 834 г. кога се уште на нејзино чело стои катепан, а како terminus ante quem 842/3 г. кога во Тактиконот на Успенски е наведена под стратег. Една помала област од северозападниот дел на темата Букеларион била издвоена во посебна тема под името Оптиматон. Оваа тема била раководена од доместик[136]. Нејзиниот управник ја задржал својата првобитна титула, која имала воен карактер и во подоцнежниот период кога раководените од него воени единици се врзале за определениот округ, што е во склад со развојот на тематското уредување. Ист е случајот и со темата Опсикион која била раководена од комес[137]. Дека Оптиматон била органозирана како тема потврда наоѓаме во листите на достоинственици, каде нејзиниот управник е наведен во класата на стратезите. Арабјанските листи ја

[133] Ферлуга Ј., Ниже, 82.

[134] Острогорски Г., Историја на Византија, 258 бел. 130.

[135] Тука се придржуваме до правилото на Ферлуга, дека тема во воено-административна смисла може да се нарекува само онаа воено-управна единица на чие чело стои стратег. Освен управниците на Опсикион и Оптиматон, кои прават своевиден исклучок, поради тоа што нивниот случај е од посебен карактер. Ферлуга Ј., Ниже, 64-65.

[136] Ð domšstikoj tîn 'Optim£twn. Les listes de préséance, 53. 8, 141. 2, 249. 22, 271. 4.

[137] Ферлуга Ј., Ниже, 64.

вбројуваат во редот на темите[138], а соодветно место нашла и во списот За темите[139]. Потврда на пишаните извори даваат и два печата од IX век, еден печат на стратег и доместик на Оптиматон и еден само на стратегот на Оптиматон[140]. Нејзиниот управник резидирал во градот Никомедија[141]. Јужно од темата Опсикион се простирала темата Анатоликон, една од најважните малоазиски теми, чијшто управник го завземал во листите на достоинственици првото почесно место меѓу стратезите. Оваа тема во периодот од средината на VIII до втората половина на IX век била разделена на три дела и тоа: западен дел-Тракезион, средишен дел-Анатоликон и источен дел-Кападокија. Поделбата на темата Анатоликон ја извршил царот Лав III (717-741) така што нејзиниот западен дел, кој дотогаш претставувал турма на темата Анатоликон, го организирал како посебна тема. Оваа нова тема е наречена Тракезион, според трачките одреди кои биле населени во неа. Ова е уште еден доказ кој укажува на тоа дека населувањето на војниците ја чини основата на тематската организација[142]. Стратегот на Тракезиската тема се споменува под 741 г. во Теофановата хроника[143], а неговата резиденција била во градот Ефес[144]. Во крајниот источен дел од преостанатата територија на темата Анатоликон била органзирана клисурата Кападокија, кој потоа била подигната во ранг на тема. Според описот на Ибн Кордадбех и изричното сведоштво на Ибн Ал Факих, Кападокија во почетокот била клисура[145]. Меѓутоа во Тактиконот на Успенски, на чело на Кападокија не стои клисуарх туку се споменува само нејзиниот турмарх[146]. И во списот De administrando imperio,

---

[138] Brooks E. W., Arabic Listes of the Byzantine Themes, Journal of Hellenic Studies, 21 (1901), 74.

[139] De thematibus, 69-70.

[140] Schlumberger G., Sigillographie de l’Empire byzantine, Paris 1884, 244.

[141] De thematibus, 133.

[142] Острогорски Г., Историја на Византија, 199.

[143] Theophanis Chronographia I, 414. 31-33.

[144] De thematibus, 126.

[145] De thematibus, 120-122; Brooks, Arabic Lists, 75.

[146] Les listes de préséance, 55. 21.

Кападокија се смета за турма на темата Анатоликон[147]. Во Тактиконот на Успенски, се наведува турмарх на Кападокија, покрај турмарсите на Анатоликон, што значи дека турмархот на Кападокија е издвоен од останатите турмарси, а тоа од своја страна би значело дека Кападокија имала донекаде специјална положба во рамките на Анатоликон. Веројатно, од таа причина арабјанските листи го вбројуваат нејзиниот турмарх во редот на клисуарсите[148]. Околу 863 г. Кападокија веќе била тема и како таква влегла во Филотеевиот Клиторологион[149] и Тактиконот на Бенешевиќ[150], а нејзиниот стратег се наоѓа и во платниот список од De cerimoniis[151].

Првобитната најисточна малоазиска тема, Арменијакон до почетокот на втората половина од IX век била разделена на четири дела и тоа: западните краеви биле издвоени во посебна тема Харсијанон, додека пак источните делови биле издвоени во две посебни области Колонеја и Халдија, а средишниот дел го сочинувал остатокот од старата тема Арменијакон. Областа Харсијанон во почетокот била организирана како клисура и како таква прв пат е наведена во Тактиконот на Успенски[152]. Веројатно била формирана за време владеењето на Теофил (829-842) во врска со борбите, кои почнале одново да се водат за време на истиот цар на арабјанската граница. Последен пат нејзиниот клисуарх се споменува во 863 г. како еден од командантите во битката кај Посон против

[147] Об Управлении империей, cap. 50. 83-84.

[148] Сп. Ферлуга Ј., Ниже, 82.

[149] Les listes de préséance, 137. 26; ИБИ VIII-ГИБИ IV, 122. Филотеевиот клиторологион го составил Филотеј, кој бил протоспатариј за време на Лав VI (886-912). Овој важен извор од крајот на IX век, целосно е зачуван предаден дословно во делото на Константин Порфирогенит "De cerimoniis aulae Byzantinae". Bury J. B., The Imperial Administrative System in the Ninth Century, With a Revised Texte of the Kletorologion of Philotheos, London 1911, 132.

[150] Настанувањето на овој спис Острогорски Г. го датирал во периодот од 927-934 г. Сп. Тактикон Успенског и Тактикон Бенешевића. О времену њиховог постанка, 56. Според најновата датација на Икономидес Н. овој спис бил составен во периодот од 934-944 г. Сп. Les listes de préséance, 240-243.

[151] De cerimoniis, 696.

[152] Les listes de préséance, 55. 5.

Арабјаните[153] и веројатно тогаш заради стекнатите заслуги бил издигнат во ранг на стратег. Првпат нејзиниот стратег се споменува околу 873 г.[154]

Областа Халдија во Тактиконот на Успенски се споменува на три места под различни управници: 1. Ð patrik…oj kai strathgÒj Cald…aj 2. Ð doÝx Cald…aj 3. oƒ ¤rcontej Cald…aj[155]. Според еден печат датиран во VIII/IX век Халдија била турма на темата Арменијакон[156]. Од расположливите изворни податоци можеме да заклучиме дека Халдија се развила од турма пред да стане архонтија и дукат, а на крајот била издигната во ранг на тема[157]. Подигнувањето на оваа област во ранг на тема се објаснува со активната и борбена политика на Теофил кон Ерменија и западен Понт, за што сведочат експедициите во Ерменија, на Херсон, создавањето на неколку теми во оваа подрачје, политиката на Византија кон Хазарите итн. Главен град на оваа тема бил Трапезунд[158].

Областа Колонеја во актите на 42 амориски маченици се споменува како дукат[159], но не нашла свое место во Тактиконот на Успенски. Бидејќи не се споменува ниту во арабјанските листи ниту во Тактиконот на Успенски, Бјури претпоставува дека оваа област била мошне долго време турма на темата Арменијакон[160]. Горната граница за постоење на дукатот е дадена преку учеството на стратегот на Колонеја во битката кај Посон во 863 г.[161] За Колонеја е зачуван дури и еден печат, кој го споменува нејзиниот архонт[162]. Патот на развојот на Колонеја бил сличен со тој на

---

[153] Theoph. Cont. 181.15, 183.9. цит. сп. Ферлуга Ј., Ниже, 80.

[154] De thematibus, 123-124; Ферлуга Ј., Ниже, 80.

[155] Les listes de préséance, 49. 10; 53. 4; 55. 2.

[156] Schlumberger G., Sigillografie, 289.

[157] Острогорски смета дека Халдија преминала во ранг на тема во периодот од 819-834 г. Сп. Острогорски Г., Историја на Византија 258 бел. 130.

[158] De thematibus, 137-139; Ферлуга Ј., Ниже, 88.

[159] De thematibus, 141.

[160] Bury J. B., A history of the Eastern Roman Empire from the Fall of Irene to the accession of Basil I (802-867), London 1912, 223.

[161] Theoph. Cont., 181. 9. цит. сп. Ферлуга Ј., Ниже, 82.

[162] Панченко, Моливдовулы, Изв. Русск. Археол. Инст. в К/поле, 9 (1904) 367 бр. 211.

Халдија, бидејќи веројатно и двете се развиле од архонтија и дуцат до тема[163].

Во периодот од 710 до 731 г. била разделена во два дела и темата на Карависијанците, која првобитно ги опфаќала сите поморски провинциски сили на Византија. Во Теофановата хроника под 697/8 г. се споменува patr…kioj ka… strathgÒj tîn `Romaikon tlwim£twn[164], а во истата година е наведен и drougg£rioj tîn Kiburaiwtîn[165]. Ферлуга смета дека пред да дојде до поделбата на темата на Карависијанците, значи пред крајот на VIII век настанала само извесна внатрешна промена во темата[166]. Во 710 г. се уште се споменува patricius et stratigos Caravisianorum, но веќе во 731 г. се појавува стратег на Кивиреота[167]. Според тоа меѓу 710 и 731 г. друнгаријатот бил подигнат во ранг на тема[168]. Другата единица која била издвоена од темата на Карависијанците е друнгаријатот на Егејското море. Во Тактиконот на Успенски е наведена под управа на друнгаријат[169], а во Филотеевиот Клиторологион, таа веќе е тема под управа на стратег[170]. Ферлуга смета дека издигнувањето на друнгаријатот на Егејско Море  во ранг на тема се случило за време владеењето на Василиј I (867-886), доведувајќи го во врска со освојувањето и создавањето на темата Кипар како и со офанзивната политика кон Арабјаните, воопшто и на море посебно[171]. Од темата на Егејското Море подоцна била формирана темата Самос, која првпат се споменува во Филотеевиот Клиторологион[172]. Оваа тема била организирана за време владеењето на Лав VI (886-912) кон крајот на IX век. Таа била поделена во

[163] De thematibus, 141; Ферлуга Ј., Ниже, 88.

[164] Theophanis Chronographia I, 370. 8.

[165] Исто,  370. 23-24.

[166] Ферлуга Ј., Ниже, 71.

[167] Theophanis Chronographia I, 410. 6

[168] De thematibus, 149-150; Bréhier L., La marine de byzance du VIIIe au XIe siècle, Byzantion XIX (1949) 3.

[169] Les listes de préséance, 53. 18.

[170] Les listes de préséance, 105. 22; De Thematibus, 154-155.

[171] Ферлуга Ј., Ниже, 73.

[172] Les listes de préséance, 101. 29.

два дела Адрамитион и Ефес, нејзиниот стратег резидирал во градот Смирна[173].

Во периодот кога се делела поморската тема и се вршела реорганизацијата на морнарицата во Византија постоеле две флоти: една во Константинопол, одржувана од централната каса и провинциската флота, формирана од контингентите на морските теми. Додека императорската флота била користена пред сé во експедиции и за одбрана на околината на Константинопол, тематската флота била ангажирана како морска полиција и била задолжена за одбивање на ненадејни напади. Нејзината стабилност била важен елемент за поморската моќ на Царството и се засновала на два услова: ставање во состојба на постојана одбрана, која ја гарантирала безбедноста и создавање на војнички имоти за поморска служба, кои ја обезбедувале регрутацијата на екипажот[174]. Подробно за војничките имоти зборуваме во посебна глава.

Постојат повеќе причини заради кои биле поделени темите со голема територија на помали единици. Една од нив, сигурно, била и можноста на тој начин, да се зголеми еластичноста и ефикасноста на копнената и поморската провинциска армија, додека пак узурпацијата, најверојатно, била најсилната причина за тоа. Имено, моќта на стратегот и на војската предводена од него пораснала до тој степен, што повремено станувале одлучувачки фактор во симнувањето и устоличувањето на одредени императори. Секојпат, кога стратегот се чувствувал силен и надмоќен, настојувал да ја искористи ситуацијата во своја полза, да се побуни против императорот, па дури и да се искачи на цариградскиот престол. Узурпацијата била честа појава, секогаш кога централната власт покажувала знаци на слабост. На тоа упатуваат следниве неколку примери.

На 3 јуни 713 г. воените одреди на Опсикион, кои добиле задача од императорот Филипик (711-713) да го одбијат нападот на бугарскиот хан Тервел во Византија, се побуниле против Филипик, го симнале од престолот и го ослепиле. Опсикиските одреди повторно се дигнале на

173 De Thematibus, 153-154; Bréhier L., La marine de byzance, 7.

174 Bréhier L., La marine de byzance, 3 и 7.

востание, но овој пат против императорот Анастасиј II (713-715), кога тој на островот Родос ги сконцентрирал овие одреди. Нивната задача била да го одбранат Царството од Арабјаните, кои се подготвувале за напад на Цариград. Одредите штом пристигнале на островот, се побуниле, се вратиле на копно и го прогласиле за цар Теодосиј, собирач на данок во нивната тема. Тој, пак заминал во бегство за да ја избегне оваа неочекувана и опасна чест, но го фатиле и го натерале да ја прими царската круна[175].

Во 726 г. кога Лав III (717-741) отворено почнал да истапува против култот на иконите, темата Хелада се дигнала на востание, прогласила свој цар и тргнала со своја флота на Цариград. Царот успеал да го задуши востниeто, но побуната на една цела тема заначела, навистина сериозно предупредување[176].

Кога Константив V во јуни 742 г. тргнал во поход против Арабјаните, Артавазд стратегот на темата Опсикион, го нападнал императорот, кој минувал низ оваа област и го победил. По овој успех Артавазд се прогласил за цар и стапил во преговори со Теофан Монут, кого Константин V го оставил за регент во Цариград. Артавазд примил круна од патријархот Анастасиј и ја носел цели 16 месеци, кога Константин V најпосле влегол во престолнината се пресметал со узурпаторот и одново ја повратил власта. Токму узурпацијата била главната причина Константин V да ја подели темата Опсикија[177].

Во периодот од 821-823 г., Византија ја потресувало големо востание, организирано од Тома Словенот[178]. Тој на почетокот од владеењето на Никифор I (802-811) бил во служба, заедно со Лав Ерменец и Михаил Амориец, на малоазиската војска на Вардан Турчин, стратегот на темата Анатоликон. Во 803 г. кога Вардан Турчин се дигнал на востание против

[175] Острогорски Г., Историја на Византија, 195-196.

[176] Исто, 205.

[177] Исто, 209-210.

[178] За словенското потекло на Тома, види: Рајковић М., О пореклу Томе, вође устанка 821-823 г., ЗРВИ 2 (1953) 33-38.

Никифор[179], Тома му бил соучесник. За време владеењето на Лав III, Тома станал турмарх на темата Анатоликон. Кога се дознало дека Михаил го убил Лав и го пригрaбил престолот, Тома се дигнал на востание, истапувајќи како одмаздител на Лав III и како бранител на култот на иконите. Од вкупно шест малоазиски теми, само темите Опсикион и Арменијакон му останале верни на императорот Михаил II (820-829), а останатите му се приклучиле на узурпаторот Тома. Тој, добил подршка и од калифот ал-Мамун (813-833), па дури и се прогласил за цар, примајќи ја круната од рацете на антиохискиот патријарх, Јов. Во декември 821 г. Тома го опколил Цариград. Опсадата траела скоро две години, но била неуспешна. Во пролетта 823 г. Тома морал да ја прекине опсадата, повлекувајќи се најпосле во Аркадиопол. Меѓутоа по петмесечна опсада на Аркадиопол бил фатен и казнет со отсекување на екстремитетите и набивање на кол[180]. Едно вакво востание од широки размери, значело навистина, сериозно предупредување за централната власт.

Со намалувањето на темите се намалувала и моќта на стратегот, кој сега располагал со значително помали воени контингенти и на тој начин Византија ја зацврстувала својата централистичка власт, намалувајќи ја можноста за поголеми побуни, кои ги имало претходно.

---

179 За ова востание опширен опис дава Теофан во неговата Хронографија, види: Theophanis Chronographia I, 479-480.

180 Подбрани извори, 102-108, Сп. и: Bury J.B., A History of the Eastern Roman Empire, 88-110; Левченко М. В., История на Византия, София 1948, 174-176; Баришић Ф., Две верзије у изворима о устанку Томи, ЗРВИ Књ. 6 (1960), 145-166; Острогорски Г., Историја на Византија, 254-256.

## 2. Втората фаза од изградбата на тематското уредување на Балканот

Тракија и Хелада биле единствените теми коишто Византија ги имала на Балканот од крајот на VII век и мошне долго време во тоа немало никакви промени. Поминале речиси сто години, а не била формирана ниту една нова тема. Дури во крајот на VIII век продолжило изградувањето на тематското уредување на Балканското подрачје. Причината за таквиот застој била хаотичната состојба на Балканот по доаѓањето на Словените, како и зафатеноста на Византија во војните со Арабјаните на Истокот.

Меѓу првите, во редицата новоформирани теми на Балканот во втората фаза, била темата Македонија. Таа била формирана, веројатно, со цел поцврсто да се заштити византиската престолнина и самата источна граница на Византија од нараснатата опасност, која ја предизвикувале Бугарите заедно со нивните сојузници, Склавинииите на егејското крајбрежје. Настаните кои се развиле во последното десетлетие на VIII век покажале дека постоењето на една тема не било сосема доволно за да се справи успешно византиската влада со Бугарија[181]. Имено, Византија со склучување на неколку договори за мир успеала да се обезбеди од арабјанските напади, меѓутоа во 789 г. била обновена војната со Бугарите под водство на царот Константин VI (780-797), тоа за Византија претставувало обновување на неволјите со Бугарија. Во летото 792 г. Византија претрпела тежок и срамен пораз кај пограничната тврдина Маркела. Царот неславно побегнал од боиштето, а повеќе угледни војсководачи паднале во ропство, па византиската влада била принудена да склучи мир и да плаќа данок[182]. Токму во врска со овие настани, веројатно била создадена темата Македонија.

[181] Коледаров П., Името Македония, 55; Антолјак С., Македонија во IX век, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985, 182.

[182] Острогорски Г., Историја на Византија, 228-229. Божилов И.,- Гюзелев В., История, т. 1, 122.

Прашањето за тоа кога настанала оваа тема е мошне дискутабилно, па затоа во науката се оформиле повеќе гледишта.

Прв пат нејзиниот стратег се споменува во Теофановата хроника под 802 г., поточно се споменува моностратег на Тракија и Македонија[183]. Додека пак, под 813 г. е наведен само patr…kioj ka… strathgÕj Makedon…aj[184].

Врз основа на известувањата кои ги дава Теофан, Лемерл, сосема оправдано забележува дека таа е создадена пред 802 г., бидејќи е очигледно, за да се обединат под еден стратег двете теми, би требало пред тоа да постојат одделно[185]. Следствено годината 802 ја прифаќаме како terminus ante quem. Повеќето историчари сметаат дека создавањето на темата Македонија треба да се смета за непосредна последица на Ставрикиевиот поход од 783 г.[186] Меѓутоа, Лемерл П. потсетува дека неколку години подоцна, како што е наведено во Теофановата хроника, т.е во 789 г. стратегот на темата Тракија, војувал против бугарските војски и загинал во областа на Струма[187]. Походот значи не бил воден од стратегот на темата Македонија. Ако во овој регион постоела и друга тема, освен Тракија, забележува Лемерл П., тогаш воената задача во долината на р. Струма би требало да му се довери на стратегот на

[183] "Во таа година [т.е 802 б.а] патрицијот Аециј, откако се спасил од Ставрикиј и се смирил, направил обид да ја префрли врховната власт на својот брат кога и го направил monostr£thgoj на Тракија и Македонија, а тој самиот ги зел пограничните теми Анатоликон и Опсикион". Theophanis Chronographia I, 475. 20-24.

[184] Theophanis Chronographia I, 501. 1.

[185] Lemerle P., Philippes et la Macédoine orientale à l`époque chrétienne et Byzantine, Paris 1945, 122.

[186] Острогорски Г., Историја на Византија, 243; Живковиќ Т., Јужни Словени, 233. Тука сметаме за потребно да потенцираме дека походот на Ставрикиј се одвивал против Словенските племиња и ги засегнал областите околу Солун, потоа Тесалија и Хелада, каде ги покорил Словените и ги натерал на послушност. А оттаму продрел и на Пелопонез од каде одвлекол многу заробеници и плен, како што соопштува Теофан. Сп: Theophanis Chronographia I, 456. 25-29, 257. 1-2.

[187] Theophanis Chronographia I, 463. 28, 464. 30

најблиската воена единица. Токму затоа Лемерл, смета дека темата Македонија е создадена по овој настан т.е по 789 г. и пред 802 г.[188]

Коледаров смета дека terminus post quem треба да се постави подоцна од 789 г. Имено тој е на мислење дека создавањето на оваа тема треба да ѝ се припише на императорката Ирина и тоа за време на нејзиното самостојно владеење (797-802). Поточно, Коледаров П. смета дека темата Македонија била формирана по 799 г. т.е по Пасхалните свечености, затоа што во таа година нејзиниот стратег не се споменува во свитата на Ирина. Имајќи го во предвид значењето[189] на темата Макдонија, ако таа тогаш навистина постоела, нејзиниот стратег сигурно ќе бил во свитата на императорката Ирина, во кругот на нејзините доверливи луѓе т.е. меѓу четворицата патриции, кои ја придружувале на свеченото излегување од храмот на Св. Апостоли. Во свитата на Ирина, Теофан ги наведува следните патриции: стратегот на темата Тракезион, Вардан; стратегот на темата Тракија, Сисиниј; доместикот на Схолите, Никита и Константин Боил[190]. Томку затоа Коледаров настанувањето на темата Македонија го става во временските рамки од 799-802 г.[191] Поради отсуство на попрецизни изворни податоци, кои би овозможиле да се дојде до поблиска временска одредница, кога е создадена оваа тема, што е мошне тешко, образложенитето на Коледаров изгледа најприфатливо од сите претходно наведени.

За образување на темата Македонија биле издвоени западните делови[192] од првобитната балканска тема Тракија, а исто така ѝ биле

[188] Lemerle P., Philippes, 122; Сп и: Les listes de préséance, 349.

[189] Престолничката гвардија која се состоела од четири воени единици-тагми, се пополнувала со војници од темите Тракија и Македонија. Оттаму произлегувала важноста на овие две теми во воено-административното уредување на Византија. Освен тоа, како теми најблиски територијално до престолнината имале удел и во дворското уредување и во личната сигурност на владетелот. Сп: Коледаров П., Името Мкедония, 56.

[190] Theophanis Chronographia I, 474. 8-11.

[191] Коледаров П., Името Мкедония, 56.

[192] Арабјанските извори, границите на темата Македонија ги лоцираат приближно на следниот начин: на исток е Долгиот ѕид, на југ Егејско море, на запад земјата на Словените, а на север земајата на Бугарите. Понатаму се вели дека должината на оваа провинција е 15 дена одење, а ширината 5 дена и дека има три утврдени места. Сп: Gelzer

придодадени и териториите населени со Словени над кои што Империјата успеала да ја наметне својата власт, преку организираните походи во втората половина на VIII век[193].

Во врска со името на темата Македонија, кое од географски аспект е неточно, Оболенски смета дека со тоа што византиската влада, западниот дел од Тракија го именувала како Мкедонија, имала само намера оваа област да ја користи како отскочна даска за обновување на вистинска Македонија, која тогаш сé уште се наоѓала во рацете на Словените[194]. Меѓутоа, ако се навратиме на начинот на којшто првите малоазиски теми ги добивале своите имиња, ќе ни стане сосема јасно зошто оваа тема го добила името Македонија. Имено првите малоазиски теми, своите имиња ги добивале според војничкиот одред од каде што тој потекнувал, односно доаѓал, на пр: Арменијакон, Тракезион, Букеларион итн. Нема сомнение дека овде станува збор за истиот начин на добивање на името Македонија т.е дека темата Македонија го добила својот назив според јадрото на нејзиното војничко население. Самото име на темата Македонија, потекнува од античката провинција и диецеза со истото име и е поврзано со преселување на старите Македонци. Тоа било предизвикано од надоаѓањето и населувањето на словенските племиња, при што староседелците биле принудени да бараат прибежиште во утврдените градови и посебно таму каде што контролата на Империјата била на завидно ниво т.е во југоисточна Тракија[195]. Стратегот на темата Македонија резидирал во градот, Адријанопол[196].

Во приближно исто време со појавувањето на темата Македонија, ако не и нешто порано може да се постави настанувањето на темата

---

H., Die Genesis der byzantinischen Themenverfasung (Abhandlungen der philosophisch-historischen Classe der königlich Sä Chsischen Gesellschaft der Wissenschaften XVIII/5) Leipzig 1899, 82; Brooks E. W., Arabic listes, 73.

[193] Theophanis Chronographia I, 430. 20-21 и 456. 25-29 – 457. 1-2; Византијски извори, т. I, 230 и 234, Документи, т. I, 42 и 44-45; Коледаров П., Името Мкедония, 64.

[194] Оболенски Д., Византијски комонвелт, 94.

[195] Коледаров П., Името Македония, 57.

[196] De Thematibus, 162-164.

Пелопонез. По однос на тоа кога на Пелопонез била формирана тема не постои единствено утврдено мислење во науката[197].

Според податоците кои ги дава Монемвасиската хроника[198], Пелопонез за време од 218 години бил преплавен од словенско население: "Така Аварите [т.е. Словените б.а] освојувајќи го Пелопнез и населувајќи се на него, останаа двесте и осумнаесет години не покорувајќи се ниту на царот на Ромеите ниту на некој друг, т.е од годината 6096 од создавањето на светот [588 б.а] која била шеста година од царувањето на Маврикиј, па до 6313 г. [805 б.а] која била трета година од царувањето на Никифор Стариот кој имал син Ставрикиј[199]. Бидејќи само источниот дел на Пелопонез од Коринт до Малеја, заради карпите и стрмноста бил чист од словенски народ, на тој дел од ромејскиот цар бил испратен стратег на Пелопонез"[200]. Овој извадок јасно говори дека, заради словенската

[197] Во науката се изнесени мислења дека Пелопонез бил претходно турма на темата Хелада, а потоа бил издигнат во ранг на тема за време владеењето на Никифор I (802-811). Сп: Bury J. B., A History of Eastern Roman Empire, 224. Ова мислење го поддржува и Живковић Т., Јужни Словени, 115. Меѓутоа, Острогорски Г., по однос на оваа прашање дал солидни аргументи, дека не може да стане збор за тоа, бидејќи во листите на достоинственици Пелопонез завзема повисоко место во споредба со темата Хелада. Имено, ако Пелопонез бил турма на темата Хелада, сигурно ќе завземал подолно место од матичната тема. Сп: Острогорски Г., Постанак, 148. Пелопонез кој се оформил како посебна тема, независно од темата Хелада имал повисок ранг веројатно, заради неговото стратегиско значење во тој период. Исто така постои мислење дека темите Хелада и Пелопонез настанале со делба на големата поморска тема на Карависијанците, за што немаме сигурни податци. Сп: Живковић Т., Јужни Словени, 115 и таму наведената литература.

[198] Монемвасиската хроника е извор кој потекнува од крајот на X или почетокот на XI век од анонимен автор. Во неа се зборува за основањето на градот Монемвасија. Византијски извори т. I, 283.

[199] За полемиките околу времетраењето на словенската власт на Пелопонез, види: Византијски извори т. I, 287 бел. 9.

[200] Византијски извори, т. I, 286-289; Charanis P., The Cronicle of Monemvasia and the Question of the Slaconic Settlements in Greece, Dumbarton Oaks Papers 5 (1950) 147-148; Lemerle P., La chronique improprement dite de Monemvasie: La contexte historiquen et le gendaire, R. E. B. 21 (1963), 9-11;

доминација на Пелопонез[201], византиската власт не можела да се воспостави и зацврсти на целата негова територија, па затоа била ограничена само на неговиот источен дел, кој бил организиран како тема. Со тоа отпаѓаат сите мислења кои се однесуваат на тоа, дека оваа тема била формирана во времето на Никифор I (802-811)[202], затоа што таа изрично се споменува пред словенската опсада на Патрас, за која известува Константин Порфирогенит. Имено, во 49-та глава од списот DAI се вели: "Кога Никифор го држел скиптарот на Ромеите, овие [т.е Словените б.а] , кои беа во темата Пелопонез одлучија да се одметнат и најпрвин ги ограбија и опустошија куќите на соседните Грци[203], а потоа тргнаа против жителите на градот Патрас, го опустошија полето пред ѕидините и почнаа да го опсадуваат градот, водејќи со себе и африкански Сарацени. Бидејќи поминало доста време и во градот почнало да се јавува недостаток од животни намирници, вода и храна, граѓаните се посоветувале и олучиле да стапат во преговори, да добијат ветување за сигурноста и тогаш градот да им го предадат ним. Бидејќи стратегот се наоѓал на крајот од темата во тврдината Коринт, очекувале дека ќе дојде на помош и ќе го победи народот на Словените, затоа што од архонтот претходно бил известен за нивниот напад..."[204]. И овде изрично се споменува темата Пелопонез заедно со нејзиниот стратег што потврдува дека таа била формирана пред опсадата на Патрас од Словените во 805 г.;

[201] Дека долго време словенскиот елемент бил доминантен на Пелопонез, потврда дава и Константин Порфирогенит во делото "За темите", каде вели: "Се пословени целата земја и постана варварска...". De Thematibus, c. 6. 33-34; Византијски извори за историју народа Југославије, т. II. Обрадио Б. Ферјанчић, Београд 1959, 75; ИБИ IX-ГИБИ V, 197-198.

[202] Bon A., Le probleme Slave dans le Péloponése à la lumiére de l`archéologie, Byzantion 20 (1950), 14 , мисли дека темата Пелопонез настанала најдоцна до 812 г. Zakythinos D., Le theme de Céphalonie et la defense de l`occident, Hellénisme Contemporain 3-4 (1954) 310, го става создавањето на пелопонеската тема во периодот (802-812).

[203] Терминот Graiko..., кој Порфирогенит ретко го користи, се однесува на населението кое се вратило од јужна Италија, а кое претходно било истиснато од словенскиот продор на Пелопонез. Сп: Живковић Т., Јужни Словени, 125 бел. 280.

[204] Константин Багрянородный, Об Управлении империей, гл. 49. 4-17; Византијски извори, т. 2, 66-67.

а веројатно, по Ставрикиевиот поход од 783 г., кога за прв пат се зборува за поход против Словени на Пелопонез[205]. Потврда на наративните извори за постоењето на стратегот на Пелопонез уште во VIII век дава и еден печат на Исаија, царски протоспатар и стратег на Пелопонез, кој Шлумберже го датира во VIII век[206]. Од горе наведениот извадок исто така можеме да насетиме дека овие Словени, коишто се побуниле и го опседнале Патрас биле во рамките на темата Пелопонез, бидејќи се вели дека "се одлучиле да се одметнат", а подолу се вели дека "стратегот се наоѓал на крајот од темата т.е во Коринт". По оваа опсада којашто била неуспешна за Словените, како што известува Порфирогенит[207], веројатно била проширена византиската власт над поголемиот дел од Пелопонез[208].

За тоа дека поголемиот дел на Пелопонез бил словенизиран и дека Словените и покрај тоа што биле вклучени во тематскиот систем, знаеле честопати да се побунат и да се осамостојат, говори и гл. 50 од списот DAI : "Треба да се знае дека Словените од пелопонеската тема во време на царот Теофил [829-842 б.а] и неговиот син Михаил [се мисли на Михаил III (842-867) б.а], востанале и станале самостојни, вршејќи пљачкање и заробување и палење и крадење. За време на царувањето на Теофиловиот син Михаил, испратен е протоспатарот Теоктист, чиј псевдоним е Вриениј за стратег на темата Пелопонез, со голема војска и сила, имено со војска од Тракија и Македонија и останатите западни теми за да завојува на нив и

---

205 Значењето на овој поход го истакнува Теофан, кој бележи дека, војсководецот Ставрикиј го прославил својот триумф во јануари 784 г. на Хиподромот. Theophanis Chronographia, I, 457. 4-6. Во поново време Живковић Т., Јужни Словени, 120 бел. 270 и 126 бел. 283, претпоставува дека темата Пелопонез настанала во периодот од 784 до 788 г. доведувајќи ја во врска со Иринината политика кон Франките т.е. кон Западот. И Оболенски Д., Византијски комонвелт, 95, смета дека Пелопонез бил издигнат во ранг на тема кон крајот на VIII век.

206 Schlumberger G., Sigillographie, 179.

207 Об Управлении империей, гл. 49. 25-38.

208 Острогорски Г., Постанак, 153; Ферлуга Ј., О неким аспектима изградње тематског уређења на Балканском полуострву, Зб. Филозофског факултета 8/1, Београд 1964, 136-137. Живковић Т., Јужни Словени, 122, смета дека проширувањето на византиската власт на Пелопонез се одвивало меѓу 802 и 806 г.

да ги покори[209]. И тој го покорил и совладал сите Словени и останатите непокорни племиња од темата Пелопонез, со исклучкок на Езерците и Милинзите во близина на Лакедемонија и Хелос"[210]. Од овој извадок дознаваме дека Словените во темата Пелопонез биле бунтовни и непокорни, при што честопати знаеле да се побунат и да се осамостојат. Тоа до некаде зборува дека византиската власт на територијата на Пелопонез не била сосема цврста и стабилна, туку напротив, покажувала повремено знаци на слабост, која Словените вешто ја користеле. Имено, подолу во истата глава се вели дека во време на Михаил III, со походот на Теоктист, сите Словени биле потчинети освен Милинзите и Езерците. На нив, подоцна им било наложено да плаќаат едните по 300, а другите по 60 номизми на стратегот, што значи дека тие во извесен степен биле потчинети. Додека пак, во време владеењето на Роман I Лакапин (920-944), кога стратег бил Јован Протевон, Милинзите и Езеритите ниту го слушале стратегот ниту се покорувале на царските наредби, туку се јавуваат како независни и самостојни, не примајќи архонт од сратегот[211]. Значи и покрај тоа што византиската власт била повремено нарушувана од страна на Словените од Пелопонез, тие сепак биле вклучени во рамките на тематскиот систем на  Византија, со исклучок на Милинзите и Езеритите, кои имале извесна внатрешна автономија.

Кон крајот на VIII или во почетокот на IX век била формирана и темата Кефалонија, која ги опфаќала Јонските острови[212]. Нејзиниот стратег првпат се споменува под 809 г. во Аналите на Ајнхард, поточно се споменува патрициј Павле (praefectus Cephaloniae), кој што стоел на чело на еден византиски одред, кој дејствувал во Венеција против Лонгобардите на Пипин[213]. Во списот DAI пак, Константин Порфирогенит, за темата Кефалонија го вели следното: "треба да се знае дека стратегот на

[209] Овој поход  различно е датиран во науката: Bury J. B., A History of Eastern Roman Empire, 372, 379 бел. 1-2 го датира меѓу 847-850; Lemerle P., Philippes, 127, го датира меѓу 842-850.

[210] Об Управлении империей, гл. 50. 6-16; Византијски извори, т.2, 70-71.

[211] Исто, гл. 50.13-31.

[212] De Thematibus, 91.1-2 – 92.3-7 и 174-175.

[213] Einhardi Annales, MGH SS, I, ed. G. Pertz, Hanuverae 1826, 196-197.

Кефалонија т.е. островите биле порано турма на стратегијата Лонгобардија, а стратегија станала за време на Лав [(886-912) б.а], христољубивиот деспот"[214]. Во врска со овој извештај на Константин Порфирогенит во науката е утврдено дека се работи за грешка. Имено, според заклучокот на Икономидес, Константин Порфирогенит згрешил користејќи една белешка и наместо да пишува дека Лонгобардија била издигната во ранг на тема од Лав VI (886-912), која што порано била турма на Кефалонија, го напишал токму спротивното[215]. Освен тоа, податокот што го даваат Аналите на Ајнхард за Paulus Cephalonae praefectus, не може да стане збор, според Икономидес, за потчинет службеник во провинциската администрација, бидејќи се работи за достоинство на патрициј, кое во византиската хиерархија на достоинства е многу високо во IX в.[216] Што се однесува пак до времето кога била формирана оваа тема, Икономидес се определил за термин пред 809 г., а веројатно во текот на VIII в. т.е. во втората половина на VIII в. со цел да се заштити западниот фронт на Империјата. Имено, Таа била застрашувана во тој период од двајца непријатели: Лонгобардите придружени од Франките, кои по паѓањето на равенскиот егзархат во 751 г., го окупирале речиси целиот Италијански полуостров и арабјанската флота, која веќе во средината на VIII в. ги напаѓала повеќето од византиските острови, меѓу кои на прво место биле Крит и Сицилија[217]. Острогорски смета дека темата Кефалонија би можела да биде формирана најдоцна во почетокот на IX в.[218], слично мисли и Ферлуга, велејќи дека била формирана во првите години на IX в., односно за време владеењето на Никифор I[219]. Ние како terminus ante quem ја прифаќаме 809 г., а terminus post quem тешко е да се

---

[214] Об Управлении империей, 50. 85-87.

[215] Oikonomidès, N., Constantin VII Porphyrogénète et les thèmes de Céphalonie et de Longobardie. R.E.B 23 (1965), 123.

[216] Исто, 118.

[217] Исто, 118-119.

[218] Острогорски Г., Постанак, 153.

[219] Ferluga J., Sur la date de la creation du theme de Dyrrachium, Actes du XII congres international D' etudes byzantines, Ochride (10-16 sep. 1961), vol. 1, Beograd 1964, 84 бел. 5 и 92.

одреди, меѓутоа со оглед на ситуацијата во која се наоѓала Византијската империја од втората половина на VIII в., сметаме дека темата Кефалонија би можела да биде формирана во последните децении на VIII в. за одбрана на византиската таласократија во Јадранското и Јонското Море од арабјанската опасност. Во соседство на темата Кефалонија била формирана и темата Драч.

Драч како главно византиско упориште на Јадранот, било издигнато во ранг на тема, веројатно во почетокот на IX век и ги опфаќало остатоците од римските провинции Praevalis и Epirus Nova[220]. Во византиските листи на достоинственици, стратегот на Драч се споменува првпат во Тактиконот на Успенски и тоа во категоријата на првите византиски функционери[221]. Меѓутоа, според Ј. Ферлуга, темата Драч

[220] За границите на темата Драч и за населението кое ја населувало види повеќе во: Византиска тема Дирахион, Зб. Константина Јиричека т.1, уред. М. Динић, Посебна издања одељење друштвених наука САН, књ. CCCXXVI, NS књ.33, Београд 1959, 225.

[221] Ð patr…kioj ka… strathgÒj toà Durrac…ou. N., Les listes de préséance, 49. 10; Византијски извори за историју народа Југославије, т. III. Обрадили Ј. Ферлуга, Б. Ферјанчић, Р. Катичић, Б. Крекић, Б. Радојчић. Уредници Г. Острогорски и Ф. Баришић Београд 1966, 3; Освен стратег во Тактиконот на Успенски се споменуваат и архонти на Драч. Oikonomides N., Les listes, 57. 11; Византијски извори, т. III, 3. Ова зборува дека Драч пред да биде издигнат во ранг на тема бил архонтија. Сп. Ферлуга Ј., Ниже, 89-92; Истиот, Драч и драчка област пред крај X и почетком XI века, ЗРВИ, 8/2 (1964), 127. Споменувањето на архонтите покрај стратегот укажува на тоа дека еден дел од управата, пред сé локалната, останала во рацете на локалните власти во градовите и дека претставниците на тие власти биле потчинети на стратегот. Сп. Византијски извори, т. III, 3, бел. 6. Маргетић Л., (Margetić L., "Provincijalni arhonti" Taktikona Uspenskog (s osobitim obzirom na arhonta Dalmacije) ЗРВИ бр. 29-30, 1991, 57), потенцира дека тие архонти не се само индивидуални функционери во одреден град, туку се воедно и византиски функционери на коишто Византија им признавала одреден ранг и одредена чест во хиерархијата на византиската служба и достоинства. Тие се извесен остаток од локалната автономија, која Византија ја признавала на одредени градови од одредени региони во време кога сé уште не успеала да во целост да ја наметне својата власт над сите делови од одделни региони. Понатамошното јакнење на византиската власт во втората половина на IX в., вели тој, довело до исчезнување на тој вид локална автономија. За широката употреба на титулата-архонт и особено за разликата меѓу архонти на независни држави вон Царството, кои биле во одреден однос, понекогаш не доволно дефиниран кон византиските цареви и оние другите архонти, кои се потчинувале на стратегот т.е на

постоела и пред овој датум т.е. пред 842/843 г.[222] Имено, Ферлуга анализирајќи го писмото на Теодор Студит упатено до Антониј од Драч, кој бил епископ пред 826 г., во кое меѓудругото се споменува и Тома хипат и хартуларij. Ферлуга е на мислење дека Тома ѝ припаѓал на Драчката тема и токму овој податок го зема како главен аргумент за постоењето на темата Драч пред 826 г., а веројатно и пред 815 г., како што вели тој[223]. Ова мислење го прифаќа и Живковић Т. [224] Ако се земат во предвид најновите истражувања во врска со датацијата на ова писмо, кое е датирано во 823 г.[225], тогаш тврдењато на Ферлуга за постоењето на темата Драч[226] во првите децении на IX век, може да се прифати како уверливо.

---

византискиот чиновник, а кои што пак на тој начин биле вклучени во тематскиот систем, види: Ферлуга Ј., Византијско царство и јужнословенске државе од средине IX до средине X в., ЗРВИ књ. 13, Београд 1971, 86-96.

[222] Ferluga J., Sur la date, 85.

[223] Исто, 89-91.

[224] Живковић Т., Јужни словени, 247.

[225] Сп. Theodori Studitae Epistulae, ed. G. Fatouros, I, Berolini 1992, 427.

[226] Тематската организација во Драч за извесен период била прекината, поради неговото паѓање под власта на Самуил. Постојат различни мислења во однос на хронологијата за освојувањето на Драч од Самуил, така според Ферлуга Ј. во 90-те години на X в. според најновите истражувања, а не пред тоа како што порано се мислело во историографијата, вели тој, Драчката тема дошла под Самуилова власт. Сп: Ферлуга Ј., Драч и драчка област, 118 бел. 8. Самуиловиот поход на Драч, Ферлуга го датира во временскиот период од 990/91, кога Владимир како самостоен владетел упатил пратеништво во Цариград, (за претеништвото, види: Острогорски Г., Српско посланство Василију II, Византија и Словени, књ. 4, Београд 1970, 147-158.), па до 997/98 г. т.е. по битката на Сперхеј, кога Самуил ја мажи неговата ќерка Мирослава за Ашот и го испраќа зетотот веднаш во Драч за да управува со оваа област. Сп: Ферлуга Ј., Драч и драчка област, 121. Меѓутоа, со мислењето на Ферлуга не се согласува Антолјак С., според него, таа хронологија е сосема неточна и тој смета дека Драч бил освоен од Самуил по 986 г., а многу пред 992/3 г. Самуиловата држава, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985, 425. Постојат различни мислења и по однос на тоа дали целата Драчка тема дошла под Самуилова власт или само еден нејзин дел, па така Јиричек К., смета дека била завземена Драчката тема со градот Драч (Византијска тема Дирахион, зб. Консатнтина Јиричека т.1, 227) и Острогорски смета дека била завземена Драчката тема со градот Драч ( Историја на Византија, 370.), додека пак, Ферлуга смета дека од Самуил

Во овој период или неколку години подоцна била формирана, веројатно, и темата Солун[227], главното византиско упориште на Егејот. Што се однесува до времето кога била создадена темата Солун, Живковиќ е на мислење дека таа била формирана непосредно по Ставрикиевиот поход, односно меѓу 783 и 789 г.[228]. Меѓутоа, според скудните изворни податоци од IX век, што ги дава Житието на Григориј Декаполит[229], можеме да заклучиме дека во наведениот период не постоела тема на овој дел од византиската територија и не била создадена цврста византиска организација[230]. Имено, во житието се вели дека, Григориј Декаполит, кој во тоа време живеел во Солун, имал намера да појде кон "планините во словенските предели за да го најде посакуваниот мир"[231]. Меѓутоа многу брзо се вратил назад велејќи дека "сонцето не свети над нив". "По неколку дни бил дигнат бунт од управителот (™x£rcontoj) на таа Склавинија[232].

---

била освоена Драчката област, но не цела. (Ферлуга Ј., Драч и драчка област, 121.). Меѓутоа, Драч со издајство ѝ бил вратен на Византија и со тоа повторно била воспоставена целосно тематската организација во тој дел. Проблематична е и хронологијата за врќањето на Драч во византиски раце. Според, Острогорски Г. (Историја на Византија, 371) и Ферлуга Ј., (Драч и драчка област, 122 бел. 27), Драч бил предаден на Византијците во 1005 г., додека пак, Антолјак С., (Самуиловата држава, 422-428) смета дека тоа се случило пред 1000 г., а не во 1005 г.

[227] De Thematibus, 89. 1-9 и 168-170.

[228] Сп: Живковиќ Т., Јужни Словени, 232-233.

[229] Житието на Григориј Декаполит е напишано од ѓаконот Игнатиј и ги засега настаните од IX век. Григориј бил роден околу 780 г. во областа Исаврија во М. Азија. По 40-годишно монаштво тој тргнал на едно долго патување, при што посетил многу места на Балканскиот полуостров и неколку градови во Италија. Сп: ИБИ VIII-ГИБИ IV,София 1961, 38.

[230] Антолјак С. потенцира дека Склавинијата, која се споменува во ова Житието на Декаполит, под некој егзар била една од преостанатите слободни или полуслободни Склавинии, кои само формално ја признавале власта на византискиот цар. Сп: Македонија во IX век, 196.

[231] ИБИ VIII-ГИБИ IV, 39. Документи, I, 51.

[232] По оснос на тоа за која Склавинија се работело во овој случај изнесени се повеќе мислења во науката: Дворник мисли дека се во прашање Словени од Драгувитија. (Византијски извори, I, 255 бел. 5-6). Додека пак Живковиќ Т., Јужни Словени, 244, мисли дека еднакво можат да бидат во прашање и Стримонци, Ринхини па дури и Смолјани.

Потоци од крв потекле како река и целата област била опожарена и помрачена"[233]. Ова востание е датирано во 836/7 г.[234]. Житието не дава податоци за текот и крајот на востанието, но тоа сигурно завршило со задушување од страна на византиските власти и веројатно во врска со овие настани е формирана темата Солун, чијшто стратег е наведен на 16-то место во Тактиконот на Успенски[235].

Темата Солун била поврзана со темите Македонија и Тракија преку новоформираната тема Стримон. Оваа тема се наоѓала во источна Македонија, меѓу јужните падини на Родопите и северниот брег на Егејското море, опфаќајќи ја низината меѓу долните текови на Струма и Места[236]. Константин Порфирогенит во делото De Thematibus, ја наведува темата Стримон како трета европска тема и за неа вели: "темата Стримон е во составот на Македонија и за неа никако не се зборува како за тема, туку таа се вбројува меѓу клисурите. Наместо со Македонци таа е населена со Скити[237], коишто Јустинијан Ринотмет ги населил во

---

Антолјак С. исто така мисли дека премногу е општ терминот - Склавинија во околината на Солун, бидејќи може да се работи, според него, како за Склавинија на Драговитите така и на Сагудатите, Велегизитите, Ринхините, Стримонците, па дури и на Верзитите. Македонија во IX век, 196-197.

[233] Исто, 39; Византијски извори, т.I, 255; Документи, I, 51.

[234] Византијски извори, т.1, 255 бел. 6.

[235] Oikonomides N., Les listes, 49. 16.

[236] Сп: Оболенски Д., Византијски комонвелт, 96.

[237] По однос на тоа кој народ се крие зад Скитите, изнесени се повеќе мислења во историографијата. Така Златарски В.,(История на българската държава през средните векове, т.1, София 1970, 220-221.) сметал дека станува збор за Бугарите коишто под водство на Кувер влегле во Македонија. Ова мислење го прифаќаат и уредниците на ГИБИ V, 197 бел. 9. Според Баришић Ф., оваа претпоставка отпаѓа, бидејќи Јустинијан II, ја основал клисурата за да ја заштити долината на Струма од бугарските напади од север (Византијски извори, 209, бел. 46). Меловски Х.-Проева Н., (Македонија во делото De thematibus на Константин VII Порфирогенит. Жива антика год.37 том 1-2, Скопје 1987, 23-24) потенцираат дека Константин Порфирогенит ги разликува Бугарите од Скитите кога зборува за формирањето на темата Тракија (De thematibus, c.1, 25-28). Според нив под името Скити треба да се мисли на Словените во Македонија во времето на Јустинијан Ринотмет кој еден дел населил во М. Азија, а друг во Стримонската клисура за до го спречи навлегувањето на Бугарите. Антолјак С., (Дали Стримон бил клисура или тема во

планините на Стримон и во премините на клисурите"[238]. Додека во овој извештај Порфирогенит наведува дека Стримон никогаш не бил тема, се демантира во делото De cerimoniis каде изрично зборува за тема Стримон и за нејзиниот стратег[239]. Според изворните податоци со кои располагаме, Стримон веројатно кон крајот на VII век т.е во 688/9 г. бил вклучен во тематската организација како нижа воено-административна единица-клисура[240]. По се́ изгледа, дека клисурата Стримон егзистирала извесно време и била укината, затоа што веројатно не ја исполнила задачата за која била наменета, да ги спречи бугарските навлегувања. Тоа би значело дека нема континуитет клисура-тема, како што забележува Рајковиќ М.[241] Така во 789 г. во Стримонската област го среќаваме стратегот на Тракија, Филет, кој загинал во борба со Бугарите[242]. Во 809 г. според известувањата на Теофан, Бугарите навлегле во Стримонската област токму кога се делаела платата на византиската војска, во таа прилика настрадал стратегот и другите водачи, а се споменува дека имало војници и од други теми[243]. Со оглед на тоа што тогаш не постоела темата Стримон, бидејќи не е наведена во Тактиконот на Успенски, овој стратег[244] веројатно бил стратегот на една од билиските теми, по се́ изгледа на темата Македонија. Со самото тоа што Стримонската област ја надгледувале и штителе

---

раниот среден век, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985, 229) исто така смета дека под Скити треба да се подразбираат Словени, бидејќи Порфирогенит во Vita Vasilii, под Скити подразбира Хрвати и Срби, Захумјани, Травунјани, Конавјани, Дукљани (Виз. извори, т.2, 79.) т.е Словени.

[238] De Thematibus, c.3, 1-5; ИБИ IX-ГИБИ V, 197; Византијски извори, т.II, 74.

[239] De cerimoniis II, 696-697.

[240] Сп: Ферлуга Ј., Ниже, 78; Антолјак С., Дали Стримон, 228.

[241] Рајковић, М. Област Стримона и тема Стримон, ЗРВИ (5) Београд 1958, 6.

[242] Theophanis Chronographia, I, 463. 28-464.1-2.

[243] Theophanis Chronographia, I, 484. 29-30 – 485. 1-3.

[244] Киријакидис сметал дека овој стратег, кој го споменува Теофан бил Стримонскиот стратег, па така настанувањео на темата Стримон го датира меѓу 789 и 809 г. (Виз. Извори, т. II, 74 бел. 276). Ова мислење го дели и Живковић Т., Јужни, 226. Дворник, пак мислел дека по успешната експедиција на Теоктис Вриениј (842-850) во областа Стримон постоела Словенска архонтија, а дека темата Стримон била формирана дури за време на Лав VI (886-912). Виз. Извори, т.II, 74 бел. 276.

стратези на други блиски теми и тоа првин на Тракија, а потоа веројатно и на Македонија, понатаму византиската војска во Стримон била повремена и доведувана во случај на потреба, зборува дека Стримон тогаш не можел да има реален статус на клисура, како што забележува М. Рајковиќ[245]. Реални услови за создавање на тема во оваа област се создале, според М. Рајковиќ кон средината на IX век[246], кога нараснала опасноста од бугарските напади. Лемерл смета дека темата Стримон била формирана по походот на Алексиј Мозеле околу 836 г. против Бугарите и дека оваа тема дала свој придонес во експедицијата на Теоктис Вриениј меѓу 842-850 г. против Словените на Пелопонез[247], бидејќи покрај Тракија и Македонија се споменуваат и останати западни теми, што според него тоа се однесува и на Стримон[248]. Коледаров смета дека Стримон станал тама кон средината на IX в., но поточно по 864 г.[249] Како сигурен terminus ante quem се зема 899 г., кога се споменува нејзиниот стратег во Филотеевиот Клеторологион[250].

Во западниот дел од Балканскиот полуостров на преостанатиот византиски посед од старата провинција Далмација, по словенското доселување, била формирана истоимена тема. Таа ги опфаќала приморските градови: Задар, Сплит, Трогир, Дубровник, Котор и островите: Црес, Раб, Крк и Лошињ[251]. Постојат мошне различни мислења по однос на прашањето за тоа кога била формирана тема во Далмација. Така некои учени сметале дека, тематската управа во Далмација била воспоставена по падот на Равенскиот егзархат во 751 г., бидејќи Далмација, според нив, истапила во прв план во византиските интереси на Јадранот, со тоа што се осамостоила и била зајакната со воведување на

---

[245] Рајковић, М. Област Стримона, 4.

[246] Исто, 5.

[247] Об Управлении империей, 50. 10-13.

[248] Lemerle P., Philippes, 125-127.

[249] Коледаров П., Името Македония, 67.

[250] Les listes de préséance, 101. 25.

[251] Об Управлении империей, 29. 50-53; Византијски извори, т.II, 13; Византиска тема Далмација, Зб. Константина Јиричега, т.1, 212; Оболенски Д., Византијски Комонвелт, 95.

тематско уредување[252]. Меѓутоа, во изворите нема сигурни докази за таквото тврдење, а тоа не може да се оправда ниту со општата политичка ситуација во тој период. Имено, Ферлуга мошне успешно ја побива оваа теза. Тој истакнува дека со исчезнувањето на византиската власт во Северна Италија, Далмација не останала единствената потпора на Византија на Јадранот; туку напротив Венецијанците, Истра, Јужна Италија со Калабрија и Сицилија, потоа Драч и Јонските острови биле многу посилна поморска потпора за Византија на Јадранот. Според тоа, вели тој, Далмација по падот на Равенскиот егзархат изгубила многу од своето значење за Византија и станала периферна област во чии работи Византија релативно малку се мешала. Политиката на византиските цареви во втората половина на VIII век била свртена кон Истокот, а внатрешната ситуација не им допуштала активно да се мешаат во настаните на Запад[253]. Василевски врз основа на податоците коишто ги даваат Ајнхардовите анали, каде што под 805 г. се споменува дукс, а под 821 г. е наведен префект на провинцијата Далмација[254], се изјаснил дека темата Далмација била формирана во 805 г. и егзистирала до 822/3 г. кога за време на граѓанската војна во Византија, заради отповикување на поморските сили во Константинопол, била укината. Потоа вели дека на нејзино место била формирана архонтија, која во 842/3 г. била претставувана од намесникот на Задар, додека меѓу 843 и 848 г., Византија ја обновила далматинската тема за да ги заштити владенијата во Далмација од арабјанските пирати[255]. Ова е навистина мошне чудна конструкција, бидејќи во изворите не е забележана ниту една деградација на некоја воено-административна единица на тематското уредување. Освен тоа, ако постоел стратег пред 842/3 г. зошто не би бил наведен во Тактиконот на Успенски, а се споменува само архонт и бивши архонти на Далмација[256]. Освен архонтот на Далмација во Тактиконот на Успенски се

[252] За старите размислувања, види: Византијски извори, т.II, 14-15, бел. 22.

[253] Ферлуга Ј., Византијска управа у Далмацији, Београд 1957, 46.

[254] Einhardi Annales, 193 и 208.

[255] Василевски Т., Морската византийска тема Далмация през 805-822 г. и нейното възстановяване од Михаил III, България и Византия (IX-XV век) София 1997, 131-138.

[256] Les listes de préséance, 57. 12, 59. 8.

споменуваат и архонти на Крит, Кипар, Халдеја, Драч и Херсон[257], кои со време добиле стратег и станале теми. Значи, Далмација пред 842/3 г. единствено можела да биде архонтија[258], па потоа тема, а никако обратно. За приликите во Далмација во 40-те години на IX век сочуван е еден податок што го дава теолошкиот писател по име Готшалк, кој престојувал на дворот на хрватскиот владетел Трпимир околу 846-848 г. Тој, меѓу другото известува дека Трпимир, кралот на Словените војувал против народот на Грците и нивниот патрициј и ги победил. Придржувајќи се до овој податок, Маргетиќ Л., се изјаснил дека за време на Михаил III во Задар била сместена византиска посада и била организирана тема, но власта останала ограничена само на Задар со неговата околина. Исто така Маргетиќ истакнува дека во списот DAI Порфирогенит намерно не зборува за подобрување на ситуацијата во време на Теофил и Михаил III, за да му го припише тоа на Василиј I [259]. Со ова тврдење не се согласува Рајковиќ С., којшто вели дека споменатиот патриција не би можел да се идентификува со стратег на темата Далмација, која би имала седиште во Задар, бидејќи нема доволно докази, па дури ни печатот на далматинскиот стратег Вриениј[260], според него не претставува доволна потврда за постоењето на далматинска тема во 40-те години на IX век. Тој исто така потенцира дека идентификувањето на стратегот и патрицијот во овој случај никако не може да биде уверливо, затоа што стратегот на Далмација се јавува дури во 899 г. во Филотеевиот Клеторологион[261].

---

[257] Исто, 53. 5; 55. 2, 3; 57. 11, 13, 15.

[258] Ферлуга Ј., Византијска управа, 50-51; Klaić N., Povjest Hrvata u ranom srednjem vjeku, Zagreb 1971, 121; Ферјанчић Б., Василије I и обнова византијске власти у IX в., ЗРВИ (36), Београд 1997, 17; Живковић Т., смета дека архонтијата била создадена најдоцна во 30-те години на IX век. Сп: Јужни Словени, 346.

[259] Margetić L., "Provincijalni arhonti" Taktikona Uspenskog, 48. Дека Далмација била тема во средината на IX век смета и Живковић Т., Јужни Словени, 347-349.

[260] Schlumberger G., Sigillographie, 206-207.

[261] Рајковић С., Византијска Далмација у спису De administrando imperio- нове дилеме, ЗРВИ, бр. 36, Београд 1997, 229-230. Многу години претходно Ферлуга Ј., истакнал дека треба да се отфрли 842 г. како terminus ante quem за постанокот на темата Далмација, бидејќи, ако таа тогаш егзистирала, нејзиниот стратег ќе ги обезбедувал нејзините

Појасна претстава за приликите во Далмација добиваме преку извештајот од 29 глава на списот DAI на Порфирогенит[262], во кој се вели дека Рагужаните т.е. жителите на Дубровник, откако биле загрозени од Африканските Сарацени[263], се обратиле до византискиот цар Василиј за помош. Царот им испратил 100 бродови, предводени од друнгарот на флота, Никита Ориф, а Сарацените штом дознале дека се приближува византиска флота го напуштиле Дубровник и побегнале во Лонгобардија[264]. Истата оваа приказна за арабјанската опсада на Дубровник се наоѓа и во Vita Vasilii[265] и во De Thematibus[266] со таа разлика што се вели дека нападот почнал за време на Михаил III (842-867), а дека дубровничките пратеници го затекнале на престолот Василиј I [267]. Оваа опсада се датира во 866/7 г., односно при крајот од владеењето на Михаил III

градови или пак, тој лично ќе се обрател за помош од Цариград, при опсадата на Дубровник. Сп: Византијска управа, 67 и 68.

[262] Што се однесува до веродостојноста на податоците коишто ги дава Порфирогенит за Далмација, а кои пак наместа се доста конфузни, во поново време Ферјанчиќ Б., ги проанализирал и утврдил дека Порфирогенитовите информации се засноваат на сигурни извори. Од една страна, вели тој, биле извештаите на византиските чиновници во приморските градови коишто тие редовно ги испраќале во Цариград, а од друга страна во излагањето за Далмација внесувани биле знаења кои царевите соработници ги црпеле од други сочувани извори во царската палата. Сето тоа, нагласува Ферјанчић Б., им дава висок степен на веродостојност на вестите, со оглед на карактерот на DAI, кој бил наменет за царевиот син Роман и затоа не би смеел да дава лажни информации за царска Далмација. Сп: Далмација у спису De administrando imperio- врела и путеви сазнања, ЗРВИ, бр. 29-30, 1991, 20.

[263] Арабјаните го нападнале Дубровник од базите во Италија, веројатно од Бари, кој бил завземен во 841 г., а по неуспешната опсада повторно се вратиле назад во својата база. Тие Бари го држеле од 841 до 871 г. Сп: Византијски извори, т. 2, 17-18, бел. 29.

[264] Об Управлении империей, 29. 88-101; Византијски извори, т. 2, 17

[265] Византијски извори, т. II, 17, бел. 29.

[266] De thematibus, 97.

[267] И во Летописот на Поп Дукљанин се зборува за напади на Арапите од Сицилија на приморските градови во Далмација, чие население се повлекувало во ридестите краеви. Сп: Ljetopis popa Dukljanina, priredio, napisao uvod i komentar dr. Vladimir Mošin, Zagreb 1950, 70.

и на почетокот од владеењето на Василиј I [268]. Стратегот на Далмација првпат изрично се споменува во гл. 30 од списот DAI "... Василиј нареди сé она што му давале тие (се мисли на царските градови б.а.) на стратегот, да им даваат сега на Словените и со нив да живеат во мир ..."[269]. Веројатно по симнувањето на арабјанската опсада од Дубровник со византиска интервенција, бил поставен стратег во царска Далмација. Ферлуга Ј. со право смета дека Далмација во ранг на тема била подигната по 867 г. и пред 878 г. кога Византија почнува да води офанзивна политика кон Запад во овој период, со тоа што нагласува дека поставувањето на првиот стратег во Далмација е поблиско на последниот датум. Ова мислење го дели и Клаиќ[270].

Во епирското подрачје[271] кон втората половина на IX век била формирана посебна тема, Никопол. Нејзиниот стратег првпат се споменува во Филотеевиот Клеторологион[272] веднаш зад стратегот на темата Пелопонез и одново во 901 г.[273]

Во овој дел накратко ќе споменеме и за темите формирани во Италија и на Кримскиот Полуостров, бидејќи изворите ги наведуваат во европските теми. Имено, на преостанатиот византиски посед во Италија биле формирани темите Сицилија и Лонгобардија. Прв пат стратегот на Сицилија го споменуваат арабјанските листи, нејзиното настанување, според Н. Икономидес, може да се датира меѓу 687 г. и 695 г.[274] Во Теофановата хронографија, пак, нејзиниот стртег е засведочен под

---

[268] Византијски извори, т. II, 18, бел. 29.

[269] Об Управлении империей, 30. 128-129; Византијски извори, т. II, 36. За данокот, што го плаќале Латините т.е. жителите на далматинските градови на Словените од времето на повлекувањето на Сарацените од Далмација, знае и поп Дукљанин. Сп: Ljetopis popa Dukljanina, 70.

[270] Ферлуга Ј., Време постанка теме Далмације, Зб. Филозофског факултета у Београду, књ. 3, 1955, 65; Истиот, Византијска управа, 70; Истиот, Византијско царство, 77; Klaić N., Povjest Hrvata, 121.

[271] De Thematibus, c. 8. 1-23, 176.

[272] Les Listes de préséance, 105. 13; 139. 8.

[273] Исто, 351 бел. 358.

[274] Les Listes de préséance, 351бел. 361.

718/19 г.[275] Темата Сицилија го опфаќала и дукатот Калабрија. По завземањето на островот од страна на Арабјаните, Византија за време на Теофиловата влада (829-842) го држела само источниот дел од тој остров, за да кон средината на 902 г. падне и последното нејзино упориште, Таормина[276]. Но, и покрај тоа што Сицилија била загубена за Византија, таа и понатаму фигурира во официјалните листи до X век. Тоа, според Ферлуга, значело одржување на византиските претензии на Сицилија[277]. Лонгобардија, по превземањето на Бари од страна на Византијците во 876 г. била турма на темата Кефалонија, а потоа била ставена во редот на стратегиите, веројатно во 892 г.[278]

За време на Теофил со тематската организација биле зафатени и т. н. Климати[279], односно византиските градови на Кримскиот полуостров, а во најважниот од нив т.е. во Херсон, бил поставен стратег[280]. Создавањето на темата Херсон, се поврзува со изградбата на тврдината Саркел во 833 г., а царот Теофил, за нејзин стратег го назначил спатарокандидатот, Петрона[281].

[275] Theophanis Chronographia, I, 398. 7-8.

[276] Ферлуга Ј., Ниже, 86.

[277] Исто, 86.

[278] Les Listes de préséance, 352.

[279] Во Тактиконот на Успенски се споменува стратег на Климати и архонти на Херсон. Сп: Les Listes de préséance, 49. 19, 57. 13.

[280] Исто, 353; Острогорски Г., Историја на Византија, 258-259.

[281] Об Управлении империей, гл. 42. 47-54; Оболенски Д., Византијски комонвелт, 212.

**ГЛАВА ЧЕТВРТА**

## IV.ТЕМАТСКОТО УРЕДУВАЊЕ ВО X И ПОЧЕТОКОТ НА XI ВЕК

### 1. Унификација на тематскиот систем

Првата половина на X век во Византија означува приврушување на процесот на изградба на тематското уредување, односно ја означува последната фаза кон унификација на овој систем. Имено, во првите децении на X век, сé уште се споменуваат нижи единици на тематското уредување. Така на пример, како клисури во изворите се споменуваат пред 908 г. Севастеја[282] и во 908 г. Ликандос[283]. Севастеја пред да стане клисура, веројатно била дел од темата Арменијакон[284]. Таа не се споменува во Тактиконот на Успенски, ниту во Филотеевиот Клеторологион, туку дури во Тактиконот на Бенешевиќ[285] и тоа како тема, а во платниот список на De Cerimoniis, како клисура за време на Лав VI (886-912)[286]. Ферлуга смета дека, Севастеја станала тема веројатно, за време на Лав VI, придржувајќи се до податокот што го дава DAI, каде се вели дека Лариса станала клисура со отцепување од Севастеја, чија турма била до тогаш[287]. Тоа се случило, според Ферлуга по 906 г., а пред смртта на Лав VI. За тоа

[282] Oikonomides, Les Listes, 349 бел. 352.

[283] Исто, 350 бел. 353.

[284] De Thematibus, XI. 1-2.

[285] Тактиконот на Бенешевиќ, според Острогорски Г., настанал меѓу 921 и 934 г. Сп : Тактикон Успенског и Тактикон Бенешевића, 48 и сл. А во поново време Икономидес, овој Тактикон го датирал во периодот од 934-944 г. Сп: Les Listes, 242-243.

[286] De Cerimoniis, 697. Овој список Ферлуга Ј., го датира во периодот меѓу 908-910 г. Сп : Прилог датирању платног списка стратега из “De caerimoniis aulae byzantinae” ЗРВИ 4 (1956), 68-70.

[287] Об Управлении империей, 50. 133-134.

дека Севастеја сигурно била тема сведочи, вели тој, понатамошниот развој на настаните, имено по смртта на клисуархот на Лариса, таа повторно била вратена во составот на Севастеја, во која Лав VI го поставил за стратег Лав, синот на Аргир Евстатиј[288]. Севастеја, според Икономидес, во ранг на тема била издигната во 911 г., а Ликандос кон 916 г.[289] Во првата деценија на X век, тематско уредување добила и Месопотамија, која прво била конституирана како клисура[290], а во ранг на тема била издигната меѓу 899 и 901 г. или најдоцна до 911 г.[291] Тефрика, која била завземена и разрушена од Василиј I, била конституирана во клисура и наречена Леонтокомис, веројатно за време на Лав VI. Во ранг на тема оваа клисура била подигната меѓу 934-944 г.[292]

Процесот на унификација на тематското уредување се одвивал на преминот од IX во X век. Овој процес по сé изгледа се завршил до средината на X век, бидејќи поделбата на темите карактеристична за VIII и IX век полека престанува.

Подрачјето на темите во X век се поклопувало со подрачјето на старите провинции. Процесот на концентрирање на власта во рацете на воените лица бил завршен, тематските проконзули, остаток од Диоклицијаново-Константиновиот систем ги замениле тематските протонотори, потполно зависни од стратегот[293]. Во овој период настанува униформирање на провинциската администрација, како воено-административни единици се јавуваат само темите, а на нивно чело стојат стратези. Сите нижи единици се претворени во теми до средината на X век. Одраз на тие промени е Филотеевиот Клеторологион во кој како управителите на провинциите се јавуваат само стратези, а којшто пак, од своја страна, го карактеризира, веројатно, почетокот на унификацискиот процес.

---

[288] Исто, 50. 149-151; Ферлуга Ј., Ниже, 81.

[289] Les Listes de préséance, 349 бел. 352 и 350 бел. 353; Сп. и: Ферлуга Ј., Ниже, 83.

[290] De Thematibus, IX. 1-2.

[291] Les Listes de préséance, 349 бел. 351; Ферлуга Ј., Ниже, 84.

[292] Les Listes de préséance, 350 бел. 354; Ферлуга Ј., Ниже, 85.

[293] Ферлуга Ј., Ниже, 69.

До средината на X век, Империјата била поделена на 32 теми од кои 19 во Мала Азија и тоа: Опсикион, Букеларион, Оптимата, Пафлагонија, Арменијакон, Халдеја, Колонеја, Харсианон, Анатоликон, Тракезион, Кападокија, Месопотамија, Себастеја, Ликандос, Леонтокомис, Селевкија, потоа приморската тема Кивиреота и на море темите: Самос и Архипелаг. Во Европа се наоѓале следните теми: Тракија, Македонија, Стримон, Тесалоника, Хелада, Пелопонез, Кефалонија, Никопол, Драч, Далмација, Сицилија, Лангобардија и Херсон. Понатамошните промени во тематското уредување во текот на X век настанувале пред сé, со формирање на теми во новоосвоените области, додека на старата територија нови теми ретко се создавале[294].

Тематското уредување, од втората половина на X век, го карактеризира енормното зголемување на бројот на темите. Нарснувањето на квантитетот во релативно краток временски период, обично подразбира појава на нов квалитет. Имено, во овој период, освен тоа што се формираат нови теми на новоосвоени подрачја, најчесто заради потребите, кои ги наметнуваат околностите, биле образувани крупни агломерати, кои во науката по правило се нарекуваат според достоинството на нивните намесници - дукати или катепанати[295]. Овие нови промени кои го зафатиле тематскиот систем се одразени во Ескоријалниот тактикон. Овој Тактикон е познат уште и како Тактиконот на Икономидес, според неговиот пронаоѓач. Икономидес го датирал во

[294] Острогорски Г., Историја на Византија, 302; Ангелов Д., История на Византия, т.2, София 1968, 49-50.

[295] Максимовић Љ., Традиција и иновација у византијској територијалној организацији државе и цркве (IX-Xвек), Трећа југословенска конференција византолога (10-13 мај) Крушевац 2000, Београд-Крушевац 2002, 14-16.

временскиот интервал од 971-975 г.[296], додека пак, Стоименов предлага потесна временска одредница, 972/3 г.[297]

## 2. Македонија во тематскиот систем на Византија

За реконструкција на тематското уредување во периодот, 971-975 г. релевантни изворни податоци добиваме од списокот на византиски тематски чиновници, познат како Ескоријален тактикон, за кој се верува дека настанал во истиот период. Составувањето на овој Тактикон произлего од потребата, новоосвоените провинции да се рангираат и воведат во официјалната администрација и тоа во стадиум кога организацијата сé уште била во тек, односно не сосема завршена. За тие провинции како и за оние коишто не влегле во Ескоријалниот тактикон, добиваме потврда или дознаваме за нив преку корпусот од печати, чиј број постојано расте. Овој Тактикон, како што веќе рековме, во голема мера ги одразува новите насоки во развојот на тематското уредување наметнати од специфичните околности.

По ликвидацијата на Првото Бугарско Царство во 971 г. од византискиот император, Јован Цимискиј, новоосвоените територии влегле во составот на византискиот воено-административен систем[298]. Имено, бугарските земји биле вклучени во рамките на Византиската империја во периодот кога нејзиниот провинциски воено-административен систем се карактеризира со некои промени, започнати од средината на X

[296] Oikonomidès, N., Un taktikon inédit du X siècle, Actes de XII congrés international (D`études Byzantines, Ohride 10-16 sep. 1961) vol.II, Beograd 1964, 180; Истиот, Les Listes, 259-261.

[297] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация в българските земи (971-987/989), Годишник на софискийския университет "Св. Климент Охридски" т. 82 (2), 1988, 50.

[298] Острогорски Г., Историја на Византија, 353-355; Божилов И.,-Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век, т.1, София 1999, 299-300.

век и се доразвиле во XI век. На местото на старите големи теми, првин по границите на Исток, а потоа и по целата територија на Империјата се распространуваат нови воено-административни единици на чело со дуксови и катепани[299], а гарнизоните со кои тие располагаат се јавуваат на нивна заповед за отстранување на евентуална воена опасност. Тие промени биле наложени, пред сѐ, од развитокот на процесот на централизацијата, чија цел била, веројатно, максимално да се опфати секој објект на управување, како и контрола на конкретна воено-политичка ситуација. Тие промени го одразуваат стремежот кон еластична и ефективна одбрана на териториите. Евентуалното отцепување на некои области од големите воено-административни единици не би имало погубно влијание врз заштитниот систем, а стратезите со своите гарнизони би го оневозможиле брзото ширење на непријателот кон внатрешноста на Империјата. На тој начин се формира една квалитативно нова, многу поеластична и сложена административна структура, приспособена кон новите внатрешни и надворешно-политички услови на развиток[300].

За време на Цимискиевиот поход, кој се одвивал во периодот април-јули 971 г., бугарските територии биле организирани на следниот начин.

---

[299] Повеќето научници сметаат дека овие две должности се исти, односно еднакви по власт и функции. Според други пак, меѓу дуксот и катепанот има извесна разлика која се состои во видот на војската што ја командуваат. Дуксовите стојат на чело на императорските тагми, кои се состоеле од Ромеи, а катепаните на хетеријата, составена од странски наемници. Сп: Василевски Т., Катепанство и дукство на Паристрион през XI век, България и Византия (IX-XV век). София 1997, 104. Кон 60-те години на XI век доаѓа до зближување на функциите на дуксот и катепанот, кога дури понекогаш една иста личност е нарекувана и дукс и катепан независно дали управува голема тема, еден или неколку града. Кон крајот на 80-те години на XI век должноста катепан исчезнува од употребата во воената администрација и преминува во службеници од фискален домен, управувајќи мали даночни единици-карепаникии. Сп: Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 44.

[300] Арутюнова-Фиданя В., Административные перемены на Востоке Византии в X-XI вв. К вопросу о кризисе фемного строя, Византийский временик (44) 1983, 78-80; Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 44.

На југ од Стара планина била формирана стратегија[301] Верое (ден. Ст. Загора)[302]. Познато е името на еден нејзин стратег, императорски протоспатариј Андроник[303]. Во Ескоријалниот тактикон не се споменува стратег на Филипопол, но можно е овој град за време на Цимискиј да влегол во воено-административниот систем на Византија. Според податокот што го дава Скилица, дека за време на антиохискиот патријарх Теодор II (970-976), Цимискиј населил во Филипопол павликијани[304], можеме да заклучиме дека овој град се наоѓал во византиски раце. Освен тоа познат е еден моливдовул на стратег на Филипопол-императорски протоспатариј и стратег, Константин Петрос[305], кој е датиран во X-XI век. Стратегијата Филипопол[306] најверојатно во почетокот била составен дел на темата Македонија, а нејзиниот стратег бил потчинет на дуксот на Адријанопол[307].

Откако била освоена бугарската престолнина Велики Преслав, нејзиното име, од императорот било сменето во Јоанопол. Во Преслав

---

301 Терминот-стратегија претставува синоним за тема. Оваа кованица настанала од името на управникот на темата, т.е. стратегот. Сп: Ферлуга Ј., Ниже, 68. Од втората половина на X век, овој термин најчесто се користи, за да означи помала воено-административна единица во однос на големите агломерати, кои настануваат тогаш.

302 Tâpkova-Zaimova V., Les frontieres occidentales des territoires conquis par Tzimisces, Studia Balcanika 10, Sofia 1975, 113.

303 Печатите от стратегията в Преслав (971-1088), под ред. на И. Йорданов, София 1993, No. 208-214.

304 Scylitzae Ioannis, Synopsis historiarum. Editio princes. Rec. I. Thurn. Berolini et Novi Eboraci, 1973, 286. 55-56. (Понатаму во текстот Scylitzae, I.).

305 Печатите от стратегията, No. 321.

306 Првото известување за Филипопол како стратегија во наративните извори се однесува на времето околу 1000 г. или нешто пред тоа, кога Василиј II (976-1025) го назначил за стратег, протоспатаријот Никифор Ксифија. Тој зел учество во походот за повторно завземање на Преслав и Плиска во 999 г., а потоа веќе како стратег на Пловдивската тема, Ксифија се истакнал во операциите против Самуил во Беласичката битка на 29 јули 1014 година. Токму тој го замислил и извел обиколувањето на Самуиловата војска. Сп: Византијски извори, т. III, 100 и 106; ГИБИ VI, 280-282.

307 Коледаров, П. Името Македония, 68; Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 51; Tâpkova-Zaimova V., Les frontieres occidentales, 113.

бил поставен императорскиот протоспатариј, Јован[308], за кој биле најдени седум моливдовули. Византиски гарнизони биле поставени и во Плиска, Преславица, Констанција и др. поголеми градови[309]. За време на опсадата на Дристар, тие биле повикани да учествуваат во неа. Според, Стоименов, Цимискиј извршил промена во името не само на Велики Преслав туку и на Преславица т. е. Мал Преслав, кој бил преименуван во Теодоропол, а за Дристра започнала да се употребува грчката форма на името-Доростол[310]. Имајќи ги во предвид зборовите на Скилица, кој вели дека: "откако Русите се повлекле (отпловиле), императорот [Јован Цимискиј] се погрижил за тврдините и градовите крај реката [Дунав] и откако им оставил соодветна заштита, се вратил во земјата на Ромеите"[311], може да се заклучи дека бугарските земји на север од Стара Планина и на север од Дунав биле обединети во една целина, односно најверојатно бил формиран катепанат. Стоименов смета дека тој катепанат бил познат под името на неговиот центар Теодоропол, на чие чело стоел катепанатот-императорискиот протоспатариј, Сисиниј[312]. Катепанатот од своја страна пак, бил разделен на помали административни единици-стратегиите, Дристра и Јоанопол[313].

Според Ескоријалниот Тактикон, земјите на двата брега на Дунав и на север од делтата формираат катепанат познат под името Месопотамија[314]. Неговиот центар бил веројатно Теодоропол (Преславица). До извесен степен Месопотемија се јавува како наследник на административната единица позната преку нејзиниот центар-катепанатот Теодоропол без стратегијата Јоанопол. Во својата територија тој вклучувал две стратегии Дристра и Западна Месопотамија. За разлика од претходната етапа стратегијата Дристар постои самостојно. Веројатно таа ги опфаќала земјите по двата брега на реката, слично на бившиот

[308] Печатите от стратегията, No. 291-297.

[309] Исто, No. 304-307, 308, 308 a, 311, 312; Сп. и: Пириватрић С., Самуилова држава: обим и карактер, Београд 1997, 53.

[310] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 48-49.

[311] Scylitzae I., 310. 51-53.

[312] Печатите от стратегията, No. 228-231.

[313] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 48 и 49.

[314] Les Listes de préséance, 263. 31.

Дристарски комитат. Од тој период се познати двајца стратези на Дристар по најдените печати-Петар, императорски протоспатариј и стратег и Аркадиј, кој ја носел истата титула[315]. Откривањето на печатот на Дамјан Добромир[316], дукс на Тракија и Месопотамија ја потврдил локализацијата на катепанатот Месопотамија на Балканот, а истовремено и на поврзаната со него стратегија Западна Месопотамија, за која пак, се верува дека се наоѓала на север од Дунав. Освен катепанатот Месопотамија и стратегиите Западна Месопотамија и Дристар, кои ги опфаќале областите од двете страин на Дунав, била формирана уште една воено-административна единица Тракија и Јоанопол[317]. Оваа тема ги опфаќала тракиските земји некаде на исток од Берое и на север од Адријанопол, источна Стара Планина и областа околу бугарскиот престолен град[318].

Некои научници сметаат дека по покорувањето на Првото Бугарско Царство т.е. по 971 г. со тематска организација биле зафатени и српските области, односно дека биле формирани катепанатот Рас и темата Морава[319]. Станковиќ смета дека, административната единица со центар во Рас, заради краткото време на византиската организација до Востанието на комитопулите, останала забележана благодарение на еден печат од Јован, катепан на Рас. Слично било и со темата Морава[320], вели тој, која се

---

[315] Печатите от стратегията, No. 217, 218-219,

[316] Йорданов И., Моливдовули на Дамян Добромир-дук на Тракия и Месопотамия.- ИНМ-Варна, 20 (35), 1984, 99-100.

[317] Les Listes de préséance, 265. 9.

[318] Божилов И.,-Гюзелев В., История, т.1, 309-310. Сп. и: Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 51.

[319] Максимовић Љ., Традиција и иновација у византијској територијалној организацији државе и цркве (IX-Хвек), Трећа југословенска конференција византолога (10-13 мај) Крушевац 2000, Београд-Крушевац 2002, 13.

[320] Во списот - За церемониите во гл. 48, која е посветена на начинот на писмениот сообраќај на византиските цареви со низа владетели, во една листа се споменува меѓу другите и архонт на Моравија.( За оваа листа види: Ферлуга Ј., Листа адреса за стране владаре из књиге о церемонијама, ЗРВИ (12), 1970, 160-177., за архонт на Моравиа, 162.). Досталова Р., ја разликува Моравија во списот за церемониите од Моравија на Свјатопулк и Моимир II за која, смета таа, дека бил употребуван епитетот-Велика, за да се прави разлика меѓу две територии со исто име. (Dostalova R., ΜΕΓΑΛΗ ΜΟΡΑΒΙΑ,

наоѓала на устието на р. Морава во Дунав, а на нејзино чело стоел Адралест Диоген[321]. За постоењето на темата Морава се изјаснил и Пириватриќ, кој врз оснаова на податокот што го дал Поп Дукљанин дека византиски гарнизон страдал во Рас по локалното востание кое избило по веста за смртта на Цимискиј[322]. Токму во тоа време според овој учен била укината[323].

Во македонските области, покрај веќе постоечките теми Македонија, Солун и Стримон, биле формирани уште неколку нови теми. Во Ескоријалниот тактикон е забележан стратег на Стримон или Хрисава. Икономидес оваа тема ја идентификува со денешен Ахлодохори на североисток од Сидерокастрон (старото Крушево, Демирхисарско)[324]. Создавањето на стратегијата Стримон-Крушево, веројатно, било иницирано од неопходноста да се заштитува византиската граница од кај областа на Самуиловата тврдина, Мелник. Во близина на неа веројатно, се наоѓала стратегијата Нов Стримон. За нејзината местоположба се искажани различни мислења во литературата. Поради недостиг на доволно податоци, не може да се направи точна локализација, но може да се допушти дека темата Стримон, расположена по долината на Долна Струма била разделена на две административни единици: Стримон-Крушево и Стримон-Сер (Сер се јавува како нејзин центар во XI век)[325]. Тъпкова-Заимова ја локализира стратегијата Нов Стримон западно од р.

---

Byzantinoslavica, XXVII, Prague 1966, 349.). Врз основа на тој податок од наведениот спис, Живковиќ дошол до заклучок дека се работело за словенска архонтија, која останала самостојна во првата половина на IX век, наспроти бугарското ширење во западниот дел на Балканскиот полуостров, а по српско-бугарската војна во 848 г. Моравија му била потчинета на Пресијан. Сп: Живковић Т., Јужни, 359-360.

[321] Станковић В., Карактер византијске границе на Балкану IX и X веку, Трећа југословенска конференција византолога (10-13 мај) Крушевац 2000, Београд-Крушевац 2002, 293.

[322] Ljetopisa popa Dukljanina, гл. XXX.

[323] Пириватрић, С. Византијска тема Морава и "Моравије" Константина VII Порфирогенита, ЗРВИ, (36) Београд, 1997, 177.

[324] Les Listes de préséance, 265. 33 и 357.

[325] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 53.

Струма по нејзиното долно течение[326], додека пак, Божилов и Ѓузелев, сметаат дека оваа стратегија се наоѓала на исток од Места и ја опфаќала и областа Волерон[327]. Егзистирањето на темата Нов Стримон е забележано и на еден печат на кој е споменат Стефан, императорски протоспатариј и стратег на Нов Стримон, кој е датиран во периодот 971-976 г.[328]

Во близина на Солун била формирана уште една стратегија Драгувитија[329], која ја наведува Ескоријалниот тактикон[330]. Познато е името на еден нејзин стратег, веројатно од истиот период како и претходната стратегија т.е. од X-XI век, кога всушност, е датиран печатот

---

[326] Tâpkova-Zaimova V., Les frontieres occidentales, 114.

[327] Божилов И.,-Гюзелев В., История, т.1, 310. Областа Волерон се наоѓала на просторот меѓу Родопите на север, Егејско Море на југ и р. Места на запад. Оваа област била издигната во ранг на тема со седиште во Мосинопол. Оваа тема од почетокот била составен дел од Стримонската тема или всушност како еден дел од трите дела на обединетата воено-административна единица, темата Волерон-Стримон-Тесалоника, под општа управа на стратегот во Солун. Тоа обединение настанало за време на административното преуредување на Византиската држава по покорувањето на Самуиловата држава во 1018 г., а за време на една друга реформа во последната четвртина на XI век, Волерон бил одделен како самостојна единица. Сп: Коледаров П., Името Македония, 68. Обединетата воено-административна единица, темата Волерон-Стримон-Тесалоника е забележана на еден печат, на којшто се споменува Константин Каматерос, спатарокандидат, асикрит, императорски нотарис и судија. Овој печат е датиран во 1037 г. Сп: A collection of the dated Byzantine lead seals, ed. N. Oikonomidès, Washington 1986, No. 83.

[328] Печатите от стратегията, No. 283-288.

[329] Врз основа на податокот што го дава еден купопродажен договор од 897 г. во кој се споменува клисура на Драгувити, Т. Живковиќ доаѓа до заклучок дека, оваа клисура била создадена по аналогија на клисурата Стримон. Имено, тој вели дека клисурата Драгувитија била создадена со преселување на Драговитите на исток од Солун во време на Јустинијан II. Тоа што овие две клисури не се наведени во најстарите Тактикони, според него, значи дека биле укинати или пак биле претопени - клисурата Стримон во тема Стримон, а клисурата Драговитија станала составен дел на темата Солун. Сп: Живковиќ Т., Јужни, 253-255. Овој податок од купопродажниот договор од 897 г. е изолиран и затоа не би можеле да го прифатиме како наполно уверлив, но не би можеле ниту целосно да го отфрлиме. Па така, за ова прашање останува простор за понатамошно истражување.

[330] Les Listes de préséance, 267. 6.

на кој е наведен Исак, императорски протоспатариј и стратег[331]. Икономидес ја лоцира на север од Солун[332], но реално таа се наоѓал на северозапад од овој град. На запад од Солун биле формирани уште две стратегии, Верија (Вереја) и Едеса (Воден)[333].

На Јадранот покрај темите Драч и Никопол била формирана уште една нова тема, Јерихо[334]. Таа се наоѓала јужно од Авлона. Познат е и еден печат од X век, на кој се споменува Тома, императорски протоспатарија и стратег на Јерихо[335].

Темата Солун во овој период била под уптрава на дукс како и Адријанопол во Тракија[336]. Се верува дека дуксот на Адријанопол всушност ја претставувал темата Македонија.

Од Ескоријалниот тактикон се забележува дека на север од стратегијата Стримон-Крушево, на север и северозапад од Друговитија, Едеса и Верија, на север од темата Хелада, на север и североисток од Никопол и Јерихо и на исток од Драч нема византиски стратегии[337]. Ако тргнеме од тоа дека цврста византиска власт има само таму каде што е воведена тематска органиизација, тогаш може со сигурност да се заклучи дека оваа територија во периодот 971-976 г. била вон досегот на византиската власт. За оваа мошне пространа територија немаме релевантни податоци во изворите за тоа како била уредена, но, по сé изгледа дека таа се софпаѓала со територијата[338] на која востанале

[331] Печатите от стратегията, No. 220-221a.

[332] Les Listes de préséance, 357-358.

[333] Исто, 265. 32 и 267. 29.

[334] Исто, 267. 7.

[335] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 53.

[336] Les Listes de préséance, 263. 33 и 263. 34.

[337] Сп: Tâpkova-Zaimova V., Les frontieres occidentales, 114-116.

[338] Во науката постои мислење дека оваа територија, која се идентификува со Самуиловата држава, се наоѓала под номинална византиска власт во периодот од 969 г. до 976 г., а тоа се должело според Антолјак С., на роднинските врски што ги имале Комитопулите со Цимискиј. Сп: Самуилова држава, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985, 334-342; Истиот, Вистината за Востанието на Комитопулите, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985, 610. Оваа претпоставка Пириватриќ С., ја релативизира со тоа што нагласува дека немало доволно време да се воспостават такви односи од

Комитопулите во 969 г.[339] и токму во овој период таа го чинела јадрото на Самуиловата држава.

Византиската тематска организација формирана од Јован Цимискиј во периодот 971-976 г. набрзо била срушена со проширувањето на Самуиловата држава. За тоа известува Скилица, кој наведува дека "Бугарите[340] го започнале своето настапување по сите делови на Балканскиот полуостров"[341]. По секоја веројатност, една од првите византиски стратегии која паднала под нивен удар била Едеса (Воден) и блиската на неа Верија.

Ширењето на Самуиловата држава ја иницирало потребата за реорганизација на византиската административна организација. Според Стоименов, токму од тие причини катепанатот Месопотамија бил обединет со темата Тракија. Тој исто така смета дека во овој период било образувано дукство Тракија и Месопотамија на чело со антипат-патрициј Дамјан Добромир[342], од кого се најдени два печати[343]. Јорданов смета дека ова дукство постоело пред или по составувањето на Ескоријалниот Тактикон, бидејќи не е споменато во него. Тој исто така мисли дека обединението Тракија и Јоанопол, забележано во Ескоријалниот

---

византиска страна, поради тоа што императорот бил зафатен на Истокот. Сп: Самуилова држава, 71. Ние сметаме дека извесна номинална власт би можела да постои некое време, додека ги реши императорот проблемите на Исток, а потоа можеби, планирал да се справи со востаниците. Но, по кратко време тој починал и токму неговата смрт била искористена за осамостојување и проширување на Самуиловата држава.

[339] По однос на прашањето дали е кренато едно востание во 976 г. или се кренати две востанија од Комитопулите, првото во 969 г. насочено против бугарската власт; а второто во 976 г. против византиската власт, постои широка дискусија во науката. Види: Византиски извори, т. 3, 55-57, 57-58 бел. 8; Антолјак С., Самуилова држава, 308-314, 342-352; Истиот, Вистината, 604-620; Острогорски Г., Историја на Византија, 360-362 бел. 178.; Пириватриќ С., Самуилова држава, 73-92.

[340] Со терминот - Бугари, во согласност со востановената средновековна традиција, изворите ги означуваат сите поданици на Првото Бугарско Царство; а таа терминологија се задржала и по неговата ликвидација. Сп: Антолјак С., Самуилова држава, 303-305 и 306 бел. 43.

[341] Scylitzae I., 328. 60-329. 71.

[342] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 53.

[343] Йорданов И., Моливдовули на Дамјан Добромир, 99-100.

Тактикон го исклучува обединението Тракија и Месопотамија, бидејќи првото постоело до влегувањето во составот на Самуиловата држава[344]. Додека пак, Стоименов се изјаснил за истовремено постоење на тие две обединенија, односно дека стратегијата Тракија и Јоанопол претставувала дел од дукството Тракија и Месопотамија (обединение од повисок степен), при што не било потребно да се одбележува на печат името на една мала стратегија како Јоанопол. Или со други зборови, нагласува Стоименов, стратегиите Дристар, Западна Месопотамија, Тракија и Јоанопол биле дел од дукството Тракија и Месопотамија[345]. Поверојатно изгледа тврдењето на Јорданов И., дека тие две обединенија не постоеле истовремено. По сé изгледа дека обединението Тракија и Месопотамија било формирано по 1000 г., кога Василиј II си ги повратил овие територии. Поточно реорганизацијата на воено-административната управа во овој дел, која привремено била прекината со навлегувањето на Самуил, а потоа повторно воспоставена; била направена по 1000 г., а не пред тоа. За оваа реорганизација зборуваме во делот за темата Паристрион.

Божилов и Ѓузелев, сметаат дека промените за време на ширењето на Самуиловата држава ги зафаќаат темите Тракија и Јоанопол и Дристар. Од првата тема, според нив, биле одземени земјите на југ од Стара Планина и придодадени на една од двете блиските по растојание теми, Тракија или Македонија. Остатокот од таа тема т.е. старопланинските падини и В. Преслав биле обединети со Дристар. Па така новата воено-административна единица го добила називот Јоанопол и Доростол. За нејзин прв стратег бил назначен дотогашниот управник на старата тема Тракија и Јоанопол, протоспатариј Леон Саракинопул[346]. За овој византиски командант се откриени 19 негови печати со текст: Леон, императорски протоспатариј и стратег на Јоанопол и Доростол, Саракинопул[347], што зборува дека тој прилично долго останал на таа функција.

[344] Исто, 102-103.

[345] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 54.

[346] Божилов И.,-Гюзелев В., История, т.1, 351.

[347] Печатите от, No. 259-277.

Немаме релевантни изворни податоци, за тоа кога била анулирана византиската власт на територијата меѓу Ст. Планина и Дунав. Но, можеме да претпоставиме дека оваа територија била освојувана од страна на Самуил постепено во времетраење од неколку години. Во врска со ова прашање мошне солидно објаснение дава, Стоименов, кој се потпира на два аргумента: отсуството на византиски печати во Преслав во периодот 987-1000 г., како и перипетиите во коишто западнала Византија по 986 г.[348] По оваа година Византија била зафатена од граѓанска војна, која ја предизвикале бунтовниците Варда Склир и Варда Фока[349]. Во 989 г. Русите го освоиле Херсон, а потоа следел походот на Василиј II против Грузија. Мошне е веројатно, дека Самуил ги искористил овие настани и ги освоил бугарските територии на север од Ст. Планина. Оваа претпоставка ја поткрепува и еден податок од стихотворната хроника на Константин Манаси, извор од XII век, во кој се вели дека по бунтот на Варда Склир, Бугарите нападнале кон Подунавјето (Паристрион) и ја опустошиле блискоисточната Тракија[350].

Земјите на југ од Ст. Планина т.е. стратегиите Верое и Филипопол, останале трајно под византиска власт и се претвориле во база, особено Филипопол за ликвидирање на Самуиловата држава.

По ликвидацијата на Самуиловата држава во 1018 г. за првпат по доселувањето на Словените на Балканот, Византија воспоставила целосна власт, воведувајќи го тематското уредување на поголемиот дел од Полуостров.

---

[348] Стоименов Д., Временна византийска военна администрация, 42. И Пириватриќ С., смета дека оваа територија Самуил ја освоил по 986 г., а не порано. Сп: Самуилова држава, 90-91. Божилов И.,-Гюзелев В., сметаат дека во 987 г. или нешто подоцна Самуил ја освоил Сервија, а потоа и Верија, додека пак, летото 990 г. , Ромеите биле изгонети од земјите меѓу Ст. Планина, Црно Море и Дунав, коишто биле обединети во една воено-администртивна единица Јоанопол и Доростол. А, малку подоцна т.е. во 991 г., според овие автори, биле ослободени и земјите на север од Дунав, кои биле обединети во катепанат Месопотамија. Сп: История, 320.

[349] За бунтовите на Варда Склир и Варда Фока види: Острогорски Г., Историја на Византија, 363-364.

[350] ИБИ XXII-ГИБИ X, София 1980, 93.

За тоа како била уредена во управен поглед бившата територија на Самуиловата држава во науката се изнесени најразлични мислења. Некои научници сметале дека Самуиловата држава не била поделена и дека сочинувала еден катепанат со седиште во Скопје. Други пак, се определиле за тезата дека била поделена на три воено-управни единици: Бугарија, Паристрион и на Дунав и Сава, тема со градовите Сирмиум и Белград[351]. Антолјак е еден од многуте автори, кои се определиле за тоа дека целата територија на Самуиловата држава не била организарана како една единица, потенцирајќи дека изворите прават разлика меѓу "Бугарија", односно само еден дел од Самуиловата држава и "цела Бугарија"[352]. Ангелов исто така смета дека централниот дел од Балканот бил организиран во катепанат Бугарија и нагласува дека таа воено-административна единица како најголема се делела на одделни помали единици, раководени од стратези[353], потчинети непосредно на главниот управител во Скопје[354].

---

[351] За овие размислувања, види: Византијски извори, т. III, 125-127 бел. 165.

[352] Антолјак С., Самуилова држава, 585-590. Кон оваа мислење се придржуваат и: Оболенски Д., Византијски комонвелт, 250; Успенски Ф., Историја Византијског царства, т. 2, Београд 2000, 461; Максимовић, Љ. Организација византијске власти у новом освојеним областима после 1018 године. ЗРВИ (36), Београд, 1997, 37.

[353] Според вестите, што ги дава Теофилакт Охридски (1090-1118) во својата преписка, а кои се однесуваат на воено-административната организација во Македонија во времето на Алексиј I Коменен (1081-1118), забележуваме дека оваа територија била поделена на повеќе теми. Охридскиот архиепископ ги споменува следните теми во Македонија: Солунската, Скопската, Берската, Пелагониската, Вардарската и Охридската. Сп: ИБИ XXX-ГИБИ IX/II, София 1994, 98, 101, 104, 131, 157, 188, 216, 218, 219; Византијски извори, т. 3, 289 бел. 178, 298 бел. 241, 300 бел. 253, 352, 354; сп. и: Панов Б., Средновековна Македонија: Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, т. 2, Скопје 1985, 244. Аџиевски К., Пелагонија, 90-92. Панов Б., (Средновековна Македонија, т.2, 244.), којшто ги проучувал делата на Теофилакт Охридски и неговите информациии ги споредувал со други извори, заклучил дека и Струмица и Костур биле организирани како теми. И покрај тоа што, известувањата на Теофилакт Охридски се однесуваат на втората половина од XI век, можеме да претпоставиме дека катепанатот Бугарија, кој бил формиран по ликвидацијата на Самуиловата држава уште во самиот почеток, најверојатно, бил

Основен извор кој се користи за реконструкција на воено-административната организација по ликвидацијата на Самуиловата држава е Скилица. Тој вели дека Василиј II од Струмица се упатил во Скопје. Во овој град императорот како стратег автократор[355] го поставил патрикијот Давид Аријанит[356] и го именувал за катепан на Бугарија[357].

---

поделен на повеќе мали стратегии. Иако немаме современи изворни податоци кои би можеле тоа со сигурност да го потврдат, сепак постојат знаци кои упатуваат на тој заклучок. Имено, тука станува збор за печатите от Преслав и Ескоријалниот тактикон врз основа на кои се докажува постењето на катепанатот-Месопотамија на Балканот, кој во својот состав имал и помали административни единици-стратегии, како што беше кажано погоре. Ако уште во X век постоеле такви големи агломерати со сложена структура, тогаш не е исклучена можноста и во почетокот на XI век катепанот-Бугарија да бил организиран на истиот начин, за поголема контрола на една така пространа територија.

[354] Ангелов Д., История на Византия, т. 2, София 1968, 94.

[355] Ферлуга Ј., разликува две фази во целата ситуација околу организацијата на административната управа на оваа тероторија. Имено, тој смета дека Давид Аријанит бил поставен првин за стратег автократор, заначи врховен заповедник во ситуација која сé уште не била средена и кога го заменувал Василиј II на военото подрачје. А дури откога ситуацијата била смирена се пристапило кон спроведување на управните мерки, при што во тој случај Давид Аријанит бил именуван и за катепан. Сп: Византијски извори, т. III, 128 бел. 165; Божилов-Ѓузелев под стратег автократор подразбираат главен командант со полна власт во граѓанската и воената област во определен момент или при определени ситуации (узурпации, воени дејствија итн.). Тие нагласуваат дека како синоним била користена појасната титула стратопедарх, која се поврзува со воените дејствија пред и по Давид Аријанит. Исто така, тие не ја исклучуваат можноста овој управител да имал две должности, заради важноста на моментот т.е. не завршената војна со Самуиловата држава. Сп: История, т. 1, 348.

[356] Давид Аријанит бил еден од најпрочуените и мошне заслужни византиски војсководци во војната против Самуил. Тој извесно време бил управител на Солун-објект на Самуиловите напади во последното десетлетие на X век и основен пункт за византиските походи против самуиловата држава. На должноста катепан на Бугарија останал до 1026 г., кога бил назначен нов управител, а тоа бил Константин Диоген, којшто всушност бил назначен за дукс на Бугарија (Scylitzae I., 345. 37, 354. 82-83, 373. 94-95.), кога темата Бугарија преминува од катепанат во дукство. Од тоа време е зачуван и еден печат на Константин, антипат патриций и дукс на Бугарија. (Schlumberger G., Sigillographie, 240.). На оваа должност К. Диоген останал до 1028 г., кога бил обвинет за заговор и испратен во М. Азија. (Scylitzae I., 376. 86-90.)

Ферлуга се обидел да ги лоцира границите на овој катепанат, сметајќи дека тој ги опфаќал централните делови на Самуиловата држава и се граничел со темите: Драч, Никопол, Хелада, Солун, Стримон, Македонија, Паристрион и Сирмиум. Седиштето на темата т.е. катепанатот Бугарија бил градот Скопје[358].

По 1000 г. откако одново биле завладеани бугарските земји меѓу Стара Планина и Дунав, од страна на Византија, биле вклучени во византискиот административен систем. Василиј II повторувајќи ги дејствијата на својот претходник Јован Цимискиј, создал едно мошне големо територијално обединение кое ги вклучувало на југ бугарските земји во Тракија до заддунавските територии (катепанатот Месопотамија и стратегијата Западна Месопотамија) на север. Во овој период најверојатно, било формирано дукството Тракија и Месопотамија[359], а за прв дукс на оваа обединение бил назначен како што веќе рековме, Дамјан Добромир. Понатамошните промени во организационата структура на темата биле во една насока: намалување на нејзиниот опфат. Првин отпаднале земјите на север од Дунав, тие на катепанатот Месопотамија и стратегијата Западна Месопотамија, кои биле завладеани од Печенезите или биле под нивна контрола. Така се појавува темата Доростол и Тракија, чиј дукс бил Давид. Божилов и Ѓузелев сметаат дека новата тема се појавила пред 1016-1017 г.[360], бидејќи тогаш се појавува стратег со име Сисиниј[361].

---

[357] Scylitzae I., 358. 85-87; Византијски извори, т. III, 125.

[358] Византијски извори, т. III, 127 бел. 165. Сп и: Острогорски Г., Историја на Византија, 374; Аџиевски К., Пелагонија, 63.

[359] Василевски смета дека Паристрион, како што подоцна се нарекува оваа тема, во периодот од 1026 г. до 1043 г. бил дукство, бидејќи воените одреди кои се наоѓале таму ѝ припаѓале на армијата на тагмите. А, во периодот од средината на XI век до околу 1073 г. Паристрион, според овој учен бил управуван од катепани-команданти на воените одделенија на хетеријата, составена од наемници. Сп: Василевски Т., Катепанство и дукство, 102-105.

[360] Божилов И.,-Гюзелев В., т. 1, История, т. 1, 352.

[361] Scylitzae I., 356. 27.

Во 1043 г. кога се појавува руската флота на Босфорот и откако била уништена од Теодоракан, останатите живи Руси се повлекле на кај Варна каде биле конечно поразени од вестот Катакалон Кеквамен. Овој управител, Скилица го нарекува ¥rcwn ín tîn par¦ tÕn '/Istron pÒlewn ka^ cwr…wn[362] т.е. управител на градовите и областите покрај Дунав. Таа формулација како и контекстот на расказот од Јован Скилица упатуваат на веќе постоечка воено-административна единица или тема. Пет години подоцна со оваа тема управувал некој си Михаил, син на Анастасиј, кој Скилица го нарекува архонт на градовите по Истар[363].

Од крајот на 50-те години на XI век за прв пат во административната терминологија името '/Istroj е заменето со DoÚnabij и така оваа тема почнува да се нарекува Парадунавон[364].

Сите овие изворни податоци кои ги дава Скилица, а кои се однесуваат на малку подоцнежен период, зборуваат дека меѓу Стара Планина и Дунав била формирана посебна воено-административна единица, позната како Паристрион или подоцна како Парадунавон.

Третата тема, Сирмиум за која се верува дека била формирана по 1018 г. во Сремската област, Божилов и Ѓузелев ја доведуваат во врска со темата Морава. Имено, тие сметат дека печатот на Адралест Диоген, императорски протоспатариј и стратег на Морава, треба да се поврзе со првото трајно проникнување и уште потрајно продирање на византиските војски во тој дел на Самуиловата држава. Тоа, се случило според нив во почетокот на второто илјадолетие со превземањето на Видин и околните земји во 1003 г., според известувањата на Скилица. Токму тогаш бил назначен, според нив, Адралест Диоген за прв византиски стратег во областа по долното течение на р. Морава, меѓу Видин и Браничево[365]. Промена во положбата на стратегијата на Морава настапила во 1018 г., односно тогаш кога Константин Диоген “архонт на тамошните земји”[366]

[362] Исто, 433. 27-28.

[363] Исто, 456. 67-68.

[364] Божилов И.,-Гюзелев В., История, т. 1, 355.

[365] Исто, 357.

[366] Scylitzae I., 365. 16-17.

т.е на Браничево и Белград, а веројатно и на Морава, го завладеал Сирмиум. Токму тогаш Константин Диоген бил назначен за "архонт на новозавојуваната земја"[367]. Дека Константин Диоген бил назначен за архонт на новоосвоената земја Сирмиум потврда добиваме од соопштението на Скилица, каде таа изрично се споменува т.е. дека за дукс на Бугарија во 1026 г. бил назначен Константин Диоген, а кој дотогаш бил архонт на Сирмиум[368]. Седиштето на новата тема се наоѓало во Сирмиум-Срем, а територијалниот опфат на оваа тема останува непознат[369].

Живковиќ смета дека на местото на стариот катепанат Рас, кој егзистирал во периодот од 971-976 г. , по 1018 г. била формирана тема Србија. Овој учен при докажување на својата теза, се потпира на податоците од неколку печати кои споменуваат стратег на Србија и дубровничкиот документ од 1039/40 г.[370] каде во потпис се јавува: "Litouiti protospatarii, epi to srussotriclinio, ypati et stratigo Servie et Zachlumie"[371]. Меѓутоа, Василевски правилно проценил дека печатите на коишто Константин Диоген бил означен како стратег на Србија, а во наративните извори се јавува како стратег на Сирмиум, всушност докажува дека се работи за една иста тема која била означувана со две различни имиња. Првото име, нагласува тој, произлегува од називот на земјата, а второто од називот на престолнината-Сирмиум. Ваков пример на двојни имиња за една иста тема била честа појава во Византија, како на пр. Далмација-Задар, Паристрион-Дристар, Бугарија-Скопје, Македонија-Адријанопол

---

[367] Исто, 366. 30.

[368] Исто, 373. 94-95.

[369] Во втората половина на XI век темата Сирмиум на двапати ја губи својата самостојност и е обединувана со темата Бугарија. И на двапати причина за обединувањето била опасноста за Империјата однадвор. Во 1065 г. била заплашувана од Узите, а во 1096 г. од страна на првиот бран рицари на Првиот Крстоносен поход. Сп: Божилов И.,-Гюзелев В., История, 357-358.

[370] Живковић Т., Јужни, 430.

[371] За овој документ, види: Laurent V., Le thème byzantin de Serbie au XI siécle – Revue des Etudes Byzantines, Paris, vol. 11, 1957, 193. Лоран сметал дека оваа тема се наоѓала во најблиското соседство на Захумље т.е. на територијата на Требиње и Зета-Диоклија.

итн[372]. Ние сметаме дека мислењето на Василевски, во моментот треба да се прифати како прилично уверливо.

Со воведувањето на тематската управа на територијата на некогашната Самуилова држава се заокружува процесот на создавање теми на Балканскиот Полуостров, а со тоа всушност, византиската воено-административна организација ја добива и својата целосна физиономија.

**ГЛАВА ПЕТТА**

# V. ОРГАНИЗАЦИЈАТА ВО ТЕМИТЕ И ИНСТИТУТОТ НА СТРАТИОТИТЕ

## 1. Организацијата во темите

Моќта на Византија зависела од моќта на нејзината армија и од способноста на војсководачите. Со оглед на тоа што Византија била распространета на огромна територија, морала да располага и со бројна армија. За координација на дејствијата на таа армија, Византија воспоставила еден скалесто организиран команден систем. Главната поделба на војската била на копнени и поморски сили.

Копнената војска и флотата во Византија се делеле соодветно на императорска војска и флота и на тематска војска и флота. Императорската војска или гвардија била распределена на полкови или тагми. Оваа војска служела за заштита на престолнината, односно го штитела дворецот, хиподромот и градските ѕидини. Таа се делела на коњаница, која ја сочинувале: Схоли, Екскувити, Аритми и Иканати; и пешадија, која била составена од: Нумери и Стени. Покрај нив постоеле уште и наемни гардисти-странци, кои го сочинувале одредот на хетеријата и дворска стража составена од: Кубикулари, Кандидати и Вигли. Со сите тагми, освен со аритмите на чие чело стоел друнгариј, командувале доместици. Титулата доместик, вообичаено ја носеле аѓутантите на

[372] Василевски Т., Византийската тема Сирмиум-Сърбия през XI-XII век, България и Византия (IX-XV век). София 1997, 118.

стратегот[373]. Уредувањето на тагмите било сосема засебно и независно од тоа на темите. Војниците, кои ги образувале тие тагми биле во голем дел обични наемници, кои добивале од државата редовна плата. Многу од нив биле синови на видни семејства, кои се запишувале на воена служба за да имаат право да ја носат разнобојната воена облека и да учествуваат во парадите и свечените церемонии, со кои изобилувал константинополскиот живот. Тој состав на придворна војска ги правел војниците сосема непогодни за воени дејствија. Во војна учествувале, само кога учествувал и императорот, а тогаш тие служеле како негова лична гарда[374].

Тематската или провинциската војска исто така ја сочинувале одреди на коњаницата и на пешадијата. Што се однесува до воеското уредување на темите најдобри податоци дава Константин Порфирогенит, кој прикажувајќи ја воено-административната организација на темата Анатолика овозможува преку тој пример да се добие претстава и за другите теми[375]. На чело на темите стоел стратег, кој бил назначуван од страна на императорот[376]. Во рацете на стратегот била сконцентрирана сета воена и цивилна власт во темата. Сите стратези во византиските списоци на чинови се вбројувани во првата категорија на чинови и ја носеле титулата-патрикиј или антипат патрикиј, титула која била проследена со највисоки привилегии[377]. Имало случаи на должноста стратег да стои и протоспатариј, па дури и спатариј[378]. Исклучок од правилото на чело на темата да стои стратег претставуваат темите Опсикион, кој била управувана од комес и темата Оптиматон на чие чело

[373] Византийская армия IV-XIII веков, Византийская держава, 26.< http://byzantion.ru/> Сп. и: Византийский военно-исторический словар. <http://xlegio.ru/pubs/byzant_voco/suida-nova.htm>

[374] Мутафчиев П., Лекции по история на Византия,т. 2, София 1995, 189.

[375] De cerimoniis, I, 716-717; Les listes de préséance, 109 и 111; Bury J. B., Admin. System, 139.

[376] За церемониите околу промоцијата на стратегот, види го францускиот превод на Церемониите: Constantin VII Pordhyrogenete, Le livre des cérèmonies, ed. A. Vogt. Texte etabli et traduit vol.II, Paris 1939, с. 56 (47).

[377] Bréhier L., Les institution, 291.

[378] Успенски Ф., Историја, т. 1, 536.

се наоѓал доместик. Меѓу стратезите најголем углед имале заповедниците на малоазиските теми, кои го сочинувале јадрото на византиската воена сила. Речиси сите стратези на малоазиските теми имаат повисок ранг од стратезите на Македонија и Тракија, најважните заповедници на европската војска. Тоа се огледа до некаде и во нивните плати. Во времето на Лав VI стратезите на Анатоликон, Арменијакон и Тракезион примале годишно по 40 фунти злато или 44 438 златни динари, стратезите на Опсикион, Букеларион и Македонија по 30 фунти, стратезите на Кападокоја, Харсианон, Пафлагонија и Колонеја по 20 фунти, а дргите од 10 до 5 фунти[379]. Стратезите биле заповедници на воените одреди и началници на локалната управа, а веројатно, нему му припаѓало и правото да ги наименува чиновниците кои му биле подредени. Тие чиновници биле: турмарх, мерарх, комес на штаб, хартуларij на тема, доместик на тема, друнгариј на банда, комес на банда, кентарх спатариј, комес на хетерија, протоканцелариј и протомандатор[380].

Според податоците што ги дава арабјанскиот географ, Хордадбах[381] во своите списи, добиваме претстава за меѓусебната подреденост на разните чинови и за бројот на луѓето кои се наоѓале под заповедништво на секој офицер. Бројниот состав од 10 000 луѓе на анатолиската тема под заповедништво на стратегот бил поделен на следниве посебни формации (единици):

1. Две турми на чело со двајца турмарси, кои заповедале по 5000 луѓе;
2. Десет банди (или друнги), по пет во секоја турма, на чело со истиот број на друнгарии, под заповедништво на секој по 1000 луѓе;

[379] De cerimoniis, II, 696-697; Сп. и: Острогорски Г., Историја на Византија, 307; Bréhier L., Les institution, 291; Ангелов Д., История на Византия, т. 2, 50.

[380] De cerimoniis, I, 716-717, 738; Les listes de préséance, 109 и 111; Bury J. B., Admin. System, 139; Успенски Ф., Историја, т. 1, 534.

[381] Ибн Хордадбах бил дворски службеник на багдатскиот халиф, живеел во XI век и во своите списи дава податоци за условите во Византиското Царство и посебно за неговата воена организација.

3. Педесет дружини, по пет во секоја банда, на чело со комеси, од кои секој од нив имал под заповедништво по 200 луѓе;
4. Двесте и педесет кентархии, пет во дружина, на чело со кентарси, кои имаат под заповедништво 40 луѓе;
5. И на крајот, илјада декархии, по четири во секоја кентархија, на чело со декарси, кои имале под заповед по 10 луѓе[382].

При споредбата на двата извештаја што ги даваат Константин Порфирогенит и Хордадбах се забележува дека, Константин нуди попис на сите чинови кои му се потчинети на стратегот, а арабјанскиот географ ги наведува чиновите кои се однесуваат само на военото заповедништво. Првиот извештај е важен од аспект на тематската управа, воопшто; а вториот од аспект на составот на одделни воени единици на темите. Освен тоа, Хордадбах во својот извештај ги испушта следните чинови: мерарх, комес на штабот, хартуларij на тема, доместик на тема, протоканцеларij и протомандатор.

И покрај тоа што, Хордадбах во својот извештај во заокружени бројки го дава командниот кадар на византискиот округ и дивизија, неговите податоци не може да се земат како сосема веродостојни, бидејќи немаат потврда во византиските извори. Односно, според анализата на византиските извори можеме да забележиме дека секоја тема пооделно и во различен временски интервал имала поинаков број на команден кадар. Така на пример во темата Анатолика дознаваме дека имала турма која била составена од 7 банди[383], во Тракесиската тема се споменуваат неколку турми, значи повеќе од две[384], во темата Арменијака се споменуваат двајца турмарси, па според тоа има две турми[385] итн. Бројноста на командниот кадар зависела како од големината на соодветна тема, тека и од нејзиното значење во одреден период.

[382] Овој текст е искористен од преводот што го дава Успенски Ф., Историја, т. 1, 534. Сп. и: Мутафчиев П., Лекции, т. 1, 340-341; Византийская армия IV-XIII веков, Византийская держава, 22.< http://byzantion.ru/>

[383] Об Управлении империей, 224. 98-100.

[384] De cerimoniis, I, 663. 3.

[385] Theophanis Chronographia, 469. 9.

Според хиерархијата на чиновите во темата веднаш зад стратегот доаѓа турмархот или мерарх. Турмархот стои на чело на турма, како што веќе рековме, а мерархот управува со мерархија, која што била организирана на ист начин како и турмата. За мерархијата се мисли дека била формација од привремен карактер и се создавала само во време на војна, доколку било невозможно оперативно командување со поголеми одреди; или пак, во X век, кога повеќе не се споменува во изворите, станала застарен термин, кој бил истиснат од терминот - турма[386].

Комесот на штабот имал задача да биде покрај стратегот и да ја извршува должноста началник на штабот. За време на војна тој бил одговорен за снабдување на војската, за надзор на стражарската служба и дежурство во императорскиот шатор. Должноста на хартуларијот се поистоветува со должноста началник на канцеларијата, тој бил одговорен за водење на списоците за воени чинови. Доместикот на темата требал да биде во лична служба на стратегот (нешто како аѓутант). Друнгаријот на банда и комесот му биле потчинети на турмархот. И двајцата заповедаат одреди на војници, но според хиерахијата друнгаријот е повисок по чин, а комесот е веднаш зад него. По нив доаѓаат кентарсите и декарсите[387].

Во извештајот на Константин Порфирогенит на самиот крај од скалата на чинови во темата, како што забележал Успенски, се наведуваат два чина, кои не припаѓаат на војничкиот ред-протоканцеларij и протомандатор[388]. Протоканцеларијот бил тематски писар, неговата должност била да издава и да потпишува разни акти, но истовремено бил и курир, бидејќи требал наредбите на стратегот да ги пренесува на потчинетите чинови во темата. Секој турмарх требал да има свој курир кај стратегот, кој се нарекувал мандатор или протомандатор[389].

Како што може да се види и Константин Порфирогенит и Хордадбах даваат само образец на воената организација на темата или субординација

[386] Успенски Ф., Историја, т. 1, 536; Византийская армия IV-XIII веков, Византийская держава, 22.< http://byzantion.ru/>

[387] Успенски Ф., Историја, т. 1, 537-538.

[388] De cerimoniis, I, 717 и 738; Bury J. B., Admin. System, 139; Сп. и: Успенски Ф., Историја, т. 1 , 538.

[389] Исто, 538.

на разни воени чинови во темата како самостојна установа. Значи, благодарение на овие податоци добиваме претстава за темата-дивизија или корпус, но ни е ограничена можноста да дознаеме како била организирана цивилната управа. Успенски, смета дека цивилната управа во темите не зависела од стратегот, туку дека со неа раководел, протоноториј на тема. Тој би стапувал на сцена, според Успенски тогаш кога темата-војска би доаѓала во допир со околината. Неговата должност опфаќала испорака на храна, опремување на поштенски и товарни коњи за војската, како и интендант, воопшто. Додека пак, другите чиновници на темата како што се хартулариј, претор на темата и судија, ја воделе администрацијата, судството и финансиите[390]. Мошне значајна улога играле во темите и легатариите, кои претставувале еден вид на врска меѓу централната и провинциската власт. Тие оделе по темите за да вршат ревизија на работата на стратезите, да им ги пренесат наредбите од централната влада, а исто така требале да ја известуваат владата во врска со тоа што се случувало во самите теми[391].

Освен гореспоменатите чиновници во темата особена положба во военото уредување завземал и т. н. логотет на стадата. Независно од обврската за чување на многубројните стада со кои располагал императорот во М. Азија, преку специјални чиновници-организатори; тој требал да се грижи и за одржување на редот и неопходните резерви во воените станици, каде што армијата запирала да се одмори и да ги присоедини контингентите на другите теми. Штом војната ќе се објавела, веднаш им се кажувало на раководителите на станиците да подготват одреден број на товарни животни, потребни за коморна (позадинска) служба. Во Константинопол објавувањето на војната се означувало на посебен начин. Над вратите на императорскиот дворец, Халки закачувале панцир, меч и штит. Кога императорот лично не учествувал во походот назначувал главен командант. Изборот зависел лично од него и тој не бил обврзан со никакви правила и закони. Но, ако заминувал во војна, тогаш управувањето со Империјата и чувањето на престолнината било

[390] Исто, 539.

[391] Мутафчиев П., Лекции, т. 2, 191.

доверувано на специјално лице. Пречекувањето на императорот во станиците било проследено со голем церемонијал. Темата која чекала да се присоедини со императорската армија била поставена на мало растојание од патот. Императорот бил пречекуван од виши офицери и придружуван од нив, правел преглед на целата тема. За време на поход императорот ја предводел армијата на растојание од “три истрела”. При движењето воените единици го следеле редот сообразно на нивното достоинство. Највидните го завземале центарот. Кога армијата стигнувала близу до непријателот и се сместувла во логор[392], за да се осигураат од изненадувања, логорот бил зацврстен со ров (окопи), а на поблиско и подалечно растојание се поставувале стражи за набљудување и заштита. Кога војната ќе завршела успешно на императорот во престолнината му се подготвувал свечен триумф, кој започнувал од Хебдамон-воениот логор надвор од престолнината и преку Златната врата завршувал со свечена литургија во Св. Софија[393].

Од податоците што ги даваат изворите се забележува дека темата не е само воена организација туку е истовремено и административна област, организирана така што нејзиното население овозможува обавување на воената служба. Имено населението по пат на системот на распределба на земјата било ставено во положба да ја обавува воената должност.

Основата на тематската војска ја сочинувала лесно вооружената коњаница, но имало и пешаци. Тематската пешадија била лесно вооружена и била организирана на сличен начин како и коњаницата[394]. Освен лесната коњаница во Византија мошне значајна улога играла и тешката коњаница-катафракти, која што се состоела делумно од тематска војска (околу една третина). Константинопол своите победи ѝ ги должел токму на овој вид коњаница. Катафрактите за разлика од останатите стратиоти биле ситни феудалци и се јавувале како составен дел на

---

[392] За тоа како бил организиран и обезбедуван логорот кога византиската армија се наоѓала во поход во непријателска земја, види го анонимниот византиски трактат од X век, De Castrametatione, <http://xlegio.ru/sources/index.htm>

[393] Мутафчиев П., Лекции, т. 2, 191-193.

[394] Византийская армия IV-XIII веков, Византийская держава, 21.< http://byzantion.ru/>

претставниците на тематската милиција. Византиските катафракти малку наликувале на западноевропските рицарски одреди, тие биле мошне дисциплинирани, организирани во постојани делови, а имале и елементи на униформа: плашт (наметка) и врзоп од коњски влакна на шлемот со определена боја; што ја означувала припадноста на војникот кон определена единица[395].

Што се однесува до стратегијата на византиската армија во периодот од VII до XI век, таа не претрпела некои радикални промени туку останала како и порано повеќе одбранбена, отколку напаѓачка. Византиската одбрана се дополнувала со примена на герилски дејствија од страна на тематската војска, која била должна со своите дејствувања да ги вознемирува непријателите, да ги попречува нивните навлегувања во внатрешноста на Империјата, додека основните воени сили не се соберат и не истапат против непријателот[396].

Во периодот на доминација на тематската организација била изработена нова тактика, која впрочем по својот карактер малку се разликувала од тактиката на претходниот период. Меѓутоа, нормално дека имало и некои промени. Според податоците што се среќаваат во современите извори, можеме да добиеме претства за тоа каков бил составот на војската и на кој начин била распоредена на бојното поле за време на поход. Византиската армија била составена од еднаков број на коњаница и пешадија, понекогаш и чиста коњаница не била реткост за византиската армија. Византиската тектика се базирала на напаѓачки и одбранбено-напаѓачки дејствија и претпочитала поголем број на последователни координирани удари по непријателот. Стандарниот боен строј, кој во зависност од ситуацијата значително се менувал се состоел од пет основни елементи:

1. прва линија на центарот
2. втора линија на центарот
3. резерва (заштита на тилот), обично составена од две групи разместени зад секое крило.

[395] Исто, 29-30.

[396] Исто, 30.

4. крилни одреди за заштита, нивната боева задача била и да го заробат или опкружат противникот.
5. одреди за далечинско обезбедување и заштита во чија боева задача влегувало исто така заробување и опкружување на противникот.

Двата први елементи биле составени од пешадија, построени во центарот, додека трите останати секогаш биле коњаница. Ако имало малку пешадија, тогаш таа би можела да ја формира втората линија на центарот или да биде во својство на дополнителна резерва зад двете коњанички линии[397].

## 2. Институтот на стратиотите

Како резултат на промените настанати во VII и VIII век во Византија, настапило коренито преуредување на воената организација. Во овој период, било напуштено наемништвото, а предноста ѝ била отстапена на една месна народна армија. Таа била регрутирана од самите жители на Империјата и тоа во најголем дел од редовите на слободните селани.

Потегот на византиската влада, да ја поврзе воената служба со ситниот земјопосед и да ја направи зависна од него, се покажал мошне успешен. Токму на оваа поврзаност и условеност на воената служба со земјопоседот се должела постојаноста и виталноста на тематскиот систем, а со тоа и моќта на византиската држава. Се формирала посебна категорија на војници-селани, познати уште и како стратиоти, кои поседувале земјоделски имот со определена големина, позант како стратиотски имот (stratiotika kthmata). Имотите на коишто живееле стратиотите и ги обработувале им биле отстапени од државата, која за таа цел ги користела своите слободни домени. Самите пак, војници биле обезземјени селани или колонисти од разни народи во рамките на Империјата или надвор од неа. Од приходите тие ги издржувале своите семејства и се снабдувале со потребната опрема и оружје. Сопственоста

[397] Исто, 31-32.

над тие земји била условена. Војникот бил неспорен сопственик на земјата, само доколку ја исполнувал обврската за која што ја добил земјата т.е. да ја извршува воената служба. Во таков случај, тој можел својот имот да им го остава во наследство на своите деца или блиски роднини до шесто колено, но заедно со тоа им го предава и задолжението, кое лежи врз него т.е. воената служба[398].

Лицето кое поседувало војнички имот било должно секојпат кога била вршена мобилизација, да обезбеди оружје и коњ[399] и да се јави во определен војнички одред[400]. Штом војната ќе завршела војниците се враќале на своите земји и одново станувале слободни селани. Во мирно време тие требале да се грижат и за воената подготовка.

Независно од војничката земја, еден стратиот можел да стане сопственик и на други поседи, добиени по чесен пат преку купување, дарување или на друг начин. Стратиотот на овие придобиени земји бил нивен целосен сопственик и можел да располага со нив како што сакал (можел да ги разменува, продава, завештува итн.)[401].

Војничките имоти биле впишувани во одделни даночни регистри кои се нарекувале stratiwtiko^ kat£logoi. Војникот можел да го впише и својот придобиен имот по чесен пат во војничките списоци, но еднаш впишан таму, таквиот имот образувал неразделен дел од војничкото стопанство и не можел да биде отуѓен, дури и да го надминува со него законскиот минимум[402]. Согласно со новелата од 947 г. на Константин Порфирогенит, војничкиот имот требал да има вредност од најмалку 4

---

[398] За војничката сопственост, види: Эклога: византийский законодательный свод VIII века, перевод, комментарий Е. Э. Липшиц, Москва 1965, титул XVI чл. 1 и 2; Подбрани извори, 159 и 161; Сп. и: Ангелов Д., История на Византия, т. 1, 239; Острогорски Г., Аграрне прилике, 75; Мутафчиев П., Лекции по история на Византия, т. 2, София 1995, 178.

[399] Според една одредба од Еклогата дознаваме дека оружјето и опремата претставуваат лична сопственост на стратиотот. Сп: Эклога, титул XVI чл. 2.

[400] La vie de S. Philarète, 126.

[401] Мутафчиев П., Лекции, т. 2, 179.

[402] Подбрани извори, 159.

литри злато[403] т.е. 288 номизми, за коњаниците, а морнарите задолжени за флотата на Егејското море, островот Самос и Кивиреотите, кои ги опремувале своите кораби и истовремено служеле и како веслачи и како вијници, покрај платата добивале и недвижен имот во вредност од 2 литри[404]. Тој определен минимум бил неотуѓив. Војникот немал право да го продава, да го завештува или дарува, освен на природните наследници на кои им се пренесува обврската за воената служба. Извршените од ваков и сличен вид зделки биле прогасувани за невалидни[405]. Стратиотите во замена за служењето во армијата, биле ослободени од разни државни давачки. Тие требале сообразно на размерот на имотите да плаќаат само земјишен данок. Најпривилигирана категорија меѓу стратиотите биле оние кои се наоѓале во пограничните области на Империјата и кои се познати под името акрити[406]. Акрити имало во Северна Сирија, Ерменија и Киликија т.е. во областите соседни на Арапскиот халифат. Акрити имало и во европските владенија на Византија, главно во Тракија и Македонија, покрај границата со бугарската држава. Граничари биле павликијаните, кои Константин Копроним ги населил во Тракија и Персијците населени од императорот Теофил по р. Вардар. Овие акрити, кои работеле на отстапената државна земја биле подготвени во секој момент да го земат оружјето в рака и да одбијат било каков напад на границата. Нивниот живот претставувал една непрекината војна, особено на оние што живееле во соседство на Арабјаните. Постојаната опасност на која биле изложени, создала од нив население за кое војната станала занает. Кога не одбивале непријателски напади тогаш самите превземале такви на непријателска територија. И бидејќи тие гранични препади секогаш им носеле пљачка и богатства, војната на нив им станала нивно најдоходовно занимање. За

[403] Меѓутоа, според еден друг извештај на Константин Порфирогенит дознаваме дека, коњаникот требал да има земјишен посед во вредност од 5 или најмалку 4 фунти, а морнарот посед во вредност од 3 фунти. Сп: De cerimoniis, 695.

[404] Подбрани извори, 159; Ангелов Д., История на Византия, т. 1, 239.

[405] Подбрани извори, 159.

[406] Византийский военно-исторический словар. <http://xlegio.ru/pubs/byzant_voco/suida-nova.htm>

разлика од обичните стратиоти чиишто команданти им биле назначувани од државата, граничарите имале за началници месни првенци. Поради постојаната опасност, која не им дозволувала наполно да се посветат на мирен земјоделски труд, тие добивале од државата и одредени парични награди, кои им се исплатувале редовно секоја година. Друга привилегија, која ги издига над обичните стратиоти била и ослободувањето од секакви видови даноци или должности[407].

Поради поволностите поврзани со војничкото звање, бројот на тие кои биле подготвени да се здобијат со таквото звање бил мошне голем. Материјалната состојба на војникот му била обезбедена, големината на земјоделскиот посед му била гарантирана многу повеќе отколку на обичниот селанец. А, заштитата која државата ја укажувала на своите војници и разните привилегии на кои тие се радувале им ја правеле нивната положба позавидна од таа на обичните селани[408].

Поради причини од социјален карактер и наспроти забраната да се кусат делови или отуѓуваат целосно војничките имоти, имало многу војници чии поседи не го достигнувале законскиот минимум. Таквите војници се нарекувале осиромашени[409], бидејќи земјата не им била доволна за да се издржуваат од неа или пак да се снабдат со потребното оружје и војничката опрема. И бидејќи војничкото задолжение лежело врз определен земјишен минимум, војниците кои по една или друга причина не поседувале таков минимум, образувале групи и секоја таква група била должна да обезбеди еден војник наполно вооружен, опремен и подготвен. Тие коишто поседувале целосни поседи биле должни лично да служат во војската и користењето на заменици било забрането. Ова го дознаваме од извештајот на Константин Порфирогенит во кој се вели: "Треба да се знае дака постоело правило според кое воените обврзници во случај на прогласување на регрутација не е дозволувано доколку се имашни да

[407] Ангелов Д., История на Византия, т. 1, 240; Мутафчиев П., Лекции, т. 2, 181-182.

[408] Мутафчиев П., Лекции, т. 2, 280.

[409] За таков еден осиромашен стратиот дознаваме од Житието на Филарет Милостви, каде се вели: "e„j tij tîn stratiwtîn ÑnÒmati MousoÚlioj ptwcÕj p£nu Øp£rcwn ka^ m¾ ™kporîn ¥llo ti e„ m¾ ›na ‰ppon ka^ tÕ §rma aÙtoà...". La vie de S. Philarète, 127.

даваат застапници туку морале сами да одат во служба; ако пак не се имашни било применувано правилото-еден војник на неколку селани, односно повеќе даночни обврзници му овозможувале на еден регрут да ја извршува својата служба. Ако пак, тие наполно осиромашеле, па дури и со помош на заеднички даночни обврзници не биле во состојба да ја извршуваат воената служба, биле лишувани од воениот чин. Земјишните поседи на таквите војници се неотуѓиви и можат да преминат во државна сопственост, за да во случај оној кој е лишен од воениот чин, ако во меѓувреме ја поправи својата положба може одново да го добие поседот и одново да биде впишан во својот одред”[410].

Војничките поседи биле организирани по аналогија на селските земјишни поседи. Тие имаат извесна врска со цивилните земјоработнички и даночни групи, односно не ја прекинуваат врската со организацијата на селската општина.

Во случај кога во семејните рамки го немало очекуваниот војник, тогаш тоа семејство било обврзано да плаќа определен паричен надоместок како замена за војничката служба. За да се избегне таквото парично оптеретување, честопати се случувало во војничките списоци да фигурираат формално како војници, децата[411].

Со оглед на тоа што, ситниот земјопосед носи голема корист, односно редовно ги плаќа даноците и обезбедува редовна војска, византиската влада имала мошне силна причина да го заштити тој посед. За таа цел биле издадени повеќе новели, кои ги официјализирале веќе постоечките правила со кои се штител ситниот стратиотски и селски земјопосед. Така Роман I Лакапин во април 922 г. издал новела во која правото на предимство при купување на ситниот земјопосед (prot^mhsij) им го враќа на малопоседниците, којшто претходно Лав VI го ограничил на земјишната аристократија. Во случај на продажба на ситниот земјопосед

[410] De cerimoniis, 695. Сп. и: Мутафчиев П., Лекции, т. 2, 179; Успенски Ф., Историја Византијског царства, т. 1, 545.

[411] Максимовић, Љ. Тематски војници у византијском друштву - прилог новом процењивању проблема, ЗРВИ (39), Београд, 2001/02, 30.

пет категории на поседници уживале право на првенство при купување по следниот редослед:

1. роднини кои поседуваат неразделни наследни имоти
2. сопоседници поврзани на истиот начин
3. тие кои зеле само учество при купување на еден имот
4. соседите кои плаќаат заеднички данок
5. обични соседи (кои имаат имоти во близина).

Под заеднички плаќачи на данок се подразбираат сите што се впишани како еден сопственик, дури и да ги плаќаат своите даноци на различни места[412].

Ако во предходните пет групи не би се нашол оној кој сака да го прими во овој случај војничкиот имот, правото преоѓа на селската општина, со други зборови военатa организација на крајот се претвора во селанска.

Целта на овој систем била да се спречи богатите (динатите) да ги купуваат селските имоти и истовремено да им се забрани понатаму да ги распарчуваат тие имоти. Според новелите на владетелите од македонската династија дознаваме дека им се забранувало на големопоседниците, чиновниците, митрополитите, епискпопите, манастирите, добротворните установи итн. да купуваат војнички имоти и да стекнуваат право на нивно наследство[413]. Токму оваа одредба кажува дека наведените установи се јавувале како чести купувачи на војничките па и на селските имоти и со тоа ја поткопувале моќта на тематското уредување како и економската моќ на самата држава.

Против динатите кои ја користеле секоја прилика (неродни години, суша, осиромашување итн.) да се доберат до малиот земјопосед, биле издадени неколку новели. Во 934 г. Роман Лакапин издал новела против динатите, бидејќи одредбите од неговата претходна новела не биле почитувани[414]. Во 947 г. слична таква новела издал и Константин

[412] Подбрани извори, 148.

[413] Подбрани извори, 157 и 159.

[414] Исто, 150-155.

Порфирогенит[415]. Но, затоа пак Никифор Фока, претставник на една од најголемите и најбогатите благороднички семејства во М. Азија со неговата новела од 967 г. ги лишил селаните од правото на првенство при купување во случај кога динатите ги продаваат поседите до кои се добрале на најразлични начини. Во името на правдата овој император ја вратил еднаквоста во постапката кон богатите и сиромашните[416]. Со оваа мерка биле срушени обидите на претходните владетели да ги заштитат малите земјопоседници и со тоа започнува нивното нагло одумирање. Од друга страна пак, Никифор Фока како голем војнички император, сакал да ги зајакне и зголеми поседите на војниците, но со тоа тие всушност го изгубиле карактерот на селански поседи. Вредноста на неотуѓениот минимум на еден војнички имот требало во иднина да биде не 4 туку 12 фунти злато. Оваа мерка императорот ја оправдал со тоа што укажал на потребата за нова и подобра воена опрема. Оваа промена од своја страна значела дека социјалниот состав на византиската војска од тој момент ќе биде поинаков. Никифоровите тешко наоружани војници, за кои се обидел да обезбеди имоти во вредност од 12 фунти, не била веќе старата селска војска, туку таа би можела да биде регрутирана од редовите на ситните феудалци кои веќе се раѓале[417].

Последниот император, кој се борел против издигнувањето на големопоседниците, бил Василиј II. Со новелата од 996 г. тој ги отповикал законите со кои бил воведен рокот на застареност[418]. Меѓутоа, најсилната мерка која ја превзел во борбата против големопоседниците била одлуката динатите да го плаќаат алиленгионот[419] за сиромашните т.е. да сносат одговорност за заостанатите даноци на селаните[420].

По смртта на Василиј II, настапува пресврт во политичкиот и економскиот развој на Византиската империја. Неговите слаби

[415] Исто, 155-158.

[416] Исто, 163-164; Острогорски Г., Аграрне прилике, 77.

[417] Острогорски Г., Аграрне прилике, 77; Максимовић Љ., Тематски војници, 45.

[418] Подбрани извори, 169-174.

[419] За даночниот систем во Византија, види: Острогорски Г., Византијски порески систем, 123-133.

[420] Острогорски Г., Аграрне прилике, 78.

наследници не биле во состојба да ја продолжат борбата со големопоседниците, кои на крајот на краиштата ја извојувале победата.

Што се однесува, пак, до населението коешто добивало земјишни поседи и исполнувало воени задолженија по својот етнички состав било мошне шареноликo. Во улога на војници се јавувале Грци, Словени, Арабјани (воени заробеници), Персијци, Ерменци итн.[421]

За оформувањето на институтот на стратиотите и неговиот развој, како и за јакнењето на тематската организација, воопшто, мошне силна улога имал системот на колонизација; а притоа Словените биле меѓу главните негови чинители. Овој систем помогнал да бидат пополнети некои ненаселени или слабо населени области во Империјата, осилувајќи ја стопански, но истовремено и јакнејќи ја домашната војска, која во VI и VII век била помалубројна во однос на странските наемнички одреди.

Во изворите се забележани податоци за три големи преселувања на Словени во М. Азија (каде всушност и се појавува тематското уредување за првпат) и нивно воведување во списоците на стратиотите. Првиот податок се однесува на 665 г., кога, според Теофан, во времето на Констанс II во областите на Империјата навлегол арабјанскиот водач, Абдерахман; словенскиот одред од 5000 војници, кој требало да се бори на византиска страна во текот на судирот преминал на страната на Арабјаните и бил населен во Сирија[422]. Овде очигледно станува збор за оние Словени, коишто истиот император претходно ги преселил во малоазиските области, т.е. по походот од 658 г[423]. Истиот писател истакнува дека во 688/9 г. за време на походот на Јустинијан II против Словените и Бугарите, откако ги поразил дел од нив населил во темата Опсикион[424]. Третото населување се случило за време владеењето на Константин Копроним т.е. во 762 г. и било поврзано со промените на бугарскиот престол. Имено, по доаѓањето на Телец на престолот во

[421] Ангелов Д., История на Византия, 241; Мутафчиев П., Лекции, 180; Успенски Ф., Историја Византијског царства, т. 1, 542-543.

[422] Theophanis Chronographia I, 348. 16-20; Византијски извори т. I, 223.

[423] Документи, т. I, 34.

[424] Theophanis Chronographia I, 364. 11-15; Византијски извори т. I, 226-227; Документи т. I, 40-41.

Бугарија, огромна маса Словени ја напуштиле Бугарија и им пришла на Византијците. Императорот им определил населби во Битинија, каде и порано биле населувани голем број Словени[425]. Овие преселници добивале земја за обработка од државата, а во против услуга биле должни да извршуваат воена обврска.

Како резултат на тематското уредување и институтот на стратиотите, Византија успешно излегла од кризата, која ја снашла во последните години на VI и почетокот на VII век, успеала да излезе од неа наполно препородена. Таа успеала да ги воведе варварите во својот државен систем и истите тие да ги искористи за нејзино јакнење. Ако на Запад варварите биле тие што довеле до пропаст на државата, на Истокот тие одиграле сосема спротивна улога. Нивниот прилив Византија, успеала да го искористи преку аграрниот превrat и новото воено-административно уредување, за зацврстување на својата моќ.

Сé додека траела моќта на тематскиот систем, византиската држава ги живеела своите најславни векови. Но, кога истиот почнал да слабее, се наѕирал полека и крајот на славната Византиска империја.

[425] Theophanis Chronographia I, 432. 27-29; Византијски извори т. I, 231. Сп. и: Божилов И.,-Гюзелев В., История, т. 1, 115.

# ЗАКЛУЧОК

По падот на Јустинијановата реставрација, византиските сили значително биле ослабени. Византија во времетраење од половина век, живеела во перманентна политичка криза. На Балканот византиските провинции биле преплавени од словенските племиња, а источните граници се наоѓале во постојана закана од Персија. Моќта на Византија мошне опаднала како од постојаните надворешни притисоци така и од внатрешните преврати и бунтови. И кога се наоѓала на работ на својата пропаст, за византиската држава пламнала искра надеж од периферијата. Имено, во 610 г. синот на картагинскиот егзарх, идниот византиски император, Ираклиј го симнал од престолот дотогашниот император, Фока и на тој начин ставил крај на неговата влада.

Со доаѓањето на Ираклиј на императорскиот трон во Константинопол, започнало ново поглавје во византиската историја. Многумина учени се согласни дека токму со овој владетел започнала византиската историја во вистинската смисла на зборот. Ако за време на Јустинијан I, биле направени извесни отклонувања од стариот Диоклицијново-Константинов систем, за кој бил карактеристичен принципот на строга подвоеност на цивилната и воената власт; а во времето на Маврикиј преостанатите византиски поседи по падот на Јустинијановата реконквиста, биле организирани во посебни воени наместништва под раководсво на егзарх, во чии раце била сконцентрирана воената и цивилната власт, тогаш со Ираклиевите реформи целосно се раскинало со старото уредување и било воспоставено ново. Тоа ново воено-административно уредување е познато како тематско уредување, коешто за првпат се појавило во VII век во малоазиската област Битинија и постепено ја заменило старата провинциска поделба на Империјата. Провинциите не исчезнале веднаш туку извесно време егзистирале паралелно со системот на темите, постепено стопувајќи се во него.

Терминот “тема” првин означувал воен одред, а потоа се пренел и на областа каде што бил сместен тој одред и на тој начин административните области почнале да се означуваат како теми. Тематското уредување својот назив го добило по највисоката воено-административна единица - тема. Но, истовремено со темите биле формирани и нижи едини на тематското уредување, кои со текот на времето биле издигнати во ранг на теми. На чело на темите стоел тематски управник, наречен стратег. Тој бил назначуван од страна на императорот и во неговите раце била сконцентрирана сета воена и цивилна власт во темата.

Изградбата на тематската организација претставува процес, а тој процес започнал токму на оној дел од Византиската империја т.е во Мала Азија, во којшто Византија и покрај персиските упади, сé уште можела да ја држи ситуацијата под контрола.  Напротив, Балканот се претворил во низа Склавинии, каде што византиската власт не можела да се оддржи. Од тие причини првите теми: Анатоликон, Опсикион, Ерменијакон и темата на Карависијанците биле формирани токму во Мала Азија, додека пак, на Балканот, дури кон крајот на VII век биле формирани само, две теми: Тракија и Хелада.

Првите резултати од воведувањето на новиот систем се почувствувале во одлучувачката војна со Персија, во која Византија ја срушила нејзината моќ за сите времиња. А во борбата со новиот византиски непријател, Арабјаните, малоазиските теми биле главната бариера на византиските граници.

Втората покрупна фаза од изградбата на тематската организација се карактеризира, од една страна со поделба на големите малоазиски теми, а од друга страна на Балканот се формираат нови теми, како резултат на повторното воспоставување на византиската власт во областите завземени од Словените.

Една од најсилните причини за делбата на големите малоазиски теми била опасноста од концентрација на големи воени контингенти во нив, раководени од страна на еден стратег. Токму располагањето со значаен број на воени сили му давале можност на стратегот да ја искористи својата моќ, да се побуни против императорот и да го загрози неговиот престол.

Поради тие превратнички цели, кои ги имале стратезите на големите теми, се јавила потребата да се намалат нивните територии, а соодветно и воените контингенти стационирани во нив. Но, освен тоа што биле намалувани на тој начин, можностите за узурпации, со поделбите на темите се постигнувала и поголема еластичност и ефикасност на копнената и поморската армија.

Тематското уредување утврдено како процес, својот мошне долг развоен пат го завршува со последната кулминациона фаза на унификација. Унификацискиот процес, пак, од своја страна се одвивал на преминот од IX во X век, а се завршил кон средината на X век. Подрачјето на темите во текот на X век се поклопувал со подрачјето на старите провинции. Во овој период настанало униформирањето на провинциското уредување и како воено-административни единици се јавуваат само темите, а на нивно чело стојат стратези. Сите нижи единици биле подигнати во теми до средината на X век. Додека пак, од втората половина на X век, започнал период на енормно зголемување на бројот на темите и најчесто заради потребите, кои ги наметнале околностите тие биле образувани во вид на крупни агломерати, познати во науката како дукати или катепанати.

Македонските области, во тематскиот систем на Византија до крајот на IX век биле вклучени преку темите: Македонија (еден дел од неа), Солун и Стримон. Во втората половина на X век биле формирани уште неколку нови теми и тоа: Стримон-Крушево, Нов Стримон, на северозапад од Солун во тема била подигната бившата Склавинија, Драгувитија; а на запад од Солун тематско уредување добиле и градовите, Верија и Едеса. По ликвидацијата на Самуиловата држава т.е. по 1018 г., македонските области биле целосно вклучени во тематскиот систем на Византија. Поточно оној дел од Македонија, кој во периодот од 971-976 г. не бил вклучен во тематската организација, сега бил организиран во посебна тема, наречена катепанат-Бугарија, којшто пак, од своја страна бил поделен, веројатно на помали единици-стратегии.

Заради големата територија на која се простирала византиската држава, а со оглед на тоа што располагала и со мошне бројна армија,

организацијата во темите, претставувала еден сложен хиерархиски поставен систем од команден кадар. Тој команден состав бил така хиерархиски организиран за да може полесно да ги координира дејствијата на армијата, а таа пак, од своја страна, да биде во состојба да постигне што е можно поголема ефикасност.

Најголемата заслуга на византиската влада била во тоа што успеала да ја поврзе воената служба со ситниот земјопосед и на тој начин да си ги обезбеди потребните регрути. Токму на таа врска се темелела постојаноста и виталноста на тематскиот систем. Институтот на стратиотите поддржан од системот на колонизацијата му дал поголема цврстина на новиот воено-управен систем. Византиската држава во периодот од VII до првите децении на XI век, својата воена и економска моќ ја темелела токму врз ситниот земјопосед, со оглед на тоа што војникот-селанец (стратиотот) ја обезбедувал потребната војска, а обичниот селанец ги обезбедувал потребните државни даноци. Стратиотот, којшто добивал земја од страна на државата за негова издршка и наоружување бил обврзан на повик од државата, да се јави во својот воен одред со потребното оружје и со еден коњ. По смртта на стратиотот, имотот врз кој имал условна сопственост го наследувал неговиот син, којшто пак, заедно со имотот ја наследувал и обврската на воената служба.

Животот на стратиотот во основа бил ист како и животот на обичниот селанец, па затоа стратиотот и селанецот припаѓале во една иста категорија на население, а најчесто живееле и во една иста селска општина. Разликата меѓу стратиотот била во тоа што, стратиотот бил заначително помалку оптоварен со државни даноци и задолженија од обичниот селанец, а добивал и одредена плата.

Тематското уредување, кое се потпирало на византиските внатрешни сили одиграло мошне значајна улога за византиската држава. Дека ова уредување било најдобро за своето време докажува како неговата виталност, така и воената моќ на Византија, одразена во нејзините воени успеси прво против Персијците, а потоа и против Арабјаните и Бугарите во текот на VII, VIII и IX век. Во тоа всушност, и се состоеле суштината и

значењето на овој долготраен и напорен процес на изградба на тематскиот систем. Овој систем, ја добил задачата да ја избави државата од кризата во која се нашла и тоа го исполнил на најдобар можен начин, целата за која бил наменет системот ја постигнал во целост.

Постепената консолидација на византиската власт во одделни области најјасно се одразила токму во изградбата на тематската организација и создавањето на нови тематски единици. Односно, таму каде што постоела византиска управна власт постоело и тематското уредување, онаму каде што немало теми немало ни вистинска византиска власт.

Тематското уредување како воено-административен систем на византиската држава со својот полн капацитет егзистирало до почетокот на XI век, кога почнало постепено да го губи своето значење и квалитет, заради новите околности во кои се нашла Византија. Имено, времето како минлива категорија си го направило своето, штом настапило на сцена големопоседништвото основите на тематското уредување биле длабоко поколебани. Феудализмот итајќи кон својата цел, достигнување на својот највисок степен во развојот, почнувајќи од XI век, предупредил дека животниот век на темите се билижел кон својот крај. Постепеното опаѓање на овој систем за Византија значело збогување со славните воени подвизи, карактеристични за претходните векови. Со распаѓањето на тематското уредување се распаѓала и самата држава за на крајот целосно да пропадне под ударите на непријателите.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ИЗВОРИ:


- A collection of the dated Byzantine lead seals, ed. N. Oikonomidès, Washington 1986.
- Византијски извори за историју народа Југославије, т. 1. Обрадили Ф. Баришић, М. Рајковић, Б. Крекић, Л. Томић, Београд 1955.
- Византијски извори за историју народа Југославије, т. 2. Обрадио Б. Ферјанчић, Београд 1959.
- Византијски извори за историју народа Југославије, т. 3. Обрадили Ј. Ферлуга, Б. Ферјанчић, Р. Катичић, Б. Крекић, Б. Радојчић. Уредници Г. Острогорски и Ф. Баришић, Београд 1966
- Constantini Porphyrogeneti, De cerimoniis aule byzantinae I-II, ed. Reiskius, Bonnae 1829-1830.
- Constantin VII Pordhyrogenete, Le livre des cérémonies, ed. A. Vogt. Texte etabli et traduit T.II, Paris 1939.
- Constantino Porfirogenito, De thematibus, ed. A. Pertusi, Vatikano 1952.
- Chronicon Paschale, ed. L., Dindrof, Bonnae 1832.
- Документи за борба на македонскиот народ за самостојност и национална држава. т.1, уред. Х. Андонов-Полјански. Скопје, 1981.
- Einhardi Annales, MGS SS, I, ed. G. Pertz, Hanuverae 1826.196
- Эклога: византийский законодательный свод VIII века, перевод, комментарий Е. Э. Липшиц, Москва 1965.
- Извори за българска история VIII - Гръцки извори за българска история IV, Софија 1961.
- Извори за българска история IX - Гръцки извори за българска история V, Софија 1964.
- Извори за българска история XXII - Гръцки извори за българска история X, София 1980.

- Извори за българска история XXX-Гръцки извори за българска история IX/II, София 1994.
- Константин Багрянородный, Об Управлении империей, текст, превод, комментарий, под ред. Г.Г. Литаврина и А. П. Новосельцева, Москва 1989.
- La vie de S. Philarète, ed. Fourmy M. H. et Leroy M., Byzantion 9, Bruxcelle 1934.
- Le listes de préséance des IX et X siécles, introduction,texte,traduktion et commentaire par N. Oikonomidès, Paris 1972.
- Ljetopis popa Dukljanina, priredio, napisao uvod i komentar dr. Vladimir Mošin, Zagreb 1950.
- Mansi J. D., Sacrorum conciliorum nova et amplissima collectio, Florentiae 1769.
- Печатите от стратегията в Преслав (971-1088), под ред. на И. Йорданов, София 1993.
- Подбрани извори за историята на Византия. Прев. Г. Батаклиев и д-р Ст. Маслев, под ред. на Д. Ангелов. София 1956.
- Theophanis Chronographia I, ed. C. de Boor, Leipzig 1883.
-Тъпкова-Заимова В.,-Пенджекова Р., Византия: през погледа на съвременниците ѝ, Пловдив 2002.
- Schlumberger G., Sigillographie de l'Empire byzantine, Paris 1884.
- Scylitzae Ioannis, Synopsis historiarum. Editio princes. Rec. I. Thurn. Berolini et Novi Eboraci, 1973.

**ЛИТЕРАТУРА:**

- Ангелов Д., История на Византия, т.1, София 1959.
- Ангелов Д., История на Византия, т. 2, София 1968.
- Антолјак С., Доаѓањето на Словените на Балканот, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985.
- Антолјак С., Македонија во IX век, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985.
- Антолјак С., Дали Стримон бил клисура или тема во раниот среден век? Средновековна Македонија, Т.1, Скопје 1985.

- Антолјак С., Самуиловата држава, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985.
- Антолјак С., Вистината за востанието на Комитопулите, Средновековна Македонија, т.1, Скопје 1985.
- Арутюнова-Фиданя В., Административные перемены на Востоке Византии в X-XI вв. К вопросу о кризисе фемного строя, Византиски времeник, (44) 1983.
- Аџиевски К., Пелагонија во средниот век: (од доаѓањето на Словените до потпаѓањето под турска власт), Скопје 1994.
- Банеску Н., Историја на Јустинијан I, Скопје 2003.
- Barišić, F., La siège de Constantinopol par la  Avares et les Slaves en 626, Byzantion, 24, 1954.
- Баришић Ф., Две верзије у изворима о устанку Томи, ЗРВИ Књ. 6 (1960), 145-166.
- Божилов И.-Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век, т.1, София 1999.
- Bréhier L., Les institution de l` empire byzantin, Paris 1970.
- Bréhier L., La marine de byzance du VIIIe au XIe siècle, Byzantion XIX (1949).
- Brooks E. W., Arabic Listes of the Byzantine Themes, Journal of Hellenic Studies, 21 (1901).
- Bury J. B., The Imperial Administrative System in the Ninth Century, With a Revised Texte of the Kletorologion of Philotheos, London 1911.
- Bury, J. B., A History of the later roman empire, from Arcadius to Irine (395-802) vol. I-II, London 1889.
- Bury J. B., A history of the Eastern Roman Empire from the Fall of Irene to the accession of Basil I (802-867), London 1912.
- Bury J. B., A History of the Later Roman Empire from the death of Theodosius I to the death of Justinian, (395-565) vol. I-II, New York 1958.
- Василевски Т., Морската византийска тема Далмация през 805-822 г. и нейното възстановяване од Михаил III, България и Византия (IX-XV век). София 1997.
- Василевски Т., Катепанство и дукство на Паристрион през XI век, България и Византия (IX-XV век). София 1997.

- Василевски Т., Византийската тема Сирмиум-Сърбия през XI-XII век, България и Византия (IX-XV век). София 1997.

- Византийская армия IV-XIII веков, 6. Византийская держава. < http:// byzantion.ru / > .

- Византийский военно-исторический словар. <http://xlegio.ru/pubs/byzant_ voco/suida-nova.htm>.

- Diehl, Ch., L'origine du règime des thèmes dans l'Empire byzantin, Etudes bizantines,1905.

- Diehl Ch.,-Marçais G., Le monde oriental de 395 a 1081, Paris 1936.

- Dostalova R., ΜΕΓΑΛΗ ΜΟΡΑΒΙΑ, Byzantinoslavica, XXVII, Prague 1966 344-350.

- Ћирковић, С. " Насељени градови" Константина VII Порфирогенита , и најстарија територијална организација ЗРВИ (37),1998, 9-31.

- Живковић, Т. Јужни Словени под византијском влашћу (600-1025), Београд, 2002.

- Йорданов И., Моливдовули на Дамян Добромир-дук на Тракия и Месопотамия-ИНМ-Варна 20 (35) 1984.

- Јиричек К., Византиска тема Дирахион, Зб. Константина Јиричека, т.1 Посебна издања одељење друштвених наука САН, књ. CCCXXVI, NS књ.33, Београд 1959.

- Јиричек К., Византиска тема Далмација, . Константина Јиричека, т.1 Посебна издања одељење друштвених наука САН, књ. CCCXXVI, NS књ.33, Београд 1959.

- Kaegi W., Al-Balâdhury and Armeniak Theme, Byzantion 38 (1968), 273-277.

- Каждан Александар П., Город и деревня в Византии в XI-XII вв. Город и деревня в Византии в IX-XII вв. (колективный доклад советских ученых) Rapports du XII congres international des Etudes Byzantines, Ochride 1691, Belgrad-Ochrid 1961.

- Klaić N., Povjest Hrvata u ranom srednjem vjeku, Zagreb, 1971

- Ковачевић, Ј. Аварски каганат, Београд, 1977.

- Коледаров, П. Името Македония в историческата география, София, 1985.

- Курбатов Г. Л., Основные проблемы внутрешннего развитя византийского города в IV-VII вв. Ленинград 1971.

- Laurent V., Le thème byzantin de Serbie au XI siécle – Revue des Etudes Byzantines, Paris, vol. 11, 1957, 185-195.

- Левченко М. В., История на Византия, прев. М. Михов, София 1948.

- Липшиц Е. Э., Город и деревня в Византии в VI- первой половине IX в. Город и деревня в Византии в IX-XII вв. (колективный доклад советских ученых) Rapports du XII congres international des Etudes Byzantines, Ochride 1691, Belgrad-Ochrid 1961.

- Lemerle P., Philippes et la Macédoine orientale à l`époque chrétienne et Byzantine, Paris 1945.

- Лъомерл , П. История на Византия , София 2002.

- Margetić L., "Provincijalni arhonti" Taktikona Uspenskog ( s osobitim obzirom na arhonta Dalmacije) ЗРВИ бр. 29-30, 1991.

- Максимовић, Љ. Организација византијске власти у новом освојеним областима после 1018 године. ЗРВИ (36), Београд, 1997.

- Максимовић Љ., Традиција и иновација у византијској територијалној организацији државе и цркве (IX-Хвек), Трећа југословенска конференција византолога (10-13 мај) Крушевац 2000, Београд-Крушевац 2002.

- Максимовић, Љ. Тематски војници у византијском друштву - прилог новом процењивању проблема, ЗРВИ (39), Београд, 2001/02.

- Меловски Х.-Проева Н., Македонија во делото De thematibus на Константин VII Порфирогенит. Жива антика год. 37, т. 1-2, Скопје 1987.

- Манандян Я.А., Маршруты прсидских походов императора Ираклия, Византийский временник (3), Москва 1950.

- Машкин Н. А., Историја на стариот Рим, прев. Б. Цветковски-Ж. Андреевски, Скопје 1995.

- Мутафчиев П., Лекции по История на Византия т. 1-2, София 1995.

- Оболенски Д., Византијски комонвелт. Београд 1991

- Oikonomidès N., Un taktikon inédit du X siècle, Actes de XII congrés international ( D`études Byzantines, Ohride 10-16 sep. 1961) vol.II, Beograd 1964.

- Oikonomidès N., Constantin VII Porphyrogénète et les thèmes de Céphalonie et de Longobardie. R.E.B 23 (1965) 118-123.
- Oikonomidès N., Les premieres mentions des Thèmes dans la chronique de Theophane, ЗРВИ 16 (1975) 1-8.
- Острогорски Г., Тактикон Успенског и Тактикон Бенешевића. О времену њиховог постанка. ЗРВИ , књ. 2, Београд, 1953.
- Острогорски Г., Аграрне прилике у византијском царству у средњем веку, Привреда и друштво у Византијском царству, Сабрана дела књ. 2, Београд 1969.
- Острогорски Г., Византијски порески систем у старом и средњем веку. Привреда и друштво у Византијском царству, Сабрана дела, књ. 2, Београд 1969.
- Острогорски Г., Пронија. Прилог историји феудализма у Византији и јужнословенским земаљама. О византијском феудализму, Сабрана дела књ. 1, Београд 1969.
- Острогорски Г., Периодизација византијске историје, Сабрана дела књ.3, Београд 1970.
- Острогорски Г., О датуму састављања списа о темама и времену стварања првих тема у Малој Азији, Сабрана дела, књ.3, Београд 1970.
-Острогорски Г., Време постанка тематског уређења, Сабрана дела, књ.3, Београд, 1970.
-Острогорски Г., Равенски егзархат и постанак византиских тема. Сабрана дела, књ. 3, Београд, 1970.
- Острогорски Г., Византијски градови у раном средњем веку, Сабрана дела, књ. 3, Београд, 1970.
-Острогорски Г., Постанак тема Хелада и Пелопонез, Сабрана дела, књ.3, Београд 1970.
-Острогорски Г., Византијско царство и околни свет у VII веку- Сабрана дела, књ. 3, Београд, 1970.
- Острогорски Г., Српско посланство цару Василију II, Сабрана дела књ. 4, Београд 1970.
- Острогорски Г., Византија и Јужни Словени, Сабрана дела књ. 4, Београд 1970.

- Острогорски Г. Историја на Византија, Скопје 1992.
- Панов Б., Средновековна Македонија: Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, т. 2, Скопје 1985.
- Панченко, Моливдовулы, Изв. Русск. Археол. Инст. в К/поле, 9 (1904).
- Пириватрић, С. Византијска тема Морава и "Моравије" Константина VII Порфирогенита , ЗРВИ, (36) Београд 1997.
- Пириватрић, С., Самуилова држава: обим и карактер, Београд 1997.
- Рајковић, М., О пореклу Томе, вође устанка 821-823г. ЗРВИ књ.2 (1953).
-Рајковић, М. Област Стримона и тема Стримон, ЗРВИ (5) Београд 1958
- Рајковић С., Византијска Далмација у спису De administrando imperio- нове дилеме, ЗРВИ, бр. 36, Београд 1997.
- Runsiman S., La civilization Byzantine: 330-1453, Paris, 1952.
- Станковић В., Карактер византијске границе на Балкану IX и X веку, Трећа југословенска конференција византолога (10-13 мај) Крушевац 2000, Београд-Крушевац 2002.
- Стоименов Д., Временна византийска военна администрация в българските земи (971-987/989), Годишник на софискийския университет "Св. Климент Охридски" т. 82 (2), 1988.
- Târkova-Zaimova V., Les frontieres occidentales des territoires conquis par Tzimisces, Studia Balcanika 10, Sofia 1975.
- Успенски Ф. Историја византијског царства, т.1, т. 2, Београд, 2000.
- Ферјанчић Б., Далмација у спису De administrando imperio- врела и путеви сазнања, ЗРВИ, бр. 29-30, 1991.
- Ферјанчић, Б. Василије I и обнова византијске власти у IX в., ЗРВИ (36), Београд, 1997.
-Ферлуга Ј., Ниже војно-административне јединице тематског уређења. Зборник радова византинолошког института. књ. 2, Београд, 1953.
- Ферлуга Ј., Време постанка теме Далмације, Зб. Филозофског факултета у Београду, књ. 3, 1955.
- Ферлуга Ј., Прилог датирању платног списка стратега из "De caerimoniis aulae byzantinae" ЗРВИ 4 (1956) 63-71
-Ферлуга Ј., Византијска управа у Далмацији, Београд 1957.

- Ферлуга Ј., Драч и драчка област пред крај X и почетком XI века, ЗРВИ, 8/2  (1964)
- Ferluga J., Sur la date de la creation du theme de Dyrrachium, Actes du XII congres international D' etudes byzantines, Ochride (10-16 sep. 1961), vol. 1, Beograd, 1964
- Ферлуга Ј., Листа адреса за стране владаре из Књиге о церемонијама, ЗРВИ књ. 12, Београд 1970.
- Ферлуга Ј., Византијско царство и јужнословенске државе од средине IX до средине X в., ЗРВИ књ. 13, Београд 1971.
- Ферлуга, Јадран. О неким аспектима изградње тематског уређења на Балканском полуострву, ЗРВИ, књ. 39, Београд 2001/02.
- Frolow, A., La Vraie Croix et les expèdision d'Hèraclius en Perse, R. E. B. 11, 1953.
- Hussey, J. M., Le monde de Byzance, Paris 1958.

**СОДРЖИНА**


**ВОВЕД** ------------------------------------------------------------------------------ 1

**ГЛАВА ПРВА**

**Предуслови за појавата на тематското уредување** ------------------ 4

1. **Воено-административниот систем во Византија до Ираклиј** --------- 4
2. **Општествено-политичката ситуација на Балканот на крајот од VI и почетокот на VII век** ------------------------------------------------------------ 9

**ГЛАВА ВТОРА**

**Тематското уредување во VII век** ---------------------------------------15

1. **Ираклиевите походи на Персија и појавата на тематската организација** -----------------------------------------------------------------------------15
2. **Првите теми во Мала Азија и на Балканот** ---------------------------------27
3. **Влијанието на тематското уредување врз стопанскиот развој на Византија** -------------------------------------------------------------------------------35

**ГЛАВА ТРЕТА**

**Тематското уредување во VIII и IX век** -------------------------------41

1. **Поделбата на големите малоазиски теми** ------------------------------------41
2. **Втората фаза од изградбата на тематското уредување на Балканот** -51

**ГЛАВА ЧЕТВРТА**

**Тематското уредување во X и почетокот на XI век** ---------------71

1. **Унификација на тематскиот систем** ------------------------------------------71
2. **Македонија во тематскиот систем на Византија** ---------------------------74

**ГЛАВА ПЕТТА**

**Организацијата во темите и институтот на стратиотите** ------- 90

**1. Организацијата во темите** ---------------------------------------------------------- 90
**2. Институтот на стратиотите** ------------------------------------------------------- 98

**ЗАКЛУЧОК** --------------------------------------------------------------------------------107
**БИБЛИОГРАФИЈА** ---------------------------------------------------------------------112